

Гласник на Австралиско–сиднејската епархија при МПЦ – ОА

# ПРАВОСЛАВИЕ

списание за православна вера, култура и образование

Ноември 2017 | број 3 | година I

# ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“

*Почитувани читатели,*

Православниот духовен живот се состои од подвижничко и молитвено посветен живот на Христос Бог во исполнување на Божјите заповеди и редовно учество во светите тајни и Литургијата.
Молитвата е тој воздух во духовниот живот без кој неможеме да живееме. Секој православен христијанин треба да си има свое лично молитвено правило благословено од својот духовен отец, во одредени утренски и вечерни молитви и практикувањето на кратката Исусова молитва: „Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот/грешната!“ Или само „Господи Исусе Христе, помилуј ме!“. Меѓутоа, и тоа не е доволно. Насушно потребно е и да се храниме со телото и крвта Христови во светата Литургија. Затоа е потребен и подвижнички живот и борба со овоземните искушенија и страсти и бдеење над своите помисли и срцето.
При крајот на тринасетиот век, во примракот на православната империја заблескува светлината на исихазмот (молитнено тихување), кое ќе даде потврда на сето досегашно аскетско-исихастичко светотаинско православно предание и основа и дом на идното.
Најзаслужен за тоа е светиот архиепископ солунски Григориј Палама, кој иако посветен и длабоко повлечен светогорски монах, како огнен столб се воздигнува до небото и застанува во одбрана на православната Црква и нејзиниот аскетско-исихастички етос.
Овој број на „Православие“ му е посветен токму на свети Григориј Палама...
Ви посакуваме духовно наслादување и просветление, читајќи го третиот број на „Православие“.

Со почит,
Епархиски црковно – просветен совет







Со благослов на Неговото Високопреосвештенство,
Митрополитот Дебарско–кичевски и Администратор Австралиско–сиднејски
г. Тимотеј

# СОДРЖИНА


2 Предговор
ДО ЧИТАТЕЛИТЕ НА СПИСАНИЕТО „ПРАВОСЛАВИЕ“
Епархиски црковно – просветен совет

4 Беседа
БЕСЕДА ЗА ПОСТОТ И МОЛИТВАТА
Свети Григориј Палама

7 БЕСЕДА ВО 2 НЕДЕЛА ОД ВЕЛИКИ ПОСТ - НА СВЕТИ ГРИГОРИЈ ПАЛАМА
Митрополит Г. Тимотеј

9 Догматика
БОЖЈАТА СУШТИНА И ДЕЈСТВА
П. Богословски

11 Литургиско богословие
ЗА ПОСТОТ И ПРИЧЕСТУВАЊЕТО
Патријарх Српски Павле

13 ON FASTING AND COMMUNION
Serbian Patriarch Pavle

15 Современо богословие
„КАПИТАЛОТ“ НА БЛАГОДАТТА СЕ СПОДЕЛУВА
Презвитер Горан Стојчевски

18 ASCETICISM AND THE CONSUMER SOCIETY
Metropolitan Jonah

23 Житија на Светители
СВЕТИ ГРИГОРИЈ ПАЛАМА (ЖИВОТ И ДЕЛО)
Архимандрит Гаврил (Галев)

31 СВЕТИ АПОСТОЛ ФИЛИП И СВЕТИ ЦАР ЈУСТИНИЈАН
Протојереј – ставрофор Ефтим Бетински

32 Поука
КЛУЧ ЗА РАЗБИРАЊЕ НА ПРАВОСЛАВНИОТ ДУХОВЕН ЖИВОТ
Митрополит Струмички г. Наум

33 A KEY TO UNDERSTANDING THE ORTHODOX SPIRITUAL LIFE
Metropolitan of Strumica g. Naum

34 Детско катче
МОЛИТВАТА Е ШТИТ И ОРУЖЈЕ НА ДУШАТА
Силвана Ѓоргиев

35 Црковна историја
УЛОГАТА НА ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО КОНТИНУИТЕТОТ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ЦРКОВЕН ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА
Митрополит Струмички г. Наум

42 МАКЕДОНЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА ДАДОА ГОЛЕМ ВЛОГ ВО АФИРМАЦИЈАТА НА МПЦ – ОА
Митрополит г. Тимотеј

43 МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА НЕ Е „НОВА“ ЦРКВА
Архимандрит Гаврил (Галев)

48 THE MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH IS NOT A „NEW“ CHURCH
Father Gabriel (Galev), abbot

53 СЕЌАВАЊЕ НА РАДОСТИТЕ – ПАТ КОН ВЕЧНОСТА
Др. Ананија Ананиевски

56 Репортажа
ЗНАЧЕЊЕТО И ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ЛЕОНТИЈ“ - ВОЧОЧА
Архимандрит Гаврил (Галев)

60 Вести и настани
АВСТРАЛИСКО – СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА СО ГОЛЕМА СВЕЧЕНА ПРОСЛАВА ГИ ПРОСЛАВИ ГОЛЕМИТЕ ЈУБИЛЕИ
Одбор за организација на свечената прослава

64 КАНОНИЗИРАН ЗА СВЕТИТЕЛ – ПРЕПОДОБНИОТ АРХИМАНДРИТ ЈОАНИКИЈ ОД РАКОТИНЦИ

67 ЦЕНТРАЛНА ПРОСЛАВА ВО ОХРИД ПО ПОВОД ГОЛЕМИОТ ЈУБИЛЕЈ 50 ГОДИНИ ВОЗОБНОВЕНА АВТОКЕФАЛНОСТ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА КАКО МПЦ

68 ИГУМЕНОТ ГАВРИЛ (ГАЛЕВ) БЕШЕ ПРОИЗВЕДЕН ВО АРХИМАНДРИТСКИ ЧИН

69 Младинска Организација
MOYA SEMINARS, THROUGHOUT THE YEARS
Daniela Zatarkoska

72 Прашања и одговори:
КОЕ Е ЗНАЧЕЊЕТО НА МОЛИТВАТА, ЗОШТО И КАКО ТРЕБА ДА СЕ МОЛИМЕ?
Архимандрит Гаврил (Галев)

73 Поука
КОЈ НИ Е БЛИЖЕН?
Свети Јован Кронштатски

# БЕСЕДА ЗА ПОСТОТ И МОЛИТВАТА

*Свети Григориј Палама*

Вистината и цврстата вера, усогласени и едномислени со нашите богоносни Отци, претставуваат крајна цел на Божествените догми, на истрајната работа на нив и созерцанието. Меѓутоа, за дејствувачката добродетел тоа не претставува крај, дури може да се рече дека тоа е нејзиниот почеток, која ако не се споИ со крајот кој ѝ соодветствува, ќе биде причина за уште поголема осуда за оној, кој ја привлекол кон себе, бидејќи е речено: *А оној слуга, кој ја знае волјата на својот господар и не се подготвил и не постапил според неговата волја, ќе биде многу биен (Лука 12,47).* Така, за добродетелта која дејствува не е доволно знењето за неа и за вистината, туку стореното добро е тоа, кое го претставува нејзиниот крај.

Според тоа, кога ќе видиме луѓе кои се непоколебливи во доброто кое го познаваме, кои го претвораат во дело и по патот на делата стануваат добри, не допуштајќи никаква отстапка од правилното верување кое го носат во душата, со правилни постапки, целомудреност, воздржување и слични работи, за таквите нема многу да зборуваме. Кому не му е познато дека секоја од овие добродетели, а посебно животот во воздржание, кои, како што сите знаеме од личното искуство, им носат голема корист на душата и телото. Меѓутоа, ова многу го знаат, и тоа многу добро, но острастеноста и гневот ја надвладуваат нивната добра волја, како што вели апостолот: но во органите свои гледам друг закон, кој војува против законот на мојот ум и ме прави заробеник на гревовниот закон, кој е во моите органи (сп. Рим. 7,23). Затоа браќа, ние вас постојано ве советуваме за да ве исправиме и без скршнувања и со правилно размислување да се зафатите со вршење на добри дела и така со нивно познание да додадете и добар крај. *Здрав разум,* вели Давид, *имаат сите кои според мудроста постапуваат (Псалм 110,10)*, и: *правдата Негова е од синовите на синовите, кои го чуваат Неговиот завет и ги помнат Неговите заповеди, за да ги исполнуваат (Псалм 102,18).* Павле, повторно, вели: *пред Бога не се праведни оние, што го слушаат законот, туку ќе бидат оправдани само оние, што го исполнуваат законот (Рим 2,13).* Господ, пак, на двајцата им вели: *Кога го знаете ова, блажени сте, ако го извршувате (Јован 13,17).*


На врвот на Света Гора

Браќа, да дојдеме со посредство на прекрасни дела до даровите на постот и добрите дарови на воздржанието; со добрите дела да ја потврдиме својата добра волја кон нив (постот и воздржанието). На дело да покажеме какви плодови донесуваат тие, бидејќи дрвото по плодот се познава. Меѓутоа, земјоделецот што се труди, прв треба да вкуси од плодот. Разбери што зборувам ( сп. 2. Тим. 2,6-7), вели апостолот. Така секоја добродетел ги чисти и украсува или душата, или телото, поточно кажано – само некој дел од душата или телото. Да речеме, молитвата и знаењето го украсуваат и чистат умот, кроткоста го зауздува гневот, целомудреноста (чистотата) ја гаси лакомоста. Постот и воздржувањето го смируваат бунтот на телото, лудоста на гневот и ја смируваат страсната желба, создавајќи во умот чисто и ведро небо без ниту едено облаче и ја чистат душата од испарувањата кои се јавуваат како резултат на прејадувањето и затемнувањето кое оттаму доаѓа. Благодарејќи на постот и воздржанието, надворешниот човек копнее, а во согласност со тоа колку тој копнее, внатрешниот човек се обновува, ако што вели апостолот. Некој кажал дека преполниот желудник не раѓа истенчен ум; според тоа, сразмерно на тоа колку човекот станува истенчен со помош на постот и воздржанието, толку истенчен (просветлен) станува и неговиот ум.

На тој начин, сè што е прекрасно и добро, успеш-

но се доведува до крај и завршува. Постот и воздржанието се двојни ѕидини, и оној, кој живее внатре во нив се насладува со големо спокојство, како да се наоѓа во Ерусалим, бидејќи Ерусалим во превод значи мир. И еве, во освојувачки поход под овие ѕидини стигнува „архи – готвачот" на вавилонскиот кнез! Таму, каде што ќе забележи дека ѕидините внатрешно не се беспрекорно заштитени, навалува и ги руши со илузиите на готварските вештини, како со борбени машини за пробивање.



Оние, пак, кои се наоѓаат во овие ѕидини, не само што ги презираат разновидните јадења, туку, за да заштедат, сами си месат леб. Поточно кажано, тие, благодарејќи единствено на воздржанието, ги срушиле мадијамските шатори. Токму тоа го изобразува расказот за Гедеон: *Сонив дека еден тркалезен јачменов леб се тркала по медијамскиот логор (сп. Суд. 7,13).* Лебот од јачмен ја претставува скромноста и воздржувањето на оние, кои војувале заедно со Гедеон дури и во поглед на неопходното јадење. И, откако се отркала до шаторот, удри во него така, што тој падна, го собори, и шаторот се растури, се вели во продолжението. Медијамскиот шатор, соборен од јачменовиот леб (според нас) ја претставува големата желба на грлото и стомакот чии гневни побарувања ги отсекува постот и скромната трпеза. Оној сакан човек, Данило, не само што со тесто го убил змејот, господ на оние, кои бог им е стомакот, туку, не вкусувајќи го посакуваниот леб и не пиејќи вино во текот на многу недели, имал нови веденија и бил удостоен со архангелско надгледување.

Така постапил Данило. Напротив, незаситниот и неблагодарен народ велел: Кој ќе не нахрани со месо (сп. 4. Мој. 11,4)? Меѓутоа, толку се наситиле со месо што од нос им излегло, заболеле од лоша болест. И се разгоре, вели, гневот Господов против народот, и Господ го порази народот со голем пораз. „Гробовите на алчноста" (лакомоста и сластољубието) за кои се зборува на тоа место (сп. 4. Мој. 11,33-34) го означуваат споменикот на Божјиот гнев над тие луѓе. Гледајќи на овој споменик, да бегаме од стомакоугодувањето и да го прегрнеме воздржувањето, да ги засакаме овие денови на постот, бидејќи тие придонесуваат телото да ѝ биде послушно на душата и го просветлуваат умот, поради што тој брзо се вознесува кон Бога. Јован, Претечата на благодатта, во текот на целиот живот се хранел со скакулци и див мед. Петар употребувал само солени маслинки, грав и овошје. Што, пак, можеме да речеме за Павле, кој вели: *Во труд и мака... во многу постење (2. Кор. 11,27)?*

Периодот на четириесетдневниот пост не го опфаќа целиот твој живот. Освен тоа, од ден во ден заоѓањето на сонцето го ограничува твојот пост. О, зар не им е лесно на сите, зар сите не се способни за ова воздржување од храна?! Оброците нека бидат во согласност со постот, за ни оној, кој умерено се воздржува од храна и умерено јаде да не биде многу позади оној, кој гладува. Ти, можеби, се грижиш за телото и го избегнуваш постот мислејќи дека тој те исцрпува? Напротив! Токму прејадувањето предизвикува болки во коските, главоболка и други болести додека постот е мајка на здравјето. Покрај тоа, против своето тело не греши само блудниот, туку и ненаситниот, бидејќи го прави телото слабо и болно.

Бидејќи невоздржанието се појавува низ сите сетила, тогаш на сите нив ќе им наложиме воздржание. Ако постиш во поглед на храната, а очите те наведуваат на прељуба во скриените одаи на душата, на радозналост и на клевета, ако ушите те наведуваат да слушаш навреди, лоши песни и злобни дошепнувања, ако и со останатите сетила се изложуваш на работи кои ти штетат на нивен својствен начин, тогаш каква е корист од постот? Се разбира, никаква! Ти, на пример, бегаш од едно зло, но со посредство на сетилата отвораш влез за оние другите. Ние сме составени од душа и тело; ние, значи, немаме само тело, туку и душа која се состои од повеќе делови (бидејќи таа има хранителен, желбен, волев и разумен дел). Заради тоа, вистински е само оној пост кој се однесува на сите, кој сè чисти и сè исцелува. Исцелувањето на душата со постот е слатко и човекољубиво, поради што нашите Отци заради нас и го воспоставиле во овие денови.

Значи, ако неразумно се однесуваме кон постот, нè очекуваат пеколни маки, отсекување и горење, бидејќи Христос неисцелените ќе ги отсече и предаде во неугасливиот оган на вечна казна. И како што некогаш не сме постеле во Рајот, па сме биле протерани во овој многустрадален живот, така и сега, ако не постиме и ако, согласно своите сили, не живееме во воздржание, ќе бидеме фрлени во неугаслив и неподнослив пекол.

Вратете се деца – отстапници, вели Господ ( сп. Јерем. 3,14)! Ништо потполно не содејствува со Божјата милост кон преобразените како постот, на што не учи овој пример на преобразените Ниневјани. Ништо, пак, така не ги умртвува како стомагоугодувањето, а тоа го покажува Оној, Кој зборува за преобразување на блудниот син: *овој мој син мртов беше и оживе изгубен беше и се најде (Лука 15,24).* Блудниот син одбра свински живот, се насладуваше со свинска кал, изедначувајќи се со свињите и заличувајќи на нив, соблекувајќи го од себе Божјото подобие. Големиот Јов вели дека

тој се уподобил не само на животните, туку и на потполно нечувствителната мочуришна билка, на дивите треви, папирус и трска, меѓу кои живее левијскиот сештојад. Давид оваа влага ја прогонил така што живеел во воздржание, поради што и вели: *Силата моја се исуши како цреп... а коскитe мои се исушија како суварки... колената ми се изнемоштија од пост, а телото мое поради недостиг од масло (сп. Псалм 21,15; 101,3; 108,24)*. Променувајќи се самиот себеси, ја измени и „Божјата десница" (Божјата одлука за него) и целиот Му се предаде Нему, во сè гледајќи Го пред себе и имајќи Го пред себе дури и во помислите на срцето.



Љубени, ова и ние ќе го правиме, и не само што ќе го оддалечиме од себе размазениот и разнежнетиот начин на живот, туку нашиот пост, молитвата и псалмопеењето ќе ги извршуваме како да е тука присутен и како да нè надгледува Самиот Бог. Така ќе знаеме дека ниту постот, ниту псалмопеењето, ни молитвата не можат да нè спасат сами од себе, туку дека нè спасуваат кога ги извршуваме пред Божјите очи. И како што сонцето ги грее оние, кои ги осветлува, така и Божјите очи нас нè осветуваат кога нè гледаат.

Сè ова, пак, го извршуваме пред Божјите очи тогаш, кога умот внимателно Го набљудува Него и кога, гледајќи на Него, постиме, пееме псалми и се молиме. Меѓутоа, ако во текот на молитвата и псалмопеењето умот понекогаш ни се вознесува кон Бога, а понекогаш е расејан, тоа значи дека сè уште потполно не сме се предале на Бога и дека целта на она, што го правиме не е само и единствено Божјиот закон. Значи, во онаа мера во која отстапуваме од од праведните дела, во таа мера не можеме да опстанеме пред Божјите очи, како што е речено: *беззакониците нема да излезат пред Твоите очи (Псал. 5,5)*. Ние, кои лежиме во рани, Го повикуваме Господ, Кој може да стави лек и завои на нашите рани.

Ве молам да не си дозволиме да се предадеме, и со постот, молитвите, солзите и на секој друг начин, да Го повикуваме сè додека не ни се приближи и додека не нè исцели. Да покажеме и со дела дека сме толку богати, така што за Младоженец Го имаме Христос, Кој со надеж Го очекуваме, иако сега е далеку од нас и се крие на Небесата. Но, ќе дојдат дни кога младоженецот ќе се оттргне од нив, па тогаш и тие ќе постат (сп. Матеј 9,15). Оттука е очигледно дека оние, кои Христос ги повикува мораат цел живот да го поминат во воздржание и во пост, очекувајќи Го во добра надеж, Неговото страшно Второ доаѓање.

Сите ние да се удостоиме со овој блажен и бесмртен живот, со благодатта и човекољубието на Господ наш Исус Христос, Кому Му доликува секоја слава, чест и поклонение, со беспочетниот Негов Отец и пресветиот и благ и живототворен Дух, сега и секогаш и во сите векови. Амин.

"

МОЛИТВАТА И ЗНАЕЊЕТО ГО УКРАСУВААТ И ЧИСТАТ УМОТ, КРОТКОСТА ГО ЗАУЗДУВА ГНЕВОТ, ЦЕЛОМУДРЕНОСТА (ЧИСТОТАТА) ЈА ГАСИ ЛАКОМОСТА.

"

# БЕСЕДА ВО 2 НЕДЕЛА ОД ВЕЛИКИ ПОСТ - НА СВЕТИ ГРИГОРИЈ ПАЛАМА

*Митрополит г. Тимотеј*



Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух!
Драги браќа и сестри!

Денес светата Православна Црква го прославува споменот на свети Григориј Палама. Црквата го нарекува чудотворец и светилник на православието, тврдина и учител на црквата, непобедлив богослов над богословите, пофалба на солунјаните, благодатен поборник и молитвеник пред Бога за нашите прегрешенија - воопшто црквата немала доволно зборови да го опише неговиот свет и благоугоден живот, и неговите заслуги за Црквата. Сето она што може да ја украси душата на христијанинот: силната вера, милосрдието, пламената молитва, испосничките подвизи, телесната и духовна чистота и подготвеност да се жртвува за верата, сето тоа свети Григориј го имал. Средината на 14 век, во кој живеел овој Божји угодник, бил исполент со големи бранувања на Црквата. Имено, во света Гора живеел некој монах Варлаам од Италија, поточно од Калабрија, кој почнал да учи погрешни учења. Така Света Гора станала место на расправии помеѓу монасите. Свети Григориј станал силно во одбрана на вистинската вера и затоа Црквата ќе го нарече тврдина и учител на Црквата
Свети Григориј не оставил податоци од каде е, и кој е, раководејќи се дека Бог сѐ знае и тоа не е важно, според монашките завети, да расправа за својата биографија, така што тој дел ќе отиде во гроб со смртта на овој Божји угодник. Но сепак знаеме дека бил од богат род, близок до царскиот двор во Цариград и таму го поминал детството со децата на царот. Но, тоа не го привлекувало и, кога наполнил 20 години, го напуштил дворот царски и се повлекол на Света Гора. Го избрал за свој духовен учител и раководител некој монах Никодим кој бил прочуен како строг испосник и подвижник. Така поминал долги години во строг пост, молитви и молчание. Свети Григориј се покажал како еден од големите заштитници на постот и му давал големо значење во нашето душевно очистување и духовно препородување. Преку постот, молитвите, созерцание и други испоснички подвизи, светогорските монаси толку се очистувале од сѐ што е телесно и толку го одухотворувале телото, што се удостојувале да ја созерцаваат Божјата светлина, каква што ја виделе апостолите на планината Тавор при Преображението на Господа Исуса Христа. Во тоа и се состоела славата на Атонските монаси.
На ова учење се спротиставувал монахот Варлаам од Калабрија и го нарекувал дека е тоа лага и слично. Со тоа предизвикал цела лавина на расправии помеѓу светогорските монаси. Така Атос, место да биде место мирно, спокојно за молитва, пост и подвизи, станал место за расправии и препирки. Црквата била принудена да свика два Собора во Цариград, каде било разгледано учењето на Варлаам и било осудено. Во расправата бил повикан од Света Гора и Григориј Палама што дал голем придонес во разобличување на оваа лажно учење. На основа на св. Писмо докажал дека преку постот и молитвата може да се достигне до такво духовно совршенство и созерцание, да може да се гледа Божествената светлина, како што ја виделе апостолите за време на Преображението Господово. Постот и молитвата водат кон праведност. Тоа се крилата кои ја издигнуваат душата до светост. Не е напразно речено за праведниците во

св. Писмо: “Праведниците ќе засветлат како сонце”. На основа на излагањето на Григориј Палама Соборот во Цариград го осудил лажното учење на Варлаам и го нарекол дека е еретичко. Тоа се случило за време на Византискиот император Андроник.

Свети Григориј Палама се пројавил како ревносен заштитник на православието не само со збор туку и со својот личен живот, тој се прославил, како кај верниот народ, така и кај духовништвото, но и кај Византискиот император. По желба на народот и локаните власти бил поставен за архипастир на Солун, кој во тоа време бил без архиерej. Тој како архиереј уште повеќе се прочул и уживал општ почит кај сите, па дури и на Царскиот двор во Цариград. Во тоа време се случило некое недоразбирање во Царскиот двор и барале Григориј да интервенира. Така тој се упатил во Цариград и ја смирил таа бура што настанала во Византискиот двор. Еднаш, патувајќи за Цариград, бил пресретнат од Сарацените и бил заробен и држен во ропство, но и таму проповедал и таму придобил повеќе души и бил ослободен. По враќањето пак ја зазел Солунската катедра, но по неколку години се упокоил од подвизите и измачувањата во заробништвото. Од голем почит кон овој светител, и ревнител Христов за Црквата Божја, еднодушно било одлучено во Втората недела од Великиот пост да се прославува споменот на свети Григориј Палама, како голем учител и носител на мир помеѓу светогорското монаштво. Испосничкиот живот на денес празнуваниот свети Григориј Палама нека ни послужи за најдобар пример, но и образец за држување на деновите преку Велигденскиот пост. Слично на него да го пазиме и почитуваме постот, како што ни доликува на вистинските христијани, без да го посветуваме вниманието на лекомислените луѓе кои без да ја познаваат верата, го одрекуваат постот и молитвата. Да запамтиме дека постот дава торжество на духот над материјата; постот ја зацврстува верата - таа невообичаена духовна сила, која само таа на човек му дава поголемо достоинство, издигнувајќи го над земните влекачи, а истовремено го доближува до Бога. Да не заборавиме дека Црквата го нарекува постот “чудесно оружие” кое го направи Мојсеј да биде Боговидец; пророкот Илија да се вознесе на небото со огнена колесница; апостол Павле - да биде издигнат до третото небо, односно уште за време на животот бил однесен во рајот, а денес празнуванот Св Григориј Палама - да достигне преку постот до такво духовно созерцание, што можел да ја види Божествената светлина, како што ја виделе апостолите на Тавор при Преображението на Господа. Да се помолиме на св. Григориј Палама да нè зацврсти во постот и молитвата и да нè избави од секави лоши мисли и дела кои што имаат за цел да не ослабат во постот и молитвата. Амин.

*04.03.2007 година,*
*2 недела од Велики Пост,*
*Капела свети Григориј Палама,*
*Манастир Свети Георгиј, с.Рајчица - Дебар*



Манастир Свети Георгиј, с.Рајчица - Дебар

# БОЖЈАТА СУШТИНА И ДЕЈСТВА

*П. Богословски*



Три нешта постојат во Бога:
*Суштината, дејството и божествените лица на Светата Троица.*
*Свети Григориј Палама*

Со името на свети Григориј Палама1 - архиепископот Солунски, се поврзува разрешувањето или поточно речено догматското формулирање на еден мошне значаен богословски проблем, имено, правењето разлика меѓу суштината Божја и енергиите или благодатта, односно карактерот на Таворската светлина. Преку неговиот судир со калабрискиот философ Варлаам и неговиот истомисленик Акиндин, кои категорично негирале секаква можност за боговидение и заедница со Бога во Црквата – ние денес го имаме јасно учењето за богогледањето – преку несоздадените енергии (благодат или светлина). Свети Григориј Палама врз основа на Христоцентричното искуство на Светите отци застанал во одбрана на исихастите.

Бога Го познаваме преку Неговите дејства (несоздадени енергии - благодатта), а во суштина Он ни останува недостапен. Суштината Негова е недостижна за нашиот разум.
Јасни се сведоштвата во Светото Писмо:
*„Бог живее во непристапна светлина, ... никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види“ (1. Тим. 6,16);*
А на друго место се вели:
*„Блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бога“ (Матеј 5,8).*
Зарем си противречат овие два цитати? – Не! Првиот токму зборува за непознатата за нас Божја суштина, а другиот за Божјите дејства, кои можеме да ги познаеме.
Бог преку своите дејства (енергии) слегува до нас, ни се дарува, нè закрепува, нè љуби, останувајќи и понатака во суштина недостапен.

## Односот меѓу суштината и дејствата (енергиите)

Суштината и дејствата се разликуваат едно од друго, но се неразделни. Немало време кога суштината била, а дејствата не биле. И тие се вечни, несоздадени.
Има една прекрасна споредба за односот меѓу суштината и дејствата (енергиите): Бог (суштината) е присутен во енергиите Свои „како во огледало“, останувајќи и понатаму невидлив; „исто како што нашиот лик може да се види во огледалото, но остану-

*1 Големата духовна и интелектуална личност на православна Византија, Григориј Палама – монах, архиепископ и еминентен богослов – најголемиот дел од својот активен живот го посветил на богословскиот спор фокусиран на една основна вистина: Живиот Бог е достапен на личното искуство, бидејќи Он го споделил Својот живот со човечкиот род.*

вајќи и понатаму невидлив за нас".
Дионисие Псевдо – Ареопагит и Светите отци: Божјите дејства (енергии) ги нарекуваат „зраци на Божеството", а свети Григориј Палама ќе ги нарече „несоздадена светлина" или „благодат".
Каква е душеполезноста за нас од Божјите дејства (несоздадените енергии)?
Преку нив ние се соединуваме со Бога.
Тие се присутни во нашето битие, во нашата душа, тие го преобразуваат нашето тело од материјално во духовно.

## За несоздадените енергии или благодатта

Благодатта е несоздадена енергија или дејство Божјо, кое извира од Божјата суштина. Таа енергија или сила
ни се дава за спасение1 и осветување2. „По благодат сте спасени" (Еф. 2,8). Ни се дава преку Светиот Дух.

### А) Неопходноста од благодат

Благодатта е неопходна за спасение. Без неа ништо не можеме да правиме.
Не можеме ниту макар првите чекори да ги направиме кон нашето спасение: „Без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15,5). Благодатта ја побудува нашата волја – таа е првиот фактор што ја раздвижува волјата кон спасение.
Но, благодатта е неопходна не само за првите чекори (односно започнувањето) на спасението, туку и за цело време на нашиот пат кон спасението, односно целиот живот. „Бидете во Мене, и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама по себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене" (Јован 15,4).
И Светите отци ни зборуваат за неопходноста од благодат:
„Човекот без благодат е како сува земја, без влага" – свети Иринеј Лионски;
„Како што рибата не може да живее без вода, ... така и ние без соработување со силата Божја не можеме да ги разбериме тајните на премудроста Божја" – свети Макариј Велики
Значи, без помошта на благодатта, не можеме ни да поверуваме во Бога, ниту добри дела да правиме, односно не можеме да се спасиме.
А човекот што треба да прави? – Да соработува со неа: „Со благодатта на Бога сум тоа што сум, и Неговата благодат, која е во мене не остана празна, но повеќе се потрудив од сите нив" (1. Кор. 15,10).

### Б) Благодатта се дава како дар

Благодатта се дава како дар, односно не поради тоа што ние сме заслужиле, а поради љубовта и добрината на Бога.
Сведоштво за тоа имаме во Посланието до Римјаните: „Ќе се оправдаат преку дар, со Божјата благодат" (3,24).
Таа ни се дава не поради нашите заслуги (зошто ние не можеме да ја заслужиме), а поради заслугите на Исуса Христа.

### В) Универзалноста на благодатта

Ова нејзино својство ни говори дека таа им се дава на сите луѓе, без исклучок. Зошто? – затоа што Бог „сака луѓето да се спасат и да ја познаат вистината" (1. Тим. 2,4). Затоа што Христос пострада за сите луѓе.
„Како што изворот на вода е достапен секому, така и изворот на благодатта не е затворен за никого" – свети Ефрем Сирин.
Таа им се дава на праведниците (за нивно напредување во доброто) и на грешниците (за нивно обраќање).
Но, се поставува прашањето: Ако им се дава на сите, зошто тогаш едни се спасуваат, а други не? – Затоа што едните соработуваат со неа, а другите – не. Отука и вистината дека: Благодатта не врши насилство на нашата волја.

### Г) Благодатта и нашата волја

Како што рековме, благодатта не врши насилство врз нашата волја. Спасителот никого не присилува , а вели: „Ако некој сака да врви по Мене, ... (Матеј 16,24).
И Светите отци ни сведочат за тоа: „Благодатта никого не присилува; ако Бог сака, а ние не сакаме, нашето спасение не возможно е".
И како заклучок: Благодатта на сите им се нуди, но никому со сила не му се надметнува.

---

1 *Според свети Кирил Ерусалимски - благодатта и човекот соработуваат во спасението: „Божјо дело е да посади и залие, а твое е род да донесеш".*

2 *Покрај верата и добрите дела и благодатта е начело на осветувањето.*



# ЗА ПОСТОТ И ПРИЧЕСТУВАЊЕТО

*Какво значење има Светата Причест за духовниот живот на христијаните, јасно е од зборовите на самиот Господ:*

*„Јас сум живиот Леб кој слезе од небесата. Кој јаде од овој Леб ќе живее вечно... Ако не го јадете Телото на Синот човечки и не ја пиете крвта Негова, нема да имате живот во себе. Кој го јаде Моето Тело и ја пие Мојата Крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Затоа што Моето Тело е вистинското јадење и Мојата Крв е вистинското питие.“*

*Патријарх Српски Павле*

Поради потполната вера во овие Господови зборови, првите христијани итале кон Светата Причест, не по некоја наредба, туку од непосредното чувство дека без Него неможат да живеат духовно, исто така како што човек не дише по наредба, туку спонтано, чувствувајќи дека без воздухот се задушува и умира. Секоја недела и празник оделе на Светата Литургија и на повикот на ѓаконот: „Со страв Божји, вера и љубов пристапете!“, сите по ред пристапувале и се причестувале. Тие притоа потполно чувствувале дека пристапуваат кон најдлабоката тајна на нашата вера и кон најголемиот дар на Божјото милосрдие, па се труделе кон Сесветиот и Пречист Бог во Светата Причест, да пристапуваат во чистота и светост на срцата и душите. Се нарекувале „светии“ и навистина биле свети; се чувале од секаков грев, бидејќи знаеле дека „оној кој прави грев, роб му е на гревот“, дека гревот го свртува човекот во правец кој води спротивно од Бога, ја валка душата и ја прави неспособна за Светата Причест. Оној којшто, сепак, паѓал во грев, веднаш се подигал, со исповед ја чистел својата душа од гревот, за да не ја прими во нечистота Светата Причест. „Затоа што оној кој недостојно јаде и пие од оваа чаша, ја јаде и пие својата осуда, не разликувајќи ги Телото и Крвта Господови“.

Во исто време, христијаните свето ги држеле правилата на постот, знаејќи дека постот е божествено устројство, затоа што уште во Стариот Завет Бог го наредил постот како „вечна наредба“. Во Новиот Завет, самиот Господ Исус Христос постел и рекол дека и Неговите ученици ќе постат. Постеле и светите Апостоли и сите светии. Постот го држеле во одредено време, заради потребата од пост, а се причестувале заради потребата од Причест — постојано, како за време на постот, така и за време на мрсот; во постот постеле и се причестувале, во мрсот мрселе и се причестувале, онака како што денес прават свештениците. Првобитно, немало некоја посебна подготовка за Причест, ниту пак постот е сметан за едно од средствата за подготовка за Причест. За Причест се подготвувало со целокупниот живот, држењето на сите

# ЛИТУРГИСКО БОГОСЛОВИЕ



Патријарх Павле, роден како Гојко Стојчевиќ, бил Патријарх на Српската Православна црква во периодот од 1990 до 2009 година.
Патријархот Павле е роден на 11 септември 1914 година во селото Кучанци кај Долни Михољац во Славонија.

Павле станал 44-поглавар на СПЦ. Тој бил устоличен на 2 декември 1990 година.

Божји заповеди и чувањето од секој грев.
Така постапувале и свештениците и верниците во Црквата Христова за целото време на гонењето, во првите 300 години, додека во неа пристапувале само оние кои од цврста вера во Царството Небесно биле подготвени на секакви тешкотии, само за да го задобијат. Моралниот живот на христијаните тогаш бил на високо ниво. Но, кога дошла слободата, од царот Константин, во 313 година, во Црквата почнале да доаѓаат и оние кои во неа не го барале и не го нашле „богатството скриено во нива" и истите не биле подготвени да дадат сè за да ја купат таа нива... Заради тоа, многу се опаднало нивото на моралниот живот кај христијаните. Кон Светата Причест многумина и тогаш пристапувале редовно, но без сериозна грижа да бидат што подостојни. Други, пак, почнале да го одложуваат своето редовно пристапување кон Светиот Путир, под изговор дека сакаат што подобро да се подготват. Но, борбата за очистување на својата душа не ја воделе постојано, туку повремено, само неколку дена пред Светата Причест. Меѓутоа, и тоа им паѓало тешко, па сè почесто ја одложувале и подготовката и самото причестување, додека не паднале на тоа да се причестуваат само четири пати годишно или уште поретко.
Заради оние првите, Црквата, по зборовите на светиот Јован Златоуст, го востановила 40-дневниот пост пред Воскресението: „Воочувајќи ја штетата којашто доаѓа поради небрежното пристапување, Отците одредиле 40 дена... за сите ние внимателно да се очистиме во оние денови со молитви, милостина, пост, сеноќни бденија, солзи, и на тој начин да пристапиме кон Светата Причест со чиста совест, колку што е тоа возможно". Оние другите, пак, светиот отец ги опоменува дека мораат да се трудат, не повремено, пред самото причестување, туку треба постојано да се трудат да живеат така за да можат со чиста совест редовно да пристапуваат. На прашањето „кому треба да се даде за право, дали на оние кои ретко се причестуваат, или на оние коишто тоа го прават често", тој одговара: „ниту на едните, ниту на другите, туку на оние коишто се причестуваат со чиста совест, со чисти срца и беспрекорен живот. Таквите нека пристапуваат секогаш. А оние коишто не се такви — никогаш. Затоа што тие на себе навлекле суд, осуда, казна и маки".
Но, од овие средства за чистење на душата за оваа најприсна средба со Господа, за примањето на Неговото Тело и Крв, во свеста на нашиот народ се дошло дотаму што во телесниот пост се гледа „све и свја". Многумина од свештениците пред Причеста на верниот ќе му постават само едно прашање: „Дали постеше?" и штом чујат потврден одговор, ќе речат: „Пристапи!", како единствено тоа да е важно, а сè друго небитно, и тоа — дали овој знае кон што пристапува и зошто, и тоа — дали го знае Симболот на верата, и основните молитви, и дали му се устата и јазикот чисти од лаги, пцости и грди зборови, и дали се со некого скарани, дали можеби се блудници; а ако е во прашање жена, да не е можеби суеверна, да не оди по бајачи и гатачи, да не носи некакви амајлии, или можеби, да не направила чедоморство... А за интересирањето на свештениците за редовната молитва, читањето на Светото Писмо и богомислието на оној што сака да се причести, и да не говориме.
Против ваквиот механички пристап кон Светата Причест, во православниот свет свештениците – пастири интензивно настојуваат верните да се причестуваат што почесто, по можност на секоја Литургија, подготвувајќи се за тоа со постојано бдеење над својата душа. Познавајќи ја добро духовната состојба на секој одделен член од своето паство, на едните им советуваат да се причестуваат повеќепати во текот на постот, на други да го прават тоа и за време на мрсот, при што на некои да постат два – три дена, некои седум дена, а некои да се причестуваат постојано и без пост.
Неоспорно е и тоа дека сфаќањето на нашите верни треба да се подигне во правец на редовно пристапување кон Светата Тајна на Причеста, но под услов постојано да бдеат над чистотата на својата душа, над држењето на духовниот пост, чувањето на срцето, очите, ушите и сите сетила од сè што е грешно, а не само со држењето на телесниот пост, и тоа само една недела пред причестувањето. Значи, треба да се чуваме од секоја крајност и едностраност.

# ON FASTING & COMMUNION

*What Holy Communion means to the spiritual life of a Christian is described in the words of our Lord: "I am the living Bread which came down from Heaven. If anyone eats of this bread, he will live forever... unless you eat the flesh of the Son of Man and drink His blood, you have no life in you. Whoever eats my flesh and drinks my blood has eternal life, and I will raise him up at the last day. For my flesh is food indeed, and my blood is drink indeed."*

*Serbian Patriarch Pavle*

With deep faith in these words of the Lord, the early Christians anxiously approached Holy Communion, not because of some requirement, but from an immediate awareness that there was no spiritual life without Him. Just as one is not ordered to breathe, but spontaneously knows that without air he would suffocate and die. The early Christians attended all the Sunday and Holiday liturgies and at the Deacon's invitation - with the fear of God and with faith, draw near , all the faithful lined up and received Holy Communion. They were convinced that they were attaining the deepest mystery of our faith and the holiest gift of God's mercy. They tried to approach the all-holy and most pure God in Holy Communion with purity of heart and soul.

They were called "holy" and they were truly holy for they protected themselves from every sin and they knew that "he who sins is a slave to sin", that sin turns a person away from God, corrupts the soul and makes it incapable of receiving Holy Communion. One who fell into sin would immediately raise himself up through confession, cleansing his soul so that he would not commune unworthy. "For he who unworthy eats and drinks the Bread and Cup of life drinks condemnation." At that time the early Christians kept all the tradition of the fast, understanding that fasting is a holy institution from the Old Testament. God ordered the fasting periods as an everlasting plan. In the New Testament Jesus Christ Himself fasted and taught His Disciples to fast. The Apostles and Saints also kept this. The fasting periods were practiced at certain times as needed and Communion was administered regularly in the fasting seasons as well as when meat and dairy foods were used. During the fasting seasons they fasted and communed, during non fasts, they ate and communed just like the clergy do today. In the early Church there was no special preparation for Communion, nor was a fast considered as the only means for Communion. The preparation for Holy Communion was life-long process of keeping the commandments and guarding against all sin.

For the first 300 years of the persecution of the Christian Church, this was the procedure kept by the clergy and laity and only those who had deep faith in the Heavenly Kingdom were ready to sacrifice all to obtain salvation. Christian morality at that time was on a high level. Then after freedom was declared in the year 313 under the rule of King Constantine, there was a movement in the Church of those "who did not find their treasures hidden in the field and were not ready to sell everything to buy that field (St. Matthew 13,44). At this behavior the level of morality of the Christians fell to a low standard. Many still approached Holy Communion regularly but without a serious commitment to Him. Others began to delay their trip to the Holy Chalice with the excuse of not enough preparation. But the effort of soul cleansing was only from time to time for a few days before Holy Communion. Even this practice became harder for them and they further delayed their preparation and their receiving of Communion

> "IN THE EARLY CHURCH THERE WAS NO SPECIAL PREPARATION FOR COMMUNION, NOR WAS A FAST CONSIDERED AS THE ONLY MEANS FOR COMMUNION. THE PREPARATION FOR HOLY COMMUNION WAS LIFE-LONG PROCESS OF KEEPING THE COMMANDMENTS AND GUARDING AGAINST ALL SIN.."

until it happened that they communed only four times a year and it gradually became even less.
In view of this situation, according to St. John Chrysostom, the Church established the forty day fast before Pascha. Realizing the danger that comes from such habits, the Holy Fathers ordered forty days of fasting that we all cleanse ourselves carefully through prayer, charity, fasting, vigils and tears. In this manner we may approach Holy Communion with a clear conscience as much as possible. As for the others, the Church Fathers say that they must make every effort, not only before Holy Communion , but always to live a Godly life in order to receive. When the question arises as to whose position is the correct one, those who commune infrequently or those who commune regularly? St. John answers that neither one is the answer, but only they who take Communion with a clear conscience, a clean heart and spotless life. These people may approach at all times and those who do not measure up to this - not even once. This will only bring on them condemnation, judgment and suffering.

Of all the methods to cleance the soul for this most important union with Christ in receiving His Body and Blood, our people see only the physical fast. Many priests pose before the faithful just one question - did you fast? When they answer positively, he allows them to approach, as if that one thing is of major importance. Everything else is secondary as does he value the magnitude of what he is receiving, does he knows the Creed, basic prayers, is his tongue and mouth clear of lies, cursing and filthy language, and is he in a quarrel with someone? Fornication, adultery, frequenting fortune tellers, sorcers and wearers of the evil eye should be asked. Do women practice abortion? Do they regularly pray, read the Bible and mediate? Pastors must a void the mechanical approaches and insist that the faithful come as often as possible and commune at each liturgy with constant preparation and vigil over their souls. The spiritual father knows the spiritual condition of each member of his flock. To on e he advises to come more often during fasting seasons, he could tell some to fast two or three days, to others seven days and to some to come always without fasting. It goes without saying that our faithful should be instructed towards frequent Communion, but under the condition of constant guard over the purity of soul, keeping spiritual fasts, guarding the heart, eyes, ears and senses of everything sinful and not only by observing physical fasts...



# „КАПИТАЛОТ“ НА БЛАГОДАТТА СЕ СПОДЕЛУВА

*„...и удостој нè да најдеме благодат пред Тебе, за да Ти биде нашата жртва благопријатна и Благиот Дух на Твојата благодат да се всели во нас, и на ови предложени Дарови и на сите Твои луѓе.„“*

*Презвитер Горан Стојчевски*

Посебно внимание ни привлекува проповедтта на Христос низ Евангелието на благата вест за Царството небесно. Капиталот на Божјата благодат низ Светото Писмо е претставен како имот, блага, таланти или богатство, а со проповедтта на Спасителот од Гората на блаженствата, осознаваме дека овие називи добиваат нов пресоздаден обрт преку исполнувањето на заповедта на љубовта низ милостињата, во слава на Бога. Оној кој зачекорил низ подвижничкиот и литургиски живот во Црквата кон стекнување на благодатта Божја, како единствен вистински капитал вреден за човекот му стануваат јасни Христовите зборови, „...собирајте си богатства на небото, каде ни молец, ниту р`ѓа ги јаде, и каде крадци не ги поткопуваат, ниту крадат; зашто каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше„ (види: Матеј 6,19-21). Благодатта е единствениот капитал за кој христијанинот копнее и е оној духовен капитал за преумножување во Христа, така талантите од Бога се благодат која трудот во молитвата ги преумножува и во добри дела кои се споделуваат со ближните, оти литургиското: Твоја од Твоих, т.е. Твои Дарови од Твоите Дарови Ти ги принесуваме од сите и за сè, и значи сè е од Бога, низ Бога и во Бога, а Бог е Штедар (неизмерен Давател), односно несебично го споделува Своето со човекот токму преку благодатните дарови, нам познати не само духовни, туку и душевни и телесни, секому според неговата потреба, како што се вели во молитвата пред причестувањето. Денес иако човекот „воспитан„ да биде претприемач и консумент, можеби е способен да ги преумножи земните блага, но сепак ако кон тие блага не се однесува со она литургиско благодарење, тогаш сите таланти на неговата способност дарувани од Бога, остануваат само оној закопан талант, кој не е преумножен во слава на Бога, и сведочи дека срцето наше исклучиво било прврзано за земниот капитал кој и молец и р`ѓа го јаде, и крадци го поткопуваат и го крадат, или на крај со него се служат други кои воопшто не се ни труделе за да го стекнат. Во погребните стихири јасно е изразено, дека сè е суета,и душата преставена пред Бога потресно прашува, каде е убавината, богатството и славата од овој свет? Тие отрезнувачки зборови ни ја отвораат реалноста на нашата минливост овде и дека голи се раѓаме, и „голи“ стоиме и одиме при Бога, а она што ќе остане се само добрите дела проилезени од Христовата заповед, милост сакам, а не жртва, и уште, љуби го ближниот свој како самиот себе.

> “
> П.С.
> НЕ Е ДОВОЛНО ДА ГИ ЦИТИРАМЕ НАШИТЕ СВЕТИТЕЛИ, ТУКУ И ДА ГИ ПОДДРЖУВАМЕ ВО НАШИОТ ЖИВОТ, КАКО ВИСТИНСКИ ПРИМЕР ДЕКА БЛАГОДАТТА Е ЕДИНСТВЕНИОТ КАПИТАЛ КОЈ НÈ ОДРЖУВА ВО ЖИВОТ, ЗАТОА ТРЕБА И ДА СЕ ПРЕУМНОЖИ ЗА ЖИВОТ ВЕЧЕН.
> ”

Литургиското, Твоја од Твоих, не било само просто дел евхаристиската служба на Црквата, туку тоа бил и самиот живот на првите христијани, како што читаме и во Делата Апостолски, сиот капитал или имот им бил општ, и секој се користел од него онака како што го молиме Бога во евхаристиската молитва, Самиот да ни биде на сите сè. Дарот на земното богатство е благослов од Бога, кој се споделувал во Црквата, соборно, не бил цел сам за себе и сам по себе, туку дар од Бога на конкретна личност која не сакала да биде индивидуализирана, туку бидејќи има личен однос кон Бога, има соборен однос кон ближните и затоа дели, разделува, споделува со радоста на христијанското давање, која е резултат на личниот молитвен однос кон Бога, низ молитвата која е непрестајно себедавање на Бога, благодатта Божја од тој личен однос е Агнецот Божји, Кој се раздробува и разделува, раздробен, но неразделен, постојано јаден и секогаш Го има, а ги осветуваа оние што се причест-



уваат – соборно, спасувајќи преку сите во Црквата, а лично. Во секојдневниот живот кој треба да го рефлектира евхаристискиот (благодарствен) живот, треба постојано да имаме не само во умот и разумот, туку и во срцето зборовите од задамвоната молитва, „зашто давањето на секое добро и секој совршен дар е одозгора, доаѓа од Тебе, Отецот на Светлината...“ и ако совршениот дар на благодатта која се излева врз нас, колку ли повеќе она што го нарекуваме капитал, е исто дар од Бога, Кој ни излеал воздух за дишење, како што се пее низ Псалмите. Но, ете нашиот секуларен живот е маркетингшки покриен, за да се разбуди во нас разузданиот консумеризам кој преоизлегува од безгрижниот конфор кои сакаме да го градиме надвор, и без Бога Дародавецот. Ние, сиромаштвото на првите христијани, кое литургиски го живееле, а потоа низ историјата тој завет го продолжува монаштвото, е пред се, човекот да биде задоволен од она што го има, и за кое благодари. А, вишокот од обртот на капиталот благодарно го разделува преку милостињата, знаејќи ги Господовите зборови, дека сиромашните се секогаш покрај нас, и секогаш можеме да им помогнеме, но, на тоа не поттикнува имањето на Оној во срцето, Кој Го немаме постојано, првенствено заради нашата молитвена непостојаност. Ми надоаѓа и едена епизода од романот „Димка“ на о. Александар Торик, каде во еден „дел“ на пеколот се наоѓаат луѓе кои постојано и постојано собираат и прават капитал на еден куп како голем рид, а на тоа придодаваат и работи од непрестајниот шопинг, и штом со последни сили ги довлечкуваат последните ствари да ги стават на ридот за да тргнат во нов трговски поход, ридот веќе го снемува, и пак продолжуваат со собирање, а собраното исчезнува и така тоа вечно, потврдувајќи ги зборовите на еден голем учител на Црквата, дека, каде што го влечеме животот одавдестрано привремено, отадестрано истиот ќе не одвлече вечно. Низ овој приказ од романот точно ги разбираме зборовите Христови, да собираме богатства, кои ниту молец, ниту р`ѓа, ниту крадец што може да ги одзеде.

Забележувате дека во големите трговски центри се е подредено да се задржи вниманието на потрошувачот, да купи нешто дури од кое нема моментална потреба, и затоа работите ги трупаме како оние души од гореспоменатиот роман, кои вечно се измачуваат, а од истите тие работи можеби некој наш ближен има моментална потреба. Има многу евангелски параболи кои нѐ отрезнуваат, особено онаа за богатиот човек кои се облекувал во порфир и свила, а сиромашниот Лазар лежел во рани пред неговата врата, потоа за полските кринови, за хранењето на петилјадниот народ со пет леба и две риби..., и многу други.

Мораме да измолиме од Бога сила за да ја наосчиме нашата волја кон личното литургиското битисување и во самата парохија, за да ги знаеме потребите на нашите ближни, а сето тоа невозможно без редовен литургиски живот, собирање на Црквата околу Телото и Крвта Христови, околу епископот, свештенството, монаштво, каде верниот народ, еден со друг возљубивајќи се, се познава и препознава преку Христа, Кој Неговите дарови предложени од нас ги разделува на сите нас за добро, а во тоа ние како христијани треба да го поддржуваме. Во денешно време иако индивидуализацијата го зафатила и црковниот живот, лично секој може да се потруди ако не го најде својот ближен во парохијата, и се погрижи за него, да го најде во светот и да постапи со него како милостивиот Самарјанин, оти тоа е одлика на христијанскиот етос, да биде секому сѐ, налик на Нашиот Господ. На секој крстен православен христијанин местото на распознавање му е на едно и исто место, во Црквата, каде првенствено се грижи да се соедини со Христа и ближните низ Причест, а и да ја дознае потребата од милост на својот брат или сестра. Поблажено е да се дава отколку да се зема, вели Господ, па така и со капиталот и работите кои само мислиме дека се наш посед, да ги даваме на оние кои имаат потреба од нив, оти само низ љубовта и милоста времените и минливи богатства, се пресоздаваат и умножуваат во вечни, како награда со радост и веселба во Бога, а многу поважно нашите деца да ги воспитуваме во Литургијата отколку во трговските центри, да бидат даватели, а не само консументи на рекламниот конфор.

*After-school tutoring classes from primary through to HSC*

CALL 0414 585 078

English ☑

Maths ☑

Physics ☑

Chemistry ☑

Biology ☑

Economics ☑

Japanese ☑

rockdalecollege.com.au

# ASCETICISM AND THE CONSUMER SOCIETY

*+Jonah is Archbishop of Washington and New York and the Metropolitan of all America and Canada of the Orthodox Church in America.*

## *Consumerism and the Negation of Worship*

Among other things, living our life in Christ requires that we grasp the spiritual significance of two opposing forces with us:

*1. The flesh vs. the body*

*2. The world vs. creation*

In the current social context, and so for this evening's conversation, let me please add another set of opposing movements in the human heart:

*1. Consumerism vs. worship*

Following traditional Orthodox (and orthodox) theology, the first of these terms—the flesh, the world and consumerism—refer to humanity in rebellion against God. Even when we refer to "the world" we are referring to how creation has become disordered by human sinfulness. Because of Adam's sin and mine, my body, the creation and the works of my hands have all become estranged from God. Not only that, they have also become sources for my estrangement. As we have become estranged from God, oblivious to God, the body, created matter and the works of our hands, have become idols. They become the means of endless distraction from the reality of God, of communion with one another, and from both life and death.

Thus the tragic paradox of the fall, the great tragedy of human sinfulness is this: the gifts of God have become distorted. Rather than drawing us closer to Him and to each other, we misuse the good things of God to our own harm, spiritually, morally, psychologically, socially and physically. In the words of the Prophet David:

*The idols of the nations are silver and gold,*
*The work of men's hands.*





His Beatitude, Metropolitan Jonah was born James Paffhausen in Chicago, IL, and was baptized into the Episcopal Church. While still a child, his family later settled in La Jolla, CA, near San Diego. He was received into the Orthodox Church in 1978 at Our Lady of Kazan Moscow Patriarchal Church, San Diego, while a student at the University of California, San Diego. Later, he transferred to UC Santa Cruz, where he was instrumental in establishing an Orthodox Christian Fellowship.

*They have mouths, but they do not speak;*
*Eyes they have, but they do not see;*
*They have ears, but they do not hear;*
*Nor is there any breath in their mouths.*
*Those who make them are like them;*
*So is everyone who trusts in them*
*(Ps 135:15-18).*

The second of these terms—the body, creation and worship—are likewise richly anthropological. But here they refer to a way of life built on obedience to God. If idolatry strikes man dumb and breathless, obedience animates him and makes him sing out in the praise of God. Again from the Prophet David:

*Oh, sing to the LORD a new song!*
*Sing to the LORD, all the earth.*
*Sing to the LORD, bless His name;*
*Proclaim the good news of His salvation from day to day.*
*Declare His glory among the nations,*
*His wonders among all peoples*
*(96:1-3).*

Just as our sin obscures our ability to perceive the beauty of creation and our own humanity, our obedience to God renews both and reveals their true beauty (see Romans 8:18-25).

In the theology of the Orthodox Church obedience is our response to God. Broadly speaking this response has two foundations: holy baptism (and really, all the sacraments) and metanoia, that change of heart by which we turn personally from our sin and toward the Living God in "faith, hope and love" (see 1 Corinthians 13:13). But repentance is more than turning away from sin. It is turning to God, and allowing Him to renew and transform our very consciousness. It is turning from self-will to obedience, from egocentric "dancing alone" to synergy. It is only through a life of obedience to God that we can rightly exercise the gifts God has given us.

Repentance renews our vision of creation, through our bringing our mind and heart into synergy with God. Fundamental to this obedience is the stewardship of the material world, and its proper use to glorify God. Through repentance God enlightens our hearts to see and know that the eucharistic Bread and wine become Christ's body and blood; baptismal water is filled with the Presence of the Spirit and sanctifies us; oil of Chrism is sanctified and becomes the means of imparting the Gift of the Holy Spirit. These things, these material elements, are revealed not as ends in themselves, bread simply to be eaten and wine to be drunk, but become the means of communion with God. This sacramental vision ultimately extends to the entire creation, where everything is a means of communion, everything and everyone is filled with grace. It is not the creation that is found,wanting, but rather our hearts, our ability to perceive.

This evening I want to speak with you about the second of the two foundations of the obedient life: repentance. How is it that, in response to divine grace, we can come to live in obedience to God? A second question, and one which I think speaks broadly to the lectures and conversations that have occupied you this week, is this: What does this obedient life mean for us who live in society that has become increasingly materialistic and driven more and more by a desire to consume rather than to sanctify creation eucharistically?

The Orthodox liturgical theologian Fr Alexander Schmemann was an astute social commentator. In one of his most well respected works, For the Life of the World: Sacraments and Orthodoxy, he points out that we live a "secular age." By this he means not that we no longer believe in God or that we reject "some kind of transcendence and therefore of some kind of religion." No, what contemporary society rejects and negates is the worship of the God Who is the

source, means and goal of human life. Secularism, for Schmemann, is "in theological terms ... a heresy ... about man." At its core this heresy

*is the negation of man as a worshiping being, as homo adorans: the one for whom worship is the essential act which both "posits" his humanity and fulfills it. It is the rejection as ontologically and epistemologically "decisive," of the words which "always, everywhere and for all" were the true "epiphany" of man's relation to God, to the world and to himself: "It is meet and right to sing of Thee, to bless Thee, to praise Thee, to give thanks to Thee, and worship Thee in every place of Thy dominion..."1*

While as religious believers we may disagree among ourselves as the to the exact nature, context and form of worship, if we are faithful to our respective traditions as Jews, Christians, and Muslims, we know that our disagreements do not obscure, and more importantly must not be allowed to obscure, our fundamental agreement with the anthropological fact that to be human in the fullest sense is impossible apart from the worship of God.

As an Orthodox Christian, I believe (and I suspect many of you here this evening would agree with me on this) that both "worship in general and the Christian leitourgia in particular" presuppose "the sacramentalcharacter of the world and of man's place in the world." Again, the particulars of that are a source of some debate and even disagreement among Christians much less across religious traditions. We ought not to deny this. Nevertheless when we look at "the world, ... it in its totality as cosmos, or in its life and becoming as time and history" the created order is "a means of [God's] revelation, presence, and power." To put the matter somewhat differently, the physical creation (and so humanity) "not only 'posits' the idea of God as a rationally acceptable cause of its existence" it also "truly 'speaks' of Him and is in itself an essential means of knowledge of God and communion with Him, and to be so is its true nature and its ultimate destiny."2

As St Paul says, "For the invisible things of him from the creation of the world are clearly seen, being understood by the things that are made, even His eternal power and Godhead; so that they are without excuse: because that, when they knew God, they glorified Him not as God, neither were thankful; but became vain in their imaginations, and their foolish hearts were darkened. Professing themselves to be wise, they became fools, and changed the glory of the incorruptible God into an image... Wherefore God also gave them up to uncleanness through the lusts of their own hearts..." Rom 1:20-24.

Man was created with an intuitive awareness of God and thankfulness to Him for the creation. In return, the creation itself was made to be a means of communion and revelation of God to man. Man was thus created as a Eucharistic being, the priest of creation, to offer it in thanksgiving to God, and to use it as a means of living in communion, the knowledge and love of God. Man was created to worship. In our fallenness, turning from God to created things as ends in themselves, we lost the intuitive knowledge of God and our essential attitude of thankfulness to Him. Secularism is rooted in this loss of divine awareness, the darkening of our intuitive perception of the creation as the sacrament of God's Presence. It is a denial of our essential reality as human beings, and our reduction to purely material animals. Thus the refusal to worship and give thanks, to offer the creation in thanksgiving back to God, is a denial of our very nature as humans.

What Schmemann is testifying to is that "worship is truly an essential act, and man an essentially worshipping being." It is "only in worship" that I can find "knowledge of God and therefore knowledge of the world." As the etymology of the word orthodoxy suggests, the true worship of God and the true knowledge of God converge and are together become the foundation of obedience to Him.

Asceticism, the Cross and the Healing of the Person

Knowledge in the context of the Orthodox Church's tradition is not a matter of abstract facts about the world, much less God. Rather knowledge is synonymous with love and intimacy—knowledge in this context means "communion with God and therefore [in God] communion with all that exists."3

All this is negated by secularism and as a result, the human person is left with a spiritual void that manifests itself concretely as shame and self-loathing. Reflecting on the widespread problem of alcohol and drug addiction in post-Communist Russian society, the bishops of the Orthodox Church in Russia have this to say:

*The principal reason for the desire of many of our contemporaries to escape into a realm of alcoholic or narcotic illusions is spiritual emptiness, loss of the meaning of*

*life and blurred moral guiding lines. Drug-addiction and alcoholism point to the spiritual disease that has affected not only the individual, but also society as a whole. This is a retribution for the ideology of consumerism, for the cult of material prosperity, for the lack of spirituality and the loss of authentic ideals. In her pastoral compassion for the victims of alcoholism and drug-addiction, the Church offers them spiritual support in overcoming the vice. Without denying the need of medical aid to be given at the critical stages of drug-addiction, the Church pays special attention to the prevention and rehabilitation which are the most effective when those suffering participate consciously in the eucharistic and communal life.4*

Alcoholism, drug addiction, the normalization of sexual immorality, as well as consumerism, and the pursuit of material prosperity as an end in itself, all of these are symptoms of the deep spiritual void created by secularism.

The fruit of secularism is despair.

I will leave to others better qualified than I to discuss and debate the social history of secularism and how we have come to be held so tightly in its grip. This evening I come to you as a pastor. While as the Primate of the Orthodox Church in America will often and necessarily require of me that I address social issues and matters of public morality, my primary concern always is as bishop and as Christian who God has entrusted with the great work of healing the wounds sin inflicts on the human heart. How does Christ liberate us from the "spiritual emptiness, loss of the meaning of life and blurred" morality that enslave each and every one of us both personally and as a society?

The solution we are looking for is the Cross of Jesus Christ. It is His Cross that heals a fallen creation, a fallen humanity, and me as a sinner. Reflecting on the appropriateness of Christ's death on the Cross as a public proclamation of God's love for humanity, St Athanasius the Great writes:



*[I]f the Lord's death is the ransom of all, and by his death "the middle wall of partition" is broken down, and the calling of the nations is brought about, how would he have called us to him, had he not been crucified? for it is only on a cross that a man dies with his hands spread out. Whence it was fitting for the Lord to bear this also and to spread out his hands, that with the one he might draw the ancient people, and with the other those from the Gentiles, and unite both in himself. For this is what he himself has said to all: "I, when I am lifted up," he says, "shall draw all men to me."5*

The Christian ascetical life, that is the life of prayer, fasting and almsgiving, the works of mercy and obedience, is the application and the appropriation of the Cross to my life. It is the means by which I both enter into a life of communion with God and become myself a sacrament of that communion for others. This is possible because at its most basic level, asceticism "is the struggle of the person against rebellious nature, against the nature which seeks to achieve on its own what it could bring about only in personal unity and communion with God." Our

"restoration" to a life of personal communion with God and so our personal "resistance" to the powers of sin and death, "presuppose a struggle" within each human heart that is often lacking in contemporary society and even our churches.6

This struggle IS the ascetical life and as an Orthodox Christian I believe that I cannot effectively preach the Gospel if I neglect my own person podvig, my own personal ascetical struggle to live a life in conformity to Christ. So clearly I am not referring here to "just any kind of asceticism."7 Fasting, for example, simply to make ourselves more attractive to others is also a type of asceticism; it is the false asceticism of consumerism that encourages rather than mortifies our egoism. Likewise we can work longer hours so that we can simply own more things. This too is a false form of asceticism because it too is grounded in egoism.

The asceticism that is need to preach the Gospel, and so offer hope and healing to those gripped by the materialism and despair of secularism and the false idol of consumerism, is the kind of asceticism by which we "resist death in our own bodies." This happens I believe only by our "conformity to the example of Christ, who willingly accepted death so as to destroy death." As with worship, we may disagree among ourselves as Jews, Christians and Muslim as to the source, content and form of the ascetical life. But is it so daring to say that, on anthropological grounds at least, we agree among ourselves that "Every voluntary mortification of the egocentricity which is 'contrary to nature' is a dynamic destruction of death and a triumph for the life of the person" and so society?8

Can we not as religious believers and as men and women of good will, in our own lives, in the lives of our respective communities and in our society at the very least foster a renewed appreciation and practice of asceticism?

ENDNOTES

1 Alexander Schmemann, For the Life of the World: Sacraments and Orthodoxy. (Crestwood, NY: St. Vladimir's Seminary Press, 1973), p. 118.

2 Ibid., p. 120, emphasis added.

3 Ibid.

4 Basis of the Social Concept of the Russian Orthodox Church, X.6, emphasis in original.

5 On the Incarnation, trans. Archibald Robertson in Christology of the Later Fathers, ed. Edward Rochie Hardy (Philadelphia: The Westminster Press, 1954), 79.

6 Christos Yannaras. The Freedom of Morality. Trans. Elizabeth Briere. (Crestwood, NY: St. Vladimir's Seminary Press, 1984), p. 112.

7 Ibid., p. 115

8 Compare, ibid., p. 116





# СВЕТИ ГРИГОРИЈ ПАЛАМА

## *учител на православното тајноводство*

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

Секоја градба се заснова на темели, а за да се изгради, таа се потпира на столбови на кои се држи сето здание. Тие носечки столбови за Православната Црква се Светите Отци. Аголниот камен е Христос, темелите се апостолите и нивната проповед, а столбовите – Светите Отци и нивните догматски формулации. Светата Црква има повеќе такви столбови, врз чие учење се држи доктрината на нејзината вероисповед, а за свети Григориј Палама може да кажеме дека е централниот нејзин столб, кој ги поврзува сите други и во кого се соединува сета тежа на зданието, односно Црквата. Во своите догматски осврти, свети Григориј Палама го опфаќа и сублимира сето дотогашно догматско учење на претходните Свети Отци и го спојува во една целина, почнувајќи од списите на псевдо-Дионисиј Ареопагит, кападокиските Отци, свети Јован Златоуст, преподобен Максим Исповедник, па сѐ до свети Симеон Нов Богослов и сите отци-исихасти, пред и за време на неговото исповедништво.

## Род и потекло

Свети Григориј Палама живеел во 14 век, за време на Палеолозите, последната династија на Источното Ромејско Царство. Се родил во 1296 година, во Мала Азија. За време на турските освојувања на тие простори, неговото семејство пребегало во Константинопол и таму нашле прибежиште во дворецот на императорот Андроник II Палеолог[1] „Григориј потекнувал од благородни и побожни родители. Неговиот татко бил толку исполнет со добродетели, што царот Андроник II го направил свој советник. Но, не само земниот, туку и Бог, Небесниот Цар, го удостоил и го прославил со чуда уште додека бил жив. Однапред знаејќи го денот на своето упокоение, Константин (тоа било неговото име) примил монашка схима“1.



Иако живеел на дворот, Константин, татко му на свети Григориј, се одликувал со молитвено трезвеноумие, умствено бдеење над срцето и богосозерцание. „Меѓу многумината што живееле во светот и имале непрестајна молитва е оној прекрасен Константин, кој иако живеел и се движел среде дворскиот царски бурен живот, се нарекувал татко и учител на царот Андроник, и секојдневно се занимавал со царски и државни работи, иако имал голем имот и многу слуги, жена и деца, и покрај сето тоа, тој бил нераздвоен од Бог и толку приврзан кон непрестајната умно-срдечна молитва, така што многупати заборавал што му говорат царот и високите царски службеници, и тоа повеќепати за една иста работа. Многумина од дворјаните, без да знаат која била причината за тоа, се наоѓале во непријатна положба и го прекорувале за тоа што толку го обременувал царот. Но, царот, знаејќи ја причината, го заштитувал и говорел: 'Константин има свои мисли, кои понекогаш не му даваат со сето внимание да се однесува кон нашите работи'.“ѝ И мајка му на свети Григориј, Калона, била длабоко побожна и добродетелна жена. Двајцата вложувале посебно внимание во воспитанието и растењето на своите деца.

Григориј од мал се одликувал со висока интелигенција; затоа неговите родители му овозможиле и соодветно световно образование. Меѓутоа, неговиот татко се упокоил млад, па грижата за воспитанието на нивните деца паднала врз мајка му. Самиот цар Андроник, кој во Григориј гледал иден великодостојник, настојувал момчето да се посвети на државна служба; затоа зел одговорност за неговото световно образование. Свети Григориј брзо напредувал и предначил пред неговите врсници во науката, особено во физиката и логиката, а најмногу во философските логички системи на Аристотел. Така, кога Григориј имал само седумнаесет години, го замолиле да одржи говор за Аристотел пред царот и другите великодостојници. Кога го завршил својот говор, сите биле толку восхитени, што Теодор Метохит, главниот државен службеник на царот, извикал: „Дури и Аристотел да беше овде денес, несомнено и тој ќе го пофалеше“.

---

1 *Андроник II Палеолог, византиски цар, кој царувал од 1281 до 1332 г.*

# На патеката на подвижништвото

*Монахот е непрестајна светлина во окото на срцето.*

*Свети Јован Лествичник*

Покрај изучувањето на световните науки, Григориј ги изучувал и Светото Писмо и списите на Светите Отци. „Доаѓал во контакт со монаси и подвижници кои доаѓале од Света Гора во Константинопол, и ги распрашувал за монашкиот живот. Тие го советувале да ја посети Света Гора, па дури и да започне да се подвизува додека уште е во светот. Тој толку ревносно ги прифатил нивните совети, што ја сменил својата облека, своето однесување, односно целиот начин на живеење, па многумина помислиле дека се поместил од умот. Почнал многу строго да се подвизува: јадел само леб и пиел само вода. Исто така, ја практикувал и секоја друга добродетел.“2 Во тајните на умно-срдечната молитва го воделе светиот Епископ Теолипт Филаделфиски и свети Никифор Исихастот. И покрај настојувањето на императорот да остане во дворот, кога наполнил дваесет години, Григориј тајно заминал на Света Гора. Како најстар, се погрижил за својата мајка и за своите сестри; ги оставил во еден женски манастир каде што подоцна биле замонашени, а тој заедно со неговите браќа продолжиле кон Света Гора. Таму станал послушник во манастирот Ватопед, каде што под раководство на преподобен Никодим Ватопедский зачекорил по патеките на подвижништвото и примил монашки потстриг. Првите две години се подвизувал во пост, постојано бдение, трезвеноумие и непрестајна молитва. Во своите молитви секогаш Ја повикувал Мајката Божја за своја застапничка и помошничка.

*2 The life of Saint Gregory Palamas Archbishop of Thessalonika the Wonderworker, by Philotheos, Patriarch of Constantinople. http://sgpm.goarch.org*

Еден ден, на Света Гора, кога Григориј бил задлабочен во молитвата кон Бог, одненадеж пред него застанал светлозрачен и благолик маж, свети Јован Богослов, и умилно гледајќи кон него, го прашал: „Зошто ти, молејќи Му се на Бог, постојано повторуваш: ’Просветли ја мојата темнина, просветли ја мојата темнина?

*‘“Григориј одговорил: „Што друго би барал освен тоа: да се просветлам и да познаам како да ја творам светата волја Негова?“*



Тогаш светиот Евангелист му рекол: „По волјата на Владетелката на сите, Богородица, отсега јас ќе бидам со тебе неотстапно“.

Божјата промисла била по тригодишниот подвиг во потполно послушание кон својот духовен патеводител, преподобен Никодим да се претстави пред Бог. Во тоа време се упокоил и најмладиот брат на свети Григориј, Теодосиј. Тогаш свети Григориј, заедно со својот брат Макариј, преминале во Великата Лавра на преподобен Атанасиј Атонски, каде што игуменот и браќата ги примиле со голема радост. Во манастирот му го дале послушанието да им служи на браќата на заедничката трпеза и да биде псалт во хорот. Со исклучителна ревност го извршувал своето послушание, строго подвизувајќи се во секоја добродетел. Сите браќа се восхитувале на неговиот богоподобен живот. Успеал да достигне такво бестрастие што потполно владеел со своето тело, поминувајќи три месеца без речиси воопшто да спие.

## Носител на непресушниот дар на благодатта Божја

*Светиот апостол Павле вели: ’Ако бевме се испитувале самите себе, тогаш немаше да бидеме осудени‘ , па откако ќе го доживееме она чувство на светиот пророк Давид, чувството за Божјото присуство насекаде, да можеме и ние да Му речеме на Бог: ’Но, и темнината нема да биде темнина за Тебе, и ноќта за Тебе е светла како ден и темнината како светлина‘ – па не само што сакам сета сила на копнежот на мојата душа да ја направам Твоја, туку сакам, ако во телото мое се најде некаква искрена желба, сакам и тоа да полета кон Тебе, кон Тебе да се приврзе и кон Тебе да се прилепи*3.

*– Свети Григориј Палама*

Избегнувајќи ја човечката слава и стремејќи се кон осаменост и повисок степен на духовно совршенство, по три години тајно ја напуштил Лаврата и се населил во малата испосница „Глосија“. Таму живееле пустиници, свети луѓе, кои деноноќно се занимавале со непрестајната умно-срдечна молитва и со духовни созерцанија. Знаејќи дека каде и да оди, смиреното послушание е врата и основа за секој духовен подвиг и добродетел, свети Григориј му се препуштил на послушание на настојателот на оваа света обител, Григориј од Константинопол. Духовниот син Григориј, угледувајќи се на својот духовен отец Григориј, и самиот достигнал висок степен на светост и опит во практикувањето на непрестајната умно-срдечна молитва, која допира до неискажливите височини и длабочини на заедницата со Живиот Бог. Потопувајќи се во длабочините на созерцателната молитва, тој доаѓал до такво умиление и грабнување на умот, што потоци солзи непрестајно течеле од неговите очи како од извор. До крајот на својот живот не престанал да плаче за сиот свет.

Подоцна, поради опасноста од нападите на Турците, свети Григориј заедно со браќата биле принудени да го напуштат местото и да се заштитат од турската наезда. Свети Григориј сакал да замине во Ерусалим на поклонение на светите места и таму да го продолжи својот монашки живот. Прашувајќи се дали тоа е Божјата волја, тој почнал да се моли. Додека се молел, паднал во лесен сон и имал видение. „Ми се чинеше дека сум во дворот на Царот и дека со мене се и моите дванаесет altсоподвижници. Царот беше таму, на својот величествен престол, опкружен со своите великодостојници. Тогаш, еден од нив ми пријде – изгледаше како голем војсководец, и ме прегрна. Носејќи ме до неговото место, им рече на моите браќа: ’Јас ќе го задржам Григориј кај себе, затоа што така му е угодно на Царот, а вие сте слободни да одите каде што сакате!‘“ ѝ По тоа видение, тие сфатиле дека самиот свети великомаченик Димитриј Солунски сака да го задржи свети Григориј во Солун. Така, тие нашле некое осамено место во областа Бер, близу Солун, и таму се населиле, а свети Григориј го ракоположиле за јеромонах. Тогаш имал триесет години.

Како свештенослужител бил задолжен да им служи Литургија на браќата, но за да го задржи својот осаменички начин на живот, свештеничката служба ја восогласил со своето тихување на тој начин што во сабота и недела служел Литургија, се причестувал со Светите Дарови Христови и ги поучувал браќата, а во другите денови од седмицата се повлекувал во осаменост во блиската пештера. Неговите Литургии биле толку вдахновени што тој служел како ангел, предизвикувајќи длабоко умиление и солзи кај присутните. Во тие часови, а особено по богослужбите, неговото лице светело од несоздадената божествена светлина и секој сакал да го гледа и да се насладува од присуството Божјо преку него. Многумина свети добродетелни

3 *„Добротољубие“, том 5, Македонска Православна Црква, Скопје, 2009, стр. 465.*

мажи се восхитувале на неговиот добродетелен живот, поради кој се удостоил со дарот на чудотворство, а го нарекувале и богоносец и пророк.

Во тоа време се упокоила неговата добродетелна мајка, која била монахиња во еден манастир во Константинопол. Неговите сестри и нејзини соподвижнички го известиле за нејзината смрт и го повикале да ја погребе мајка си, а нив духовно да ги утеши и успокои. Свети Григориј ја исполнил нивната молба и заминал за Константинопол. На враќање ги зел своите сестри и ги сместил во еден женски манастир во Солун, а тој заминал кај своите браќа во Бер.

Свети Григориј пет години престојувал во Бер, но во 1331 година, поради честите напади и вознемирувања од српските натрапници, бил принуден да се врати на Света Гора, во Лаврата. Таму повторно бил срдечно примен од браќата. Се осамил во скитот „Свети Сава“, кој се наоѓал во непосредна близина. И таму го продолжил својот строг типик, без да излегува од ќелијата, освен во сабота и недела, кога одел на литургиските заедничарења во Лаврата.

Еднаш, за време на своето ќелијно молитвено правило, ѝ се молел на Пресветата Владичица да ги ослободи него и браќата од сѐ што ги вознемирува и оддалечува од молитвата, а Таа Самата да се погрижи за сите нивни житејски потреби. Пресветата ја услишала неговата молитва и му се јавила заедно со мноштво светлозрачни мажи. Таа се свртела кон нив и им рекла: „Отсега, па натаму, вие грижете се за потребите на мојот слуга Григориј и неговите браќа“. И, навистина, оттогаш тој живо ја чувствувал грижата и промислата Божја за него.

Другпат, за време на молитвата го завладеал лесен сон и тој видел како во рацете држи сад со млеко, што се прелива и му ги наквасува рацете. Тоа млеко се претворило во мирисно вино, кое, исто така, се прелевало врз неговите раце и облека, а насекаде ширело благоухание. Исполнет со неискажлива радост, тој здогледал еден светлозрачен младич, кој му рекол: „Зошто и на другите не им даваш од овој чудесен напиток, но дозволуваш залудно да се истура? Зарем не знаеш дека тоа е дар Божји, кој никогаш нема да престане да се излева? На тоа свети Григориј одговорил: „Но, ако во наше време нема некој што ги бара тие дарови, кому да му ги дадам?“ „Сепак, ти си должен да го споделиш, а остави Господ да одлучи кој е достоен да го прими“ – му одговорил соговорникот.

Откако се разбудил, свети Григориј разбрал дека промената на млеко во мирисно вино значи дека неговото учење ќе се промени од едноставно поучување во догматско и возвишено. Послушен на Божјата промисла, тој ја отворил својата света и медоточива уста, и тогаш ги напишал своите први дела: „Животот на преподобен Петар Атонски“ и „Слово за Воведение на Пресвета Богородица во Светињата на светињите“.

Во 1333 година, пак, бил назначен за игумен на манастирот Есфигмен. Во негово време, братството броело двесте монаси. И таму се случиле голем број чуда по неговите молитви. Еднаш, додека тој бил игумен, снемало масло во манастирот. Кога влегол во подрумите каде што се чувало маслото, ги видел сите садови празни. Се помолиле, и садовите, на очиглед на сите, се наполниле. Отишле и кај маслиновите садници, зашто тие биле причината што снемало масло (таа година ништо не родиле), ги благословил и оттогаш тие раѓале секоја година.

Но, свети Григориј малку време бил игумен. Неговата ревност за реформа предизвикала бранување во заедницата. Затоа, во 1336 година, тој повторно се повлекол во ќелијата на свети Сава, близу Лаврата на свети Атанасиј, каде што се занимавал со пишување богословски трудови, кои не ги оставил до крајот на животот. Таму достигнал такво духовно совршенство што дури и многумина свети подвижници им се восхитувале на неговите рамноапостолни добродетели и чудотворства.

## Време на потресенија во Црквата

### *И ќе го чувам Твојот закон засекогаш и во вечни векови. (Пс. 118, 44)*

За време на триесеттите години од 14 век, во животот на Источната Црква се случиле настани што го поставиле свети Григориј во редот на големите вселенски столбови и апологети на Православието. Околу 1330 година, во Константинопол пристигнал ученикот монах Варлаам од Калабријаѝ Наскоро Варлаам допатувал и на Света Гора. Таму се запознал со начинот на духовниот живот на исихастите и врз основа на догматот за недостижноста на Божјата природа, умното дејствување го нарекол еретичка заблуда. Варлаам влегол во спор со монасите и ги обвинувал за месалијанство, затоа што „Божествената суштина ја гледаат со телесни очи“, па дури и ги исмејувал зборовите на монасите за молитвените доживувања и за созерцанија што ги имале.

Соочувајќи се со разбранувањата што ги предизвикал западниот монах Варлаам, верниот народ бил во недоумица околу неговото учење. Затоа, неколкумина верни од Солун, гледајќи во свети Григориј најсоодветна личност, вдахновена од Бог, го замолиле да ги упати кон вистината. Светителот сфатил дека овој философ проповеда погрешно учење од тоа на Светите Отци, па му на-

 

пишал писмо од испосницата „Свети Сава“ за да престане да го шири своето неправославно учење и да се врати на богатата традиција на светоотечкото Предание. Подоцна, на молба на верните, свети Григориј ја напуштил Света Гора и дошол во Солун, и таму отворено се борел против новата ерес. Најпрво, најучтиво го замолил Варлаам да престане да зборува за молитвеното тихување што не го разбира и да се занимава со тоа што го научил – философијата. Но, кога монахот Варлаам не ја прифатил неговата молба, свети Григориј отворено застанал богословски против него. Свети Григориј напишал:

*„Ако умот не се придржува кон Божјите заповеди и кон Господ, Кој го наоружал со овие оружја, тогаш тој војува против ближните, беснее над своите сонародници и им се лути на оние што не ги одобруваат неговите безумни желби. Таквиот човек, за жал, станува човекоубиец, вподобувајќи се не само на бесловесните животни, туку и на влекачите и отровниците. Оној кој е поставен меѓу синовите Божји станува како скорпија или змија, како пород аспидин“ .*

Свети Григориј Палама поминал три години во Солун, во одбрана на Православието. Потоа се вратил на Света Гора, за и таму теоретски да го изложи учењето за исихастичката пракса и догматите за несоздадената благодат Божја. Тој напишал девет списи во одбрана на свештените тихуватели и за несоздадената божествена светлина.

## Во одбрана на светите исихасти и нивната аскетско-исихастичка традиција

Гледаш ли дека е неопходно за оние што одлучиле да внимаваат на себе во безмолвие
да го собираат својот ум и да го заклучуваат во своето тело, а особено во она што е највнатрешно тело во телото, кое го нарекуваме срце. Зашто, според псалмопејачот:
’Сета слава на царската ќерка е внатре‘4, тогаш зошто да ја бараме некаде надвор?
Ако според апостолот: ’Бог Го испрати Духот на Својот Син во срцата ваши, кој вика: Ава, Оче!‘ѝ, тогаш како ние во нашите срца да не се молиме со овој Дух?
Ако според зборовите на Господ, на пророците и на апостолите:
’Царството Божјо е внатре во вас‘5, тогаш нема ли да биде надвор од Царството Небесно
оној што така усрдно се труди да го изгони својот ум надвор од себе?
– Свети Григориј Палама

Таквото застапување не му се допаднало на Варлаам, па почнал да се користи со напади и клевети врз светогорските монаси, нарекувајќи ги „папокогледачи“. Подоцна отишол во Константинопол за да им се умилкува на царот и Патријархот, во што и успеал, и им станал советник за разни прашања. Поради тоа, и тие се заблудиле од неговото лажно учење, па го повикале светителот на црковен суд во Константинопол. Свети Григориј Палама со себе го носел и „Светогорскиот томос“, кој претходно самиот го составил, а во 1340 – 1341 година бил потпишан од сите светогорски игумени и монаси од Протатот во Кареја. Така, севкупното светогорско монаштво застанало против номиналистичкиот хуманизам на Варлаам, а свети Григориј Палама го признал за свој овластен претставник.
Исполнет со Светиот Дух, светогорскиот монах бестрашно застанал во одбрана на Православието, побивајќи ги ересите на Варлаам, кои се заканувале да ги срушат основите на догматите на Светата Православна Црква и нејзиното Свето Предание. Принуден јасно да го изложи и брани исихастичкото учење, свети Григориј го сублимирал православното учење за Божествената суштина и ја поставил разликата меѓу Божјите енергии и Божјата неспознатлива суштина, прецизно изложувајќи ја оваа богословска синтеза, која „не го разорува единството на Божественото Битие, бидејќи Бог во Својата едноставност е наполно присутен и во суштината и во енергијата“6:
„Бидејќи човекот може да се причестува со Бог и бидејќи натсуштествената суштина Божја е наполно недостапна за причестување, тогаш постои нешто помеѓу непричесната суштина и оние што се причестуваат (со Бог), што сепак, им овозможува да се причестат со Бог. Ако го отстраните тоа што постои меѓу она што е непричесно и причесниците – о каква празнина! – нѐ отсекувате од Бог, ја уништувате врската, создавате огромна, непре-

*4 The life of Saint Gregory Palamas Archbishop of Thessalonika the Wonderworker, by Philotheos, Patriarch of Constantinople. http://sgpm.goarch.org*
*5 Неговиот свет спомен се слави на 11 јули.*
*6 1. Кор. 11, 31.*



мостлива бездна меѓу Бог, од една страна, и создавието и управувањето со созданијата, од друга страна. Тогаш би требало да бараме некој друг Бог, Кој не само што во Себе има смисла за Своето постоење, Свое самодејство и обожување на Самиот Себе преку Себеси, туку и да е добар Бог; на Таквиот нема да му биде доволно движењето кон созерцување само на Себеси, нема да биде само совршен, туку ќе надминува секаква полнота на битието, така што кога во Својата добрина ќе посака да стори добро, Тој и ќе може да го прави тоа. Така, Он преку Своите творечки и промислителни пројави (’излегувања‘) и енергии е присутен во сè. Со еден збор, мораме да бараме Бог Кој на некој начин е причесен. Општејќи со Него, секој на начин својствен за себе, сите ние ќе бидеме и ќе живееме, и ќе стекнеме обожение аналогно според степенот на заедничарењето“7.

Според свети Григориј Палама, обожението не е некаква апстрактна состојба, туку жива заедница со Бог, од која произлегува знаењето за Бог, кое, пак, е надумно и натсетилно. Значи, „христијанскиот Бог, Бог на Светото Писмо, е Живиот Бог, но Он во исто време е суштински Трансцендентен во однос на сè создадено. Дури и тогаш кога се открива и јавува, Он не може да биде спознаен во Неговата суштина, бидејќи откривањето на Божествената суштина би било сведување на Бог на ниво на создадените битија, а човекот би го направил ’Бог по природа‘. Според тоа, севкупното откривање, севкупното учествување во Бог, севкупното обожение е слободен акт на Живиот Бог, на Божествената енергија. Меѓутоа, Бог не се поистоветува сосема со Својот акт. Тој останува над него, па и тогаш кога во него наполно се манифестира. Оти, Бог ја поседува тварта и ѝ го соопштува Својот живот, но тварта не може да Го поседува Бог, Кој секогаш останува ’Единствен Кој твори‘. Да се спознае Божествената суштина би значело да се поседува Бог.“8

Свети Григориј ги изложил своите аргументи во својот богословски труд „Тријади – во одбрана на светите исихасти“ (1338). На Константинополскиот собор, во 1341 година, во црквата „Света Софија“ се одвивал спорот на свети Григориј Палама со Варлаам, чија тема била природата на Таворската светлина. Варлаам тврдел дека несоздадената божествена светлина е сетилна, создадена и „инфериорна во однос на нашето разбирање“. На 27 мај 1341 година, соборот ги прифатил ставовите на свети Григориј Палама за тоа дека Бог, Кој е недостапен во Својата Суштина, се јавува Себеси во енергиите, како Таворската светлина, кои се насочени кон светот и достапни се за примање, но не се создадени.

„Зашто во светлината се гледа светлина, па во слична светлина се наоѓа и она што гледа. Ако не подејствува кон нешто друго, одделувајќи се од сè друго, и тоа самото цело станува светлина, вподобувајќи се на она што го гледа. Или, подобро кажано, се соединува не смешувајќи се, бидејќи самото е светлина и бидејќи гледа светлина преку светлината. Оттука, се гледа ли самото себе, тоа гледа светлина; го гледа ли она кон што гледа, и тоа е светлина. Ете што значи единство! Зашто сето ова е едно, така што оној што гледа да не може да го разликува ниту она преку кое гледа и кон коешто гледа, ниту што е тоа. Освен тоа дека е светлина и дека гледа светлина поинаква од сè создадено.“ѝ

Иако учењето на Варлаам било осудено како ерес и самиот тој бил предаден на анатема, споровите меѓу паламитите и варлаамитите не завршиле. Меѓу вторите припаѓале ученикот на Варлаам, монахот Акиндин, и Патријархот Јован XIV Калекај; кон нив се приклонил и Андроник III Палеолог9. Акиндин настапил со редица трактати во кои ги прогласувал светителот Григориј и светогорските монаси за виновници за црковниот проблем. Светителот, пак, напишал подробно побивање на измислиците на Акиндин. Во 1344 година и Патријархот застанал на страната на Акиндин, а свети Григориј го осудил како виновник за сите црковни немири и побуни во тоа време. Акиндин го ракоположил за ѓакон, а свети Григориј, по негова наредба, го врзале и го затвориле во темница, во која невино страдал четири години.

7 *Пс. 138, 13.*

8 *„Добротољубие“, том 5, Македонска Православна Црква, Скопје, 2009, стр. 290–291.*

9 *Тријада II, 3, пар. 36, стр. 346–477.*

## Митрополит на древната солунска престолнина

*А оние кои се надеваат на Господ, ќе ја обноват силата своја: ќе кренат крилја како орли, ќе трчаат и нема да им биде тешко, ќе одат и нема да се уморат. (Иса. 40, 31)*

Во 1347 година, Патријархот бил симнат од тронот, а светителот Григориј Палама бил ослободен и воведен во чин Архиепископ Солунски, иако поради смирение не сакал да го прими. Меѓутоа, во тоа време, во Солун сѐ уште постоеле црковни немири и народот не сакал да го прими за свој Архиепископ. Поради тоа, тој се повлекол на неговата возљубена Света Гора.

Во тој период, Светиот Синод решил додека да се смират работите во Солун, свети Григориј да замине во Лемнос̀ како Епископ. Таму тој ревносно Му служел на Бог и проповедал, а и не мал број чуда и добрини направил меѓу народот. По некое време, Солуњаните сами изразиле желба и потреба да го вратат овој голем светилник Божји во нивниот град. Во Солун, покрај тоа што служел Литургија и проповедал, свети Григориј направил и голем број чуда и исцеленија: го исцелил синот на еден свештеник од епилепсија, а една монахиња, слепа на едното око, само што се допрела до неговите одежди, прогледала; и уште многу други чуда и исцеленија направил свети Григориј во овој голем и знаменит град.

Меѓутоа, вечниот непријател, ѓаволот, не можел да мирува и да се помири со својот пораз од овој голем свет угодник Божји, па сѐ уште создавал немири и несигурности. Свети Григориј со сета сила ја бранел Православната Црква од погубната ерес, овојпат од наследниците на Варлаам. Непрестајно проповедал и писмено ја изложувал православната вера. За да ја смират ситуацијата, во 1351 година царот и Патријархот свикале голем собор, речиси еднаков на Вселенските собори. И, таму, свети Григориј ја разобличувал погубната ерес на Варлаам и неговите следбеници, и извојувал значајна победа. Поради тоа, втората недела од Великиот пост му е посветена на овој голем светител и столб на Црквата, и на неговата победа над погубната ерес на интелектуалната рационализација на божествените тајни од страна на западниот ум, која се смета за втора победа на Православието. Конечно, на Влахернскиот собор торжествено била посведочена православноста на неговото учење.

Три години пред неговото упокоение, свети Григориј Палама се вратил во Солун, но тешко се разболел. Сите се плашеле за неговиот живот, но Господ направил чудо и го кренал. Тогаш бил повикан од царот Јован V Палеолог10 да дојде и да посредува при несогласувањата во царското семејство. Свети Григориј, без да се штеди, веднаш заминал. Но, попат го пресретнале и го заробиле Агарјаните, и како роб бил продаван од стопан на стопан. Тој ја искористил таа ситуација за ширење на Евангелието. Носен од град во град, тој го проповедал Евангелието Христово, ги утврдувал православните во верата, ги утешувал заробените христијани и ги укрепувал со надеж да го носат својот крст. На сите им ги објаснувал тајните на мудроста Божја за спасението на луѓето. По една година, светителот бил откупен од некои богати српски трговци. Откупен од ропството како маченик со бескрвно маченииштво, радосно ѝ се вратил на својата паства во Солун. Исполнет со различни дарови Божји, по примерот на големиот апостол Павле, продолжил да управува со народот со кротост и смирение, но во исто време, продолжил храбро да се бори против непријателите Божји, усрдно бранејќи ја православната вера. Бестрашно ги разобличувал и ги поразувал еретиците со мечот на словото Божјо. Бил дарежлив и исклучително благ во решавањето на сите проблеми и тешкотии, изобилно украсен со даровите Божји како вистински Христов ученик. Како еден од апостолите Христови, тринаесет години богомудро и богоугодно ја раководел својата паства.

Не случајно го нарекувале и чудотворец. Откако по вторпат се вратил, иако веќе со слабо здравје, тој со својата молитва направил безброј чуда во слава Божја и за утеха на верните. До крајот на своите сили служел Литургија и проповедал. Дури и откако сосема изнемоштел од болеста, тој и прикован за постелата проповедал и го толкувал Евангелието.

## Кон небесата

Непосредно пред да се упокои, свети Григориј им претскажал на своите верни чеда дека наредниот ден, по празникот на свети Јован Златоуст, ќе се претстави пред Бог, велејќи им: „Пријатели мои, денес ќе заминам од вас кон Господ. Тоа го знам бидејќи во видение ми се јави божествениот Златоуст и со љубов, како свој пријател, ме повика кон себе“. И навистина, истиот тој ден, на 14/27 ноември 1359 година, свети Григориј заминал кон Господ во Неговите вечни живеалишта. Неговите последни зборови биле: „Кон небесата! Кон небесата!“ Мирно се претставил пред Бог. Неговото лице било озарено со несоздадената Божја светлина, за која толку се борел сиот свој живот, па и целата

*10 Јован XIV Апрен (Калека) бил патријарх Константинополски од 1332 до 1347 г.*

соба заблескала од неискажливата светлина11. Колкава е неговата слава на небесата, сведочи едно видение на еден добродетелен монах од Великата Лавра на Света Гора. Тој се нашол во храмот „Света Софија“ во Константинопол, каде што го видел соборот на Светите Отци, меѓу кои биле: свети Атанасиј Велики, свети Василиј Велики, свети Григориј Богослов, како и свети Григориј Ниски и свети Кирил Александриски, а со нив и мноштво други светители. Собраните Отци живо расправале за нешто. Кога дошло времето, како по обичај, да се донесе одлука, тогаш монахот слушнал како сите кажуваат, како со една уста: „Ние не можеме да го потврдиме учењето и да донесеме одлука, ако на соборот не дојде и на гласањето не присуствува и Григориј Солунски“. Тогаш испратиле еден прислужник веднаш да го повика свети Григориј на соборот. Тој отишол, но бргу се вратил и рекол: „Не е возможно кој било да му се приближи сега, бидејќи стои пред самиот царски Престол и насамо разговара со Царот“. Тие му заповедале повторно да појде, да причека додека да заврши разговорот, па тогаш да го повика. Тој така и направил. Свети Григориј дошол на соборот. Здогледувајќи го како доаѓа, сите Отци станале и срдечно го примиле, го сместиле меѓу тројцата врховни Богослови, еднакви по слава и чест. Така соборот во негово присуство заседавал и ја потврдил својата одлука, споредувајќи ги своите зборови со неговите, а сè во слава на соборната Црква Христова. Сите присутни богослови му се обратиле со благодарност и неопислива радост, велејќи дека сето она што тие во разни околности и времиња го богословствувале, сето тоа тој сега го собрал во едно, во последните времиња, со божествената сила и благодат, добро го обединил и обработил, и преку себе ги прославил нив со Духот Свет. Тоа бил крајот на ова прекрасно видение на светогорскиот пустиник, на кој Бог му ја открил небесната слава на овој проповедник и учесник во вечната божествена светлина12.

Во 1368 година, само девет години по неговото упокоение, тој бил канонизиран за светител на Константинополскиот собор од страна на Патријархот Филотеј.

По молитвите на нашиот свет заштитник, свети Григориј Палама, Господи Исусе Христе, помилуј нè!

*11 Андроник III Палеолог, византиски цар, кој царувал од 1328 до 1341 г.*

*12 Остров во Егејското Море, на исток од Света Гора.*



Кивотот со моштите на свети Григориј Палама

# КРАТКИ ЖИТИЈА НА СВЕТИ АПОСТОЛ ФИЛИП И СВЕТИ ЦАР ЈУСТИНИЈАН

*Протојереј – ставрофор*
*Ефтим Бетински*

Свети апостол Филип, роден е во Витсаида крај езерото Галилејско, како Петар и Андреј. Од малечок научен на Светото Писмо, Филип веднаш се одзва на повикот на Господ Исус и тргна по Него (Јован 1,43). После слегувањето на Светиот Дух, Филип ревносно го проповедаше Евангелието во многу краишта на Азија и Грција. Во Грција Евреите сакаа да го убијат, но со Своите моќни чуда Господ го спаси. Така еврејскиот архиереј којшто се устреми да го бие одеднаш ослепе и сиот поцрне. И имаше силен земјотрес и земјата се отвори и ги проголта злобните гонители на Филип. И многу други чуда се извршија, особено исцеленија на болни, заради што мнозина незнабожци поверуваа во Христа. Во Фригискиот град Јерапол свети Филип се најде на заедничка работа со свети Јован Богослов, со својата сестра Маријамна и апостолот Вартоломеј. Таму имаше некоја опасна змија, којашто незнабожците грижливо ја хранеа и ѝ се поклонуваа како на Бог. Божјите апостоли со молитва ја умртвија оваа змија. Со тоа врз себе го навлекоа гневот на помрачените луѓе. Озлобените незнабожци го фатија Филип и го распнаа на дрво главечки, потоа го распнаа и Вартоломеј. Тогаш земјата се отвори и го проголта судијата и мнозина други со него. Во голем страв луѓето притрчаа да ги симнат апостолите. Но успеаја да го симнат жив само Вартоломеј, Филип веќе беше издивнал. На крстените Вартоломеј им го постави за епископ Стахиј, когошто претходно тој и Филип го исцелија од слепило и го крстија. Стахиј беше слеп четириесет години. Подоцна моштите на свети Филип се пренесени во Рим. Овој прекрасен апостол пострада во 86 година, во времето на царот Дометијан.

Светиот Цар Јустинијан, по потекло е Македонец од околината на Скопје. Словенското име му е Управда. Го наследи на престолот својот чичко Јустин. Големината на овој цар е неразделно поврзана со неговата длабока православна вера. Веруваше и живееше според верата. За време на Чесниот Пост не јадеше леб и не пиеше вино, а се хранеше со зеље и пиеше вода секој втор ден. Завојува со дунавските варвари само затоа што ги кастрираа заробениците. Ова е еден од знаците на неговото човекољубие. Беше среќен и успешен во војните и во работата. Изгради голем број прекрасни храмови, од кои најубав меѓу најубавите е Света Софија во Цариград. Ги собра и ги издаде римските закони. Самиот издаваше многу строги закони против неморал и распусност. Ја состави црковната песна „Јединородни Сине и Слове Божји", којашто од 536 година почна да се пее на литургија. Го свика Петтиот Вселенски Собор во 553 година. Се упокои мирно на 14 ноември 565 година во осумдесеттата година од својот живот и се пресели во Царството на небесниот Цар.








# КЛУЧ ЗА РАЗБИРАЊЕ НА ПРАВОСЛАВНИОТ ДУХОВЕН ЖИВОТ

*Митрополит Струмички г. Наум*

Во современата теолошка литература со терминот 'исихазам' го означуваме конкретното духовно-практично и богословско движење кое се развило во светогорскиот монашки центар уште во 14 век. За прв пат учењето на исихазмот е изложено во теолошката синтеза на православната монашка духовност на светогорскиот монах свети Григориј Палама, подоцнежен Архиепископ солунски. Исихазмот како православно учење потврден е и од Црквата на соборите од 1341, 1347 и 1351 година во Константинопол. Во соборната теолошка свест на Православната Црква, овие собори го имаат значењето на Осми Вселенски собор.

Исихазмот, пред каква било теологија и учење, означува начин на православен духовен живот во Црквата кој се одвива во молитвено тихување, исполнет со умносрдечна молитва, преку која се бара и доживува жива благодатна и лична заедница со Бог, во Неговата несоздадена светлина. Самиот грчки збор 'исихија' (ησυχία) значи тишина, мир. Во аскетската терминологија овој збор се користи за да се означи внатрешното молитвено тихување на умот во срцето. Може да се рече дека исихазмот во Православната Црква е основен духовно-подвижнички и философско-теолошки метод на христијанско гледање, доживување и познание на Бог, а со тоа и на човекот и на светот.

Кога говориме за умносрдечната молитва, мислиме на кратката молитва која се содржи од зборовите 'Господи Исусе Христе, помилуј ме!'. Оваа кратка молитва може да се изговара и со два-три збора повеќе или помалку. Суштината на кратката молитва е во непрестајното и нерасеано пребивање на умот во Бог, во заедница со Него. Токму заради тоа умот да може полесно да се собира и да пребива во зборовите што ги следи, при молитвата се користат мал број зборови кои постојано се повторуваат. Според учењето на Отците, многуте зборови го расејуваат умот.

Умносрдечната молитва е дар Божји коишто го добиваат оние коишто во доволна мера го очистуваат своето срце од страстите. Препознатлив знак за ова е пројавата на благодатта на Крштението во доволно очистеното срце. Само таа благодат може да го привлече умот, да му го покаже 'местото на срцето' и да го држи собран во молитвата таму. Она што Бог на крајот му го дарува на подвижникот е непрестајната умносрдечна молитва и гледањето на несоздадената божествена светлина.

И, да не заборавиме дека корените на исихазмот се наоѓаат уште во најраното христијанско предание на првата Црква; а, како што вели свети Григориј Палама, светилникот на Православието, уште во Светињата на светињите, во срцето на Пресвета Богородица и Секогашдева Марија. И уште, да не заборавиме, дека секој дар човекот преку Неа го добива, особено дарот на непрестајната умносрдечна молитва и гледањето на несоздадената божествена светлина.

Продолжува...

# A KEY TO UNDERSTANDING THE ORTHODOX SPIRITUAL LIFE

*Metropolitan of Strumica g. Naum*

In contemporary theological literature the term "hesychasm" refers to the specific spiritual-practical and theological movement that developed in the Athonite monastic center as early as 14th century. The teaching of hesychasm was expounded for the first time in the theological synthesis of the Orthodox monastic spirituality by the Athonite monk, later Archbishop of Thessalonica, St. Gregory Palamas. As an Orthodox doctrine it was also adopted by the Church at its Councils convened in 1341, 1347, and 1351 in Constantinople. In the catholic theological consciousness of the Orthodox Church, these Councils have the significance of the Eighth Ecumenical Council.

Hesychasm—rather than being only theology or doctrine—in the first place implies a mode of Orthodox spiritual life in the Church. It is a life that proceeds in prayerful stillness and is dominated by the mind-and-heart prayer. By means of this prayer man seeks and experiences living, graceful and personal union with God in His uncreated light. The Greek word "hesychia" ([1]συχία) means silence, stillness. In the ascetical terminology it is used to denote the inner prayerful stillness of the mind in the heart. It can be said that in the Orthodox Church hesychasm is the fundamental spiritual-ascetical and philosophical-theological method of Christian contemplation, experience and knowledge of God, man and of the world.

When speaking about the mind-and-heart prayer, we refer to the short prayer composed of the following words, "Lord Jesus Christ, have mercy on me!" This single-phrased prayer can be also said with a few words more or less. The essence of the single-phrased prayer is in the continuous and undistracted abiding of the mind in God, in union with Him. The small number of words—constantly repeated—are used during prayer in order for the mind to concentrate itself and abide in the words it follows with greater ease. According to the teachings of the Holy Fathers, many words distract the mind.

The mind-and-heart prayer is a gift of God given to those who have purified their heart from the passions to a sufficient extent. A distinguishing trait of this is the manifestation of the grace of baptism in the sufficiently purified heart. This grace only can attract the mind, show to it the "place of the heart" and keep it there collected in the prayer. God eventually grants the ascetic the unceasing mind-and-heart prayer and beholding of the uncreated divine light.

Let us not forget that the roots of hesychasm are traced as back as the earliest Christian Tradition of the first Church; and, as St. Gregory Palamas, the beacon of Orthodoxy, says, as early as in the Holy of Holies, in the heart of the Most Holy Mother of God and Ever-Virgin Mary. In addition, let us not forget that man receives every gift through Her, especially the gift of the unceasing mind-and-heart prayer and the beholding of the uncreated divine light. Her beautiful Name fills man's heart with compunction—Mother of God and Ever-Virgin Mary.





# МОЛИТВАТА Е ШТИТ И ОРУЖЈЕ НА ДУШАТА

*Силвана Горгиев*

Во едно гратче си беа две деца кои редовно одеа во Црква, ама не сакаа редовно да си ги кажуваат молитвите секој ден.
После некое време молење, мајката ги однесе децата во еден манастир каде што сакаше да ги запознае со монахот кој живееше таму. Се надеваше дека можеби некако ќе им покаже на децата дека е најубаво да се молат редовно наутро и навечер.
Така, едно утро наместо во локалната црква, отидоа во најблискиот манастир. Децата се радуваа толку многу на дрвјата, на конаците, на црквата, на животните и сета природа наоколу. Да знаете само колку по различно изгледаше низ нивните детски очиња.
Откако се поклонија во црквата, излегоа надвор и го здогледаа монахот кој што живееше таму. Мајка им си зеде благослов од него, а по него и дечињата го направија истото. Толку беше величествен монахот во нивните очи. Беше толку висок, што се држеа за раче додека го гледаа. Имаше толку долга коса и брада, што без осет самите си ги допираа образите.
- Како воинот во мојата сликовница е овој монах – прошепоти едното. Другото детенце само климна со главата и го погледна во рацете.
- Нема копје - прошепоти.
Ова го слушна монахот и клекна пред нив за да ги гледа директно во очи и им рече:
- Ооооо копје? Јас имам копје ама невидливо е. Моето копје е направено од молитва. А мајка ви ми кажа дека и вие имате копје. Дека секое утро и вечер го острите со вашите утрински и вечерни молитви.
На ова малите деца се засрамија, бидејки знаеа дека не ги читаат молитвите и покрај толку молење од нивната мајка. Тогаш поголемото дете се побуни. – Никој не може да се спротистави на никој со невидливо копје. Монахот со насмевка им одговори:
- Се се успева со молитва и љубов. Молитвата е оружје и штит на душата, но исто и дом каде што живее душата. Како што вдишуваме воздух за да сме живи, така нашата душа, дише со молитвата. Без неа би биле како електронските играчки. Празни кога ќе им се испразни батеријата. Зарем би сакале да сте како машини, без душа. А кога молитвата е редовна и силна, тоа е најголемото оружје. Тогаш ништо не може да ве натажи или разочара.
Но ако не сте редовни со утринските и вечерните молитви, е тогаш многу често ќе бидете повредени и тажни.
Додека слушаше, помалото детенце се потсети како одби да се помоли сабајлето и веднаш потоа се скара со своето другарче, и колку му беше тешко и колку плачеше. Затоа веднаш се заврте кон мајка му и ѝ шепна дека треба да се вратат дома за да си ги прочита молитвите. Дека неговото оружје не е остро, и бил многу тажен.
Мајката цврсто ги гушна малите, додека поголемото се тргна и го фати монахот за рака, прашувајки го уште многу прашања за молитвата. Откако ги пушти малите да одат покрај монахот, само прошепоти, Молитвата е љубов, Господ е љубов.



# УЛОГАТА НА ЦАР ЈУСТИНИЈАН ПРВИ ВО КОНТИНУИТЕТОТ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ЦРКОВЕН ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА




*Митрополит Струмички г. Наум*

Во периодот на првата половина од шестиот век во Константинопол се појавува правоверна и многу побожна царска династија што потекнува од нашите простори. Новите цареви го поведуваат Источното Римско Царство по нов историски тек, во голема преродба и на световен и на духовен план. Предводник на оваа династија е царот Јустин Први (владеел 518–527), кој потекнува од малото место Бедеријана, коешто многумина научници го пре-познаваат во денешното скопско село Бадер. За него во историјата е запишано дека иако бил обичен селанец, сепак бил многу интелигентен, мудар и прониклив. Тој од обичен војник напредувал до офицер и заповедник на императорската војска, а по смртта на ромејскиот цар Анастасиј (518 година) бил избран за нов наследник на престолот.

Меѓутоа, сите заслуги и целата слава на оваа династија ги носи неговиот внук од сестра Јустинијан (482–565), кој бил негов советник и совладетел. По потекло бил исто така од Македонија, од околината на Скопје, од малото место Таврисион, денешното скопско село Таор. Лаичкото име му било Управда. Го наследил на престолот својот чичко Јустин во 527 година. Големината на овој цар е неразделно поврзана со неговата длабока вера. Верувал православно и живеел според верата. Во неговото житие стои дека за време на Великиот пост не јадел леб и не пиел вино, а се хранел само со зелје и пиел вода секој втор ден. Бил успешен во војните и во работата. Изградил голем број прекрасни храмови, од кои најубав меѓу сите е Света Софија во Константинопол (Цариград). Го поддржувал развојот на монаштвото и устроил многубројни манастири, меѓу кои и манастирот на света Екатерина на Синај. Во средината на шестиот век, за време на владеењето на Јустинијан Први се одви-ва посебен процут на градежништвото и во Македонија. Само две години откако се зацарил, во Константинопол го отворил првиот Христијански универзитет, на местото од Атинскиот пагански универзитет, којшто бил последен силен генератор на саморефлексивни мислители и дејци неподготвени да го прифатат патот на егзистенцијалната преобразба на човековото битие според образецот на Христовото Евангелие, во кое, пак, Јустинијан гледал единствен извор на вистина, мудрост и светлина. Ги собрал и ги издал римските закони во познатиот Јустинија-нов Кодекс. Самиот пишувал многу строги закони против неморалот. Го востановил празникот Сретение Господово. Пишувал и богословски дела. Ја составил црковната песна „Единороден Сине и Слово Божјо“, која од 536 година наваму се пее на светата Литургија. Го свикал Петтиот Вселенски собор во 553 година. Се упокоил мирно на 14 ноември 565 година, во осумдесеттата година од жи-вотот, и се преселил во Царството на Небесниот Цар. Не случајно Црквата Божја го вброила во редот на своите светители.

Несомнено цар Јустинијан бил еден од најобра-зованите луѓе во својот век. Како владетел ја отелотво-рил римската универзална идеја. Воспоставувањето на универзалното Римско Царство




било вековен копнеж на секој Ромеец. Светиот цар Јустинијан успеал со својот сестран дух и цивилизаторска моќ, а пред сè со својата длабока вера, тоа да го постигне барем во времетраење од еден краткотраен историски интервал.

Царот Јустинијан, како што вели Единаесеттата новела од неговите законски зборници од прописи за Црквата, свештенството и манастирите (Novellae), сакајќи да ги возвеличи својата татковина и родното место, прво го подигнал градот Јустинијана Прима на местото на своето мало село и го назначил за епископско седиште на новооснованата Архиепископија Јустинијана Прима (Прва). На овој начин во 535 година на територијата на Македонија била основана самостојната Архиепископија Јустинијана Прима. За прв архиепископ бил именуван Кастелијан, а нејзината канонска јурисдикција ги опфаќала областите: крајбрежна и средоземна Дакија, остатокот од Втора Панонија, Прва Мизија, Превалитанија, Дарданија и Втора Македонија. Јустинијан на новата Архиепископија ѝ доделил највисок можен ранг, веднаш зад Рим и Константинопол, дури и пред Александрија, Антиохија и Ерусалим. Својата одлука од 11. Новела од 535 година, царот ја потврдил со 132. Новела во 545 година. Познати се и други архиепископи на Јустинијана Прима, како што се: Бененат, Павле, Јован I, Леон, и последниот – Јован IX, кој во 680–681 година учествувал на Трулскиот собор во Цариград.

Веќе имаме нагласено дека суштинско црковно име на Македонската Православна Црква е Охридска Ар-хиепископија. Согласно историските факти и уставот на нашата Црква, на Црковно-народниот собор во Охрид, во 1958 година, во лицето на Македонската Православна Црква била возобновена Охридската Архиепископија, а Поглаварот на Македонската Православна Црква ја добил титулата Архиепископ Охридски и Македонски; случување кое Српската Православна Црква во 1959 година го по-тврди со своја соборска одлука, а што е уште поважно, го потврди со Литургијата на која Српскиот патријарх Герман во сослужување со Архиепископот охридски и македонски Доситеј, како и со Бачкиот епископ Ника-нор, на 19 јули 1959 година, во Скопје, го хиротониса новоизбраниот Епископ преспанско-битолски Климент. Ова изворно и суштинско црковно име на нашата Црква – Охридска Архиепископија, во остварените средби со другите сестрински Православни Цркви, никогаш досега не било доведено во прашање.

Автокефалната Охридска Архиепископија, како Црква со седиште на овие простори, се темели врз уште постара Црква од шестиот век, а тоа е Црквата за која досега говоревме – Јустинијана Прима, во тоа време, како што веќе подвлековме, трета по чест меѓу поме-сните Цркви, после Рим и Цариград. Тоа е црковен и организационен континуитет на којшто секој може да му позавиди. Непобитен доказ за ова е фактот што многуми-на од Охридските архиепископи се потпишувале и

како архиепископи на Јустинијана Прима.

Соседните народи во текот на вековите оформиле свои сопствени центри на државна и на црковна моќ, откинувајќи, канонски или неканонски (како на пример тогашната Пеќска Патријаршија, а денешна Српска Православна Црква), територии што се наоѓале под црковна јурисдикција на Охридската Архиепископија. Токму тоа е сведоштво дека Охридската столица не ја познавале и не ја чувствувале како свој црковен центар, но добро знаат и денес дека таа, со Охридскиот универзитет, е нивен духовен и културен центар – од тука па до Русија – и извор на нивниот црковен, а да не кажам и државен идентитет.

Во ова се состои вистинското достоинство на Ох-ридската Архиепископија и нејзината голема историска улога. Божјата промисла го задржала Охридскиот црковен центар како оска околу која ќе се случуваат сите битни настани поврзани со времениот и вечен опстој и благобитие, како и со духовниот и национален идентитет на македонскиот православен народ. Затоа разнебитува-њето на Охридската Архиепископија било основна цел на секој непријател на Македонија и на македонскиот народ. Но, ако е Господ со нас, кој ќе е против нас?! Затоа не можеме и нема да дозволиме никому да ги присвојува името Охридска Архиепископија и титулата Архиепископ Охридски. Напротив, би требало поглаварот на Македон-ската Православна Црква во својата титула ‘Архиепископ Охридски и Македонски’ да ја додаде и апозицијата ‘на Јустинијана Прима’, за да го посведочи континуитетот за којшто погоре говоревме.

Но да видиме накратко како се обезбедува ова единство и континуитет на Црквите – и денес, и низ вековите, па до есхатонот...

Секоја локална Православна Црква посебно, но и сите заедно, преку својот домашен епископ во светата Евхаристија, благодатно се проникнуваат и се поисто-ветуваат меѓу себе и не сочинуваат ништо друго освен Една, Света, Соборна и Апостолска Црква. Поделбата на помесните Цркви според просторот на државите во кои дејствуваат (Македонска, Српска, Грчка, Бугарска итн.) е само административна, иако пастирски многу значајна. Со други зборови, сите локални Православни Цркви во светата Евхаристија се поистоветуваат со Телото Хри-стово, што значи и со првата Црква Божја основана во Ерусалим и со есхатолошката Црква во Невечерниот ден на Царството на Отецот и Синот и Светиот Дух. Само овие Цркви, во пастирска и административна смисла, навистина се и можат да се наречат Една Црква зашто меѓу нив постои не само единство во верата туку и единство како благодатно битијно поистоветување и проникнување.

Погоре кажаното за неразделното благодатно единство на Црквата како денес така и низ вековите, воопшто, и посебно меѓу Црквите Јустинијана Прима, Охридска Архиепископија и Македонска Православна Црква – накратко, но јасно, ни се открива во ‘тајната на апостолското преемство на епископите’, попозната како ‘хиротонија на епископ’. Апостолското преемство исто-времено е и предание на вистинската вера (на вистината) и предавање на благодатта или светотаинско предание, што значи совршување на божествената Евхаристија и на другите Свети Тајни, односно ‘раздавање на благодатта’. Затоа секој православен христијанин и до денешен ден може на Светата Тајна Крштение и на Светата Тајна Евхаристија во своето срце да ја прима полнотата на благодатта, полнотата на Божјиот несоздаден живот и енергија, полнотата на преданието.

Значи, благодарение на Бог и благодарение на Пресвета Богородица, Која во Свој дел ја добила Маке-донија како место за мисија, и благодарение на светиот апостол Павле, кој проповедал тука, па преку светите браќа Методиј и Кирил и нивните ученици, светите Климент и Наум, на просторот на Република Македонија постои континуиран православен духовен живот и по-двиг цели дваесет века. Но она што е најважно за нас и за нашиот посебен духовен идентитет, а за што посебно му благодариме и на светиот цар Јустинијан, е фактот што овој духовен живот е раководен од еден домашен црковен центар безмалку цели петнаесет века. Овој факт не треба да го превидува ниту нашата црковна ниту на-шата световна историја.

Непрекинатиот православен духовен живот се одразил врз севкупниот светоглед на македонскиот човек низ вековите. Влијанието на православната духовност во сите области на световната и на црковната култура во текот на историјата се пројавува како постојан израз на преобразениот од благодатта личен творечки гениј на просторот на којшто живееме. За ова денес најдобро ни говори наследството на Црквата преку нејзиниот иконо-пис, преку нејзината поетска и дидактичка книжевност, преку нејзината архитектура, црковното пеење и другите сочувани естетски форми, кои истовремено и силно се канализираат сè до денес во нашиот современ начин на изразување и бивствување – не само во Црквата туку особено надвор од неа – како длабоко вкоренети и постојано плодни. Заради пример само, би се задржале накратко на суштинската взаемност меѓу православната теологија и православната црковна архитектура:

Прво, догмата за Воплотувањето на Еднород-ниот Син Божји, односно вистината дека Бог стана човек – или правецот на движење од небото кон земјата – во црковната архитектура се изразува преку куполата (сим-болот на небото) и нејзиното постепено архитектонско симнување преку тамбурот и системот на пандантифите (симбол на крстот), лаците и столбовите, па сè до земјата. Не

стана човекот преку самиот себеси бог, и затоа не познаваме во црковната архитектура шилесто движење од земјата кон небото.

Второ, догмата за разликување меѓу Божестве-ната суштина и Божествената енергија во Бог, којашто енергија светите Божји луѓе ја гледаат со своите преобразени сетила како несоздадена божествена светлина, во православната архитектура се пројавува како минимална потреба за светлина од надвор и како минимална по-треба за поглед кон надвор и расејување на сетилата – архитектонски изразена со малите и високо поставени прозорци во храмовите.

Трето, мистагогијата или тајноводството во Црквата од пониските кон повисоките степени на духовен развој – од очистување, преку просветлување, до обо-жение – се пројавува во поделбата на храмовиот простор на олтар, главен брод, литија и нартекс, во кој човекот преку западниот главен влез на црквата влегува и се движи кон олтарот. Православната црковна архитектура не познава главни странични влезови, ниту подигнатост на нивото на храмот над нивото на земјата и заради тоа потреба од влез преку многу скали.

Четврто, вниманието врз нашето срце како центар на нашиот духовен живот опишано во православната етика и аскетика, како и соборот на светата Литургија како централно случување во Црквата, во православната архитектура се пројавува како архитектонско организира-ње на целото населено место околу православниот храм како негов центар, без оглед на тоа дали се работи за манастир, село или град. Ова најубаво денеска се гледа во архитектурата на православните манастири, итн.

Целиот овој синџир на предание од светите Апо-столи до денес, во кој позначајна алка е и светиот цар Јустинијан, а чии наследници и сведоци сме ние денес, ни покажува дека Црквата не е и не смее да биде на маргините на нашето живеење. Пред малку намерно напомнав дека сме и наследници и сведоци на ова свето предание. Наследник е едно, а сведок е друго. Сведок е оној што е проникнат од тоа предание и сведок е оној што со својот живот и подвиг се вткал себеси во тоа предание. Сведок за нас во Црквата е оној што се восовршува во тоа што го наследил и автентично го предава наследеното. Сведок е оној што со преданието не наследува само нешто минато туку и нешто идно, нешто што уште не е и веќе е – залогот и полнотата на Царството Небесно. Поимот 'сведок' претпоставува одговорност и задачи.

Двоедна задача ни претстои нам во Црквата: самите себе да се 'очистиме', 'просветлиме' и 'обожиме', да стекнеме мудрост и познание, а потоа и другите да ги научиме, да им помогнеме во процесот на 'очистување', 'просветлување' и 'обожение'. Одговорни сме да ги храниме и умот и срцето на народот којшто Господ ни го довери. Умот на човекот се храни со знаење за земните и за небесните нешта. Срцето на човекот се храни со плач, со молитва, со света Причест, со љубов дури и кон непријателот. Само хранењето на срцето е онтолошко поврзување со преданието што сме го наследиле. Единстве-но тоа ни дава можност однатре да му пристапиме на наследеното и да го познаеме. Затоа што знаењето што е само интелектуално гордее и разградува, а љубовта гради. Затоа што вистинското знаење и познание прет-поставува љубов и заедница, всушност секогаш е љубов и заедница. Преку исполнување на Божјите заповеди, стигнуваме до познание на Бог: Оној којшто ги исполнува Моите заповеди е тој што Ме љуби.

Севкупното предание на Црквата секој православен христијанин го прима на денот на светото Крштение во своето срце. Актуелизацијата на светото предание на Црквата не е ништо друго туку актуелизација на благодатта на Крштението во нашето срце. Затоа, централно место во преданието на Црквата од светите апостоли па преку светиот цар Јустинијан до денешен ден, заземаат аскетско-исихастичкиот подвиг и светата Литургија, или Евхаристија на Црквата, како начин и место за откривање на бесконечноста на внатрешните простори на срцето и на Царството Небесно, и силно сведоштво за нив кон надворешниот свет.



Светогорскиот монах Наум, според Божјата промисла во 1995 година е хиротонисан за епископ и интронизиран за Струмички митрополит. Оттогаш го возобнови православниот духовен живот во својата Епархија, особено монашкиот живот. Го заживеа литургиско-мисионерскиот живот, а во тие рамки ги заживеа и градежната, издавачко - просветната, културната, како и социјално-хуманитарната дејност.

## Civil Engineering & Construction

Kodi Civil







- Excavation
- Stormwater & drainage
- Base preparation
- Concrete roads & slabs
- Retaining walls (block, brick, concrete)
- Asphalt car parks, road construction, sports grounds, public domain and streetscape

For all quotes and general enquiries call

**(02) 9580 6147**

tony@kodi.com.au

Tony Kotevski 0414 961 919 & Tony Dimcevski 0402 405 050

Kodi Civil • 20 Barry Avenue, Mortdale NSW 2223

# Bears GROUP



**AWARD WINNING ACCIDENT REPAIR CENTERS**

**NATIONAL HAIL REPAIR NETWORK**

# 1800 637 798

**Wollongong, Albion Park, Corrimal, Helensburgh, Cringila, Orange, Bathurst**

P: 107 - 109 Montague St Wollongong
E: mail@bearsautohosital.com.au

Think BEARS for repairs!

# WOLLONGONG UNITED

## F O O T B A L L  C L U B







WOLLONGONG UNITED FC 1976

facebook.com/wollongong.unitedfc

@WollongongUtd

# #WeAreUNITED

# МАКЕДОНЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА ДАДОА ГОЛЕМ ВЛОГ ВО АФИРМАЦИЈАТА НА МПЦ ОА[1]

*Митрополит Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско - сиднејски г. Тимотеј*

Драги браќа и сестри,

Пред педесет години, Третиот црковно-народен собор одржан во Охрид донесе историска одлука. Поточно, донесе заклучок Светиот архиерејски синод да го возобнови автокефалниот статус на Охридската архиепископија, во лицето на Македонската православна црква. Во овој временски период, нашата Света Црква се развиваше на сите полиња. Се возобновија многу цркви и манастири, се отвори Богословско средно училиште и Богословски факултет. Се изградија нови епархиски центри. Се умножи свештенството и монаштвото. Се отворија нови епархии во дијаспората. Се собраа браќа Македонци од сите краеви на разделената Македонија. Се создадоа кадри со високо богословско образование и со владеење на повеќе странски јазици. Истите се здобија со научни титули доктори и магистри, а сето тоа за афирмација на словото Божјо среде нашиот народ, но, исто така, и да се покажеме како Црква и народ и пред останатите православни цркви, како и пред другите христијански деноминации и пред инославните народи.




Овој повод ни дава поттик да искажеме благодарност на сите членови, како на Светиот архиерејски синод, така и на соборјаните, коишто учествувале на овој историски значаен чин. Нас, пак, како современи чинители во животот на Црквата, нивното дело не обврзува да продолжиме да се бориме за афирмација и признавање на нашиот автокефален статус помеѓу останатиот православен свет.

Македонскиот православен човек, кој од разни причини се најде на Австралискиот континент, даде голем влог во афирмација на нашата црква, на нашата историја, како и за зачувување на нашиот народ во демократска Австралија. Се молиме на Семилостивиот Господ Исус Христос, а и на нашиот патрон свети Климент Охридскиот Чудотворец, да ни дадат сила и умеење да можеме сите недоразбирања да ги надминуваме во братска љубов, а сè за доброто на нашата вера и Црква и за спасение на нашите души. Ве поздравувам сите и нека е честит јубилејот.
За многу години!

---

[1] Обраќање до црковните општини во Австралија, по повод прославата на големиот .”јубилеј „50 години автокефалност на МПЦ-ОА



Од 21. IX 1981 година, со Одлука на САС на МПЦ, е назначен за Митрополит Австралиски, т.е. да раководи со Австралиската македонска православна епархија. Тогашните услови налагаа да му биде доделена и упразнетата (по изборот на тогашниот Митрополит Дебарско–кичевски Ангелариј за Архиепископ) Дебарско–кичевска епархија како нејзин Администратор со седиште во Охрид, од каде што со голем елан, самопрегор, трпеливост и тактичност ќе раководи со двете епархии.

# МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА НЕ Е „НОВА“ ЦРКВА[1]

*Архимандрит Гаврил (Галев)*




*Почитувани екселенции, Ваше преподобие, ценети пречесни отци, драги браќа и сестри,*
Се собравме во овој ден да го одбележиме јубилејот „50 години од прогласувањето на МПЦ како автокефална Црква“ во соборот на Едната Света и соборна и Апостолска (Православна) Црква.
Воедно сакам да потсетам на уште еден голем историски ден за македонскиот народ кој што го чествуваме, а тоа е 26 години од осамостојувањето на Р. Македонија.

1 *Слово по повод прославата на големиот јубилеј „50 години од прогласувањето на автокефалноста на Охридската Архиепископија како Македонска Првославна Црква“*

Чест е и одговорност да се зборува за историјата на Охридската Архиепископија - Македонската Православна Црква и многу е тешко од сета Нејзина богата историја да се издвојат сите настани. Колку македонскиот народ е поврзан и си ја сака црквата се гледа од вашата многубројност вечерва. Салата беше премала да ги собере сите заинтересирани кои сакаа да учествуваат на ова историска прослава. Меѓутоа, ако салата ни е тесна, да ни се широки срцата, па да ги примиме внатре тие што дојдоа, тие што сакаа, а неможеа да дојдат и тие што беа поканети и не сакаа да дојдат. Утре на заедничката Литургија, која што ќе ја служиме во црквата „Света Петка“ во Рокдејл од 9 часот наутро, на сите им се отворени вратите да дојдат и заеднички да се помолиме и да му пренесеме благодарност на Бога за Неговите изобилни дарови што ни ги дава.

## *Црквата е телото Христово*

Црквата Господ ни ја оставил како Негово благодатно присуство на земјата во која сите ние се собираме (воцрквовуваме) и постануваме едно меѓу себе и со Христос, т.е. стануваме обожено тело Христово. И како што е едно телото Христово, така е и една Црквата, според зборовите на Св.ап. Павле: И како што телото е едно, а има многу делови, и сите се делови тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се... и уште: Вие сте телото Христово, а поодделно членови. (I Кор.12,12-27). Исто така и Црквата има многу посебни локални епископални цркви и сите тие ја сочинуваат едната, света, соборна и апостолска црква, без да се повредуваат во својата единственост и меѓусебното единството.
Бидејќи Црквата се идентификува со Евхаристијата, а таа е една, неделива и секогаш потполна; така и Црквата, која е заедница на верните собрани на едно место околу својот епископ на светата Евхаристија, е една, неделива и потполна. Според тоа и епархиите на МПЦ – ОА се една, неделива и потполна епископална Црква и се во нераскинливото единство со другите останати локални епископални Цркви во целата Екумена.
Единството на локалната и универзалната (Соборната) Црква не е некакво единство во ‘колективност’ (каде што локалните Цркви би сочинувале ‘делови’ од една поголема ‘целина’), туку е благодатно единство во идентитет, каде што сите локални епископски Цркви, во светата Евхаристија, се поистоветуваат меѓусебно и со Телото Христово, односно и со онаа првобитна Апостолска Црква во Ерусалим и со есхатолошката Црква на Невечерниот ден на Царството на Отецот и Синот и Светиот Дух.

# Почетоците на црквата во Македонија

Црквата во Македонија или Македонската Православна Црква не е „нова“ Црква. Нејзините корени се уште од апостолско време. Христијанството во Македонија, прв го проповеда и проширува Светиот апостол Павле за што сведочат и Делата Апостолски. На тие негови патувања бил придружуваат и од други апостоли, кои подоцна и самите независно од Светиот апостол Павле ќе проповедаат и ја шират црквата Божја на нашите простори. Низ Македонија проповеда и Светиот апостол Андреј Првоповикан кој ја организира Црквата во Македонија и го поставува Светиот апостол Урбан за прв епископ во Македонија. Исто така во Македонија проповедаат и други апостоли.

Во црковната историја и житијата на светиите може да видиме дека христијанството во Македонија во првите три века било проширено низ сета нејзина територија. И како резултат на тоа, веќе на почетокот на IV век христијаните на просторот на Македонија имале организирана Црква со црковна ерархија, чии епископи редовно учествуваат на помесните и вселенските Собори.

Во V век на просторот низ цела територија на Македонија постојат повеќе митрополии и епископии, од кои попознати биле Солун, Скопје, Хераклеа, Баргала, Стоби и др. Во тој пероиод низ цела територија на Македонија никнуваат и многу ранохристијански базилики, црковни храмови.

Во VI век, за време на владеењето на царот Јустинијан I (527-565), кој потекнувал од с. Тврисион, близу до денешното Скопје, Р. Македонија, како што вели 11 новела од неговите законски зборници од прописи за Црквата, свештенството и манастирите (Novellae), сакајќи да ги возвеличи својата татковина и родното место, прво го подигнал градот Јустинијана Прима на местото на своето мало село и го назначил за епископско седиште на новооснованата автокефална Архиепископија Јустинијана Прима (Прва). За прв архиепископ бил именуван Кастелијан, кој по својот углед бил трет по ранг, веднаш зад Цариград и Рим, дури и пред Александрија, Антиохија и Ерусалим.

Делото на светиот апостол Павле и светиот цар Јустинијан I го продолжуваат светите браќа Методиј и Кирил и нивните ученици светите Климент и Наум Охридски. Во втората половина на X век, во рамките на Самуиловата држава е организирана Охридската автокефална Архиепископија, врз темелите на Јустинијана Прима. Охридските архиепископи, сакајќи да го назначат континуитетот и да ја наследат славата на Архиепископијата на Јустинијан Први, се потпишувале како Архиепископи Охридски и на Јустинијана Прима. Царот Самуил дури ја подигнал Архиепископијата на ранг Патријаршија.

Подоцна, по битката на Беласица, кога трагично пропаднало Самоиловото царство, византискиот цар Василиј II, кој и самиот Македонец, сфаќајќи и познавајќи го огромното значење на Охридската патријаршија за балканските и источните народи, не ја укинал нејзината автокефалност, туку само ја симнал во ранг на Архиепископија, а границите и останале исти, како и нејзините права и привелегии. Како таква постои цели осум века, сè до 17 мај 1767 година кога неканонски е укината од страна на турскиот султан Мустафа III, а нејзините епархии се присоединети кон Цариградската патријаршија.

Македонскиот народ со тоа не се помирил. Од тој момент па наваму, прави постојани напори за нејзино обновување. Тие напори особено се зголемуваат во шеесетите години на XIX век кога дошло до силно сенародно движење за отфрлување на јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Големо мнозинство од македонскиот народ ја отфрлил јурисдикцијата на Цариградската патријашија, но поради спротиставувањето на турската власт, не се успеало да биде обновена Охридската архиепископија. Тие црковни заедници што се отцепиле од Патријаршијата прибегнале од закрила на Бугарската Егзархија. Во тоа време Бугарите, заради силното влијание во Цариград, успеале на своја страна да ја придобие Високата порта и во 1870 година да формира Бугарска црква, позната како Егзархија, чија дијацеза ги опфаќала и македонските епископии.

Така да еден дел од македонското население останал и натаму под духовна управа на Цариградската патријаршија, а некои, пак, црковно-училишни општини во јужниот дел на Македонија прибегнале кон Рим мислеки дека на тој начин ќе успеат да организираат своја самостојна Македонска црква. Со што се дошло до уште полоша црковна состојба и поделба на македонскиот народ.

Да биде уште по трагично, во почетокот на XX век доаѓа до уште покомплицирана состојба кога СПЦ ги откупила епархиите од Вардарскиот дел од Цариградската патријаршија и тие влегле под нивна јурисдикција. Одлуката на Синодот на Цариградската патријаршија, донесена на 19 март 1920 година, гласила: „Канонски ред и обичај е работите на црковната управа да се уредуваат и доведуваат во согласност со политичките промени што се случуваат и според тие промени црковните работи со внимание, како што прилега, да се приспособуваат и распоредуваат не само заради нивното уредно и целосно изведување, туку и заради поголемата полза на Црквата и на христијанскиот народ“. Нешто што истите тие нам денес истото ни го оспоруваат.





## *Македонската православна црква - Охридска архиепископија*

Нов силен замав во обовувањето на Охридската архиепископија македонското свештенство и народот завзема со новите политички промени на Балканот кога крајот на втората светска војна се наѕираше. Пред самиот крај на војната, во 1944 г. во селото Врановци е создаден Иницијативен Одбор за организирање на Македонската православна црква. На 4 и 5 март 1945 година во Скопје е одржан Првиот македонски црковно – народен собор на кој зеле учество повеќе од 300 делегати – свештеници и мирјани и на кој е донесена Резолуција за обновување на Охридската архиепископија, како Македонска православна црква. Оваа одлука е доставена и до Архиерејскиот собор на Српската православна црква која истата не ја прифатиле. Заради што во своите понатамошни барања Иницијативниот одбор истапува со одредени редукции на текстот: наместо како автокефална, бара да биде признаена како самостојна Црква. И повторно не наидува на одобрување. Од 4 до 6 октомври 1958 година, во Охрид е одржан Вториот македонски црковно – народен собор, каде што е прифатен предлогот за обнова на Охридската архиепископија, олицетворена во самостојната Македонска православна црква. За нејзин прв епископ е избран г. Доситеј (Стојковски). Ова всушност значи потврдување на одлуката на Вториот македонско црковно – народен собор. Тоа се потврдува и со одредбата од споменатата одлука, каде што се вели: „Со оваа одлука престануваат да важат прописите на Уставот на Српската православна црква за епархиите и архиереите во Македонија“. Уште е речено: „Во интерес на зачувувањето на канонското единство во Српската православна црква, сите промени во Уставот и уредбите што ги донесува Митрополитскиот црковен собор мораат да се темелат врз основа на канонски начела на Православната црква“. А, Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, доследен на традициите од минатото, секогаш и беспрекорно се стремел својата дејност да ја темели исклучиво врз догмите и канонитe на Светата православна црква.

Архиерејскиот собор на СПЦ се согласи со одлуките на Македонскиот црковно – народен собор, во одлуката АС. бр. 47/1959 година и 6/1959 година зап. 57 од 17/4 јуни 1959 година. Одлуката за самостојност на МПЦ беше потврдена од страна на СПЦ преку отслужувањето на заедничка архиерејска Литургија со српскиот патријарх Герман, на 19 јули 1959 година во црквата на Свети Мина во Скопје, и истовремено е извршена и хиротонија на Преспанско – битолскиот владика Климент. Со тоа Светиот Архиерејски Синод на СПЦ ѝ дал самостојност на Македонската православна црква, со тоа што таа и понатаму останува во канонско единство со СПЦ преку нејзиниот Патријарх. По неколку дена во црквата на Свети Никола во Штип е хиротонисан за владика на Злетовско – струмичката епархија г. Наум. Конституиран е Синодот на МПЦ според Уставот на МПЦ, како и другите административни органи и тела во Архиепископијата и во епархиите.

Во мај 1962 година во придружба од патријархот Герман, со неколку епископи на СПЦ, во посета на МПЦ дошол Патријархот Московски Алексиј, придружуван од митрополитот Никодим, епископот Пимен и повеќе високодостоинственици на Руската православна црква. На празникот на Свети Кирил и Методиј во црквата на Пресвета Богородица - Каменско во Охрид беше одржана и архиерејска Литургија, на која што служел патријархот Московски г. Алексиј, во сослужение со патријархот Српски г. Герман и Архиепископот Охридски и Митрополит Македонски г. Доситеј. Ова било прво сослужување на поглаварот на МПЦ со поглавари на други автокефални Цркви.

Во 1966 година односите со СПЦ повторно се влошуваат. По новонастанатите недоразбирања и судири, Светиот Архиерејски Синод на МПЦ на 17 јули 1967 година во Охрид го свикува Третиот црковно – народен собор, и на свечената седница во охридската црква на Свети Климент Охридски ја прогласува Македонската православна црква за АВТОКЕФАЛНА. Извршено е и дополнување на Уставот на Македонската православна црква со отварање на две нови епархии: Дебарско – кичевската и Американско – канадско – австралиската. Чинот на прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква е совршен на Светата

Архиерејска Литургија, отслужена во црквата на Свети Климент Охридски на 19 јули 1967 година, од страна на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ.

## Создавањето на национални цркви

Автокефалноста е многу важна работа во практиката и успешноста на фунционирањето на Црквата. Најчеста причина за прогласување на автокефален статус низ црковната историја биле и сè уште се територијалните и административните промени. Овие промени, особено во текот на XIX и XX век се поврзани со појавата на таканаречените национални држави, што јасно се гледа и од имињата на новите помесни православни цркви создадени во тој период. Во општиот менталитет на времето се препородува римската (византиска) идеја за потребата од сопствена црква, како услов за создавање и општо признавање на државата.
Како пример ќе дадеме краток осврт на стекнувањето на автокефалниот статус на некои од Црквите:

### Руска православна црква:

Почетоците на ова црква се од 988 година. Во периодот од 990 до 1037 година Охридската архиепископија ги ракополагала нејзините епископи, а потоа до 1448 (1453) година Цариградската патријаршија. Во 1448 (1453) самата прогласила автокефалност, а истата ѝ била признаена од страна на Цариградската патријаршија дури во 1589 година;

### Грузиска православна црква:

Почетоците на оваа црква потекнуваат од античкото Кралство Иверија каде Христијанството станало државна религија уште 337 година. Во 1811 година руската власт ја укинала и ја потчинила на Руската православна црква. Оваа состојба останала до 12 март 1917 година кога грузискиот клир еднострано прогласил автокефален статус на нивната црква што од страна на Руската православна црква било прифатено во 1943 година, а Цариградската патријаршија ова го направила дури на 3 март 1990;

### Романска православна црква:

Во 1859 година создадена е современата романска држава. Со државната одлука од 1865/66 година и законот од 1872 година, романската држава ја прогласила новоформираната Романска православна црква за автокефална. Цариградската патријаршија оваа одлука ја прифатила во 1885 година.

### Бугарска православна црква:

Нејзиното создавање е поврзано со издавањето на султанскиот ферман од 1870 година и црковно – народниот собор одржан во Истанбул во 1872 година, по што на Помесниот собор во Истамбул, во 1872 година била обвинета за етнофилетизам и прогласена за шизматичка црква. Автокефалноста ѝ била признаена од страна на Цариградскиот патријарх Венјамин на 13 март 1945 година. Во 1953 година се прогласиле за Патријаршија, а Цариград оваа одлука ја прифаќа во 1961 година.

### Грчка православна црква:

Основана е и прогласена за автокефална на 23 Јули 1833 година од страна на грчката власт. Нејзината автокефалност ја прифатил Цариградскиот патријарх Антим во 1850 година.

### Албанска православна црква:

Оваа црква е создадена на Црковно – народниот собор одржан во Берат во 1922 година кој воедно ја прогласил и нејзина автокефалност, а истата била признаена од страна на Цариградската патријаршија на 12 април 1937 година;
И на крајот,

### Српска православна црква:

Историски Српската православна црква (Пеќска патријаршија) потврдена е како независна во 1219 година од страна на Никејскиот патријарх, кога Свети Сава го прескокнал вообичаениот канонски поредок, искористувајќи ги тогашните политички (не)прилики на Балканот и наместо од Охридската архиепископија, тој пошол преку Епирскиот цар да бара отцепување на српските епархии од јурисдикцијата на Охридската архиепископија и нивна автокефалност. Наскоро следело прогласување на раскол и анатема од страна на Охридскиот архиепископ Свети Димитриј Хоматијан а подоцна повлекување на анатемата и помирување. Како таква постоела сè до смртта на патријархот Арсеније II во 1463, а нејзините епархии потпанале под Константинополска јуриздикција. Повторно Била обновена во 1557 година со помош на турската власт, но во 1766 година била и укината од исто така од турската власт. Нејзината обнова се случува кога во 1879 година Србија е признаена за независна држава (Белградската митрополија станува автокефална), а завршува во 1920 година по создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (1918);
Следејќи го вообичаениот пример на другите православни цркви, исто така и Синодот на МПЦ, откако увидела дека доволно се созреани приликите и можностите, во 1967 година, точно 200 години по нејзиното укинувањето ја прогласил својата автокефалност. Што не е ништо ново и ништо невообичаено во Православниот свет, но за жал, останатите сестрински цркви сеуште остануваат глуви на нашата болка и се негира и оспорува

нејзината автокефалност. Иако ги исполнуваме сите потребни нешта, таа сеуште не е официјално призната од останатите помесни православни цркви, но се надеваме дека во најскоро време, ќе преовладува христијанскиот разум ќе ги победи ситно националистичките и тесноградо асимилаторски интереси од поединци и позитивно ќе се одлучи повторно да се воспостави нарушената евхаристиска заедница и нејзино официјалното административното признавање.

## *Македонската православна црква – Охридска архиепископија - денес*

Дијацезата на Македонската православна црква не се протега само на подрачјето на Македонската држава, туку и во црковните општини надвор од границите на Републиката, организирана во 12 Епархии.

Денес, со Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква претседава Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан. Останатите членови на Синодот се:

- Митрополит Преспанско – пелагониски и Администратор Австралиско- новозеландски г. Петар
- Митрополит Дебарско – кичевски и Плаошки и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј
- Митрополит Струмички г. Наум
- Митрополит Повардарски г. Агатангел
- Митрополит Американско – канадски г. Методиј
- Митрополит Европски г. Пимен
- Митрополит Брегалнички г. Иларион
- Митрополит Тетовско – гостиварски г. Јосиф
- Митрополит Кумановско – осоговски г. Јосиф
- Викарен Епископ Хераклејски г. Климент
- Епископ г. Горазд, поранешен Митрополит на Европската епархија

Според точката 17 од Образложението на Одлуката за автокефалност, Македонската православна црква како административен дел од едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, ќе ги чува Светото Писмо, Светото Предание, апостолските Правила и прописите на вселенските и помесните Собори и ќе се раководи согласно со нив и со Уставот на Македонската Православна Црква

Со 12-те епархии на МПЦ - ОА управуваат десет активни Епископи на кои моментално им помагаат околу 600 активни свештеници во околу 500 парохии со повеќе од 2000 цркви и манастири. Надвор од границите на Р. Македонија МПЦ пастирски дејствува во 4 епархии во дијаспората.

Продолжувајќи ја просветителската мисија на Охридската Свети Климентова школа, согласно современите текови на теолошките науки, во апостолски дух, средното богословско училиште „Свети Климент Охридски“ и Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“, секоја година обучуваат млади теолози, учители по веронаука и свештеници.

Во околу дваесетина живи манастири под јурисдикција на МПЦ со над 200 монаси и монахињи во молитва и монашки подвиг го чуваат живото светоотечко предание и аскетско - исихастичкиот подвиг во Христос.

Во овој краток период се изградија многу нови цркви и манастири низ целата дијацеза на МПЦ – ОА, а се возобнови преданието на византискиот иконопис, по кое Македонија е посебно позната по прекрасните фрески и икони.

Хуманитарноста не е заборавена со отварање на народни кујни за сиромашните исто и мисионерството со просветление преку печатење на книги од повеќе издавачки куќи, од кои произлегоа стотици наслови на современ македонски јазик меѓу кои и сите богослужбени книги и житијата на светиите.

И што е најважно е духовниот препород, кој што посебно ни се случи по ослободувањето од атистичките стеги на комунистичкиот режим, по што се наполнија црквите и манастирите, пред сè со млади луѓе.

Оваа година и минатата МПЦ – ОА канонизира и неколку новообјавени светители, кои својата светост ја посведочија со својот живот и чудотворство.

Сето тоа сведочи за една жива црква, со присуство на благодат и жив живот во Христос.

Тажна е констатацијата што сеуште заради световната политика и етнофилетизмот, кои навлегле во црковните кругови, МПЦ – ОА сеуште се наоѓа надвор од евхаристиското единство со другите помести сестрински православни цркви. Искрено се надеваме дека Бог ќе ги услиша нашите искресни молитви и ќе преовлада вистинското богољубие и човекољубие и сведоштво во љубов.

Посебно ни е драго што на оваа наша свечена прослава по повод 50 години од возобовувањето на автокефалноста на Охридската архиепископија имаме гости и преставници од Антиохиската, Романската и Руската задгранична црква. Оваа е еден чекор кон остварувањето на таа наша заедничка цел и сакаме да им дадеме огромна благодарност на гостите и нивните епископи кои благословија да дојдат со нас вечерва.

Ви благодариме од сè срце.

Ви благодарам и на вас, драги гости, браќа и сестри на вашата есрдност да го подржите овој многу значаен настан за МПЦ – ОА и да дојдете во овој број денес и да покажете колку нас денес, посебно на овие простори, ни е потребно единството, почитта и братската љубов.

Му благодариме пред сè на нашиот Бог, Света Троица, Отецот и Синот и Светиот Дух, во чија слава и чест го правиме овој наш собор вечерва. Амин

*Благодарам и за многу години!*

# THE MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH IS NOT A „NEW“ CHURCH[1]

*Father Gabriel (Galev), abbott*

Dear brothers and sisters in Christ,
We have gathered here today to celebrate the 50 year anniversary of the proclamation of the Macedonian Orthodox Church as an Autocephalous Church in the union of One Holy, Catholic and Apostolic Orthodox Church)
I would like to use the opportunity to remind us on one equally big moment of the history of the Macedonian people, which we will be celebrating tomorrow, and that is 26 years of the independence of Republic of Macedonia.
It is also a honour to talk about the history of the Ohrid Archiepiscopy - the Macedonian Orthodox Church and it is very difficult for all of its rich history to distinguish some things to talk about them tonight.
How much the Macedonian people are connected and how much they love they church, can be seen from your presence tonight. The room was too small to gather all of the people interested to take part in the this historical celebration and let our hearts be wide enough to receive those who came, and those who wanted, and those who were invited and did not want to come or could not physically here with us. However, the doors are open to everyone for tomorrow's liturgy which will be held in MOC St Petka in Rockdale at 9am, we will have an opportunity to pray and be thankful to Our Lord Jesus Christ for his care for us and granting according to our needs.

*1 Message on the commemoration and celebration on the jubilee of the „50th anniversary of the self-declaration of the Autocephalous of the Ohrid Archbishopric as the Macedonian Orthodox Church“.*

## *The Church is the Body of Christ*

The Church, the Lord has left it to us as His graceful presence on the earth in which we all are gathered (we are en-churched) and we become one with ourselves and with Christ, i.e. we become the worshipened body of Christ. And as it is one body of Christ, so is one Church, according to the words of St. Paul: Just as a body, though one, has many parts, but all its many parts form one body, so it is with Christ, however much they are, one body is. ... and yet: Now you are the body of Christ, and each one of you is a part of it. (I Cor.12.12 -27). Also, the Church has many special local episcopal churches and they all constitute One, Holy, Catholic and Apostolic church, without damaging their uniqueness and mutual unity.
Because the Church identifies itself with the Eucharist, and it is one, indivisible and always complete; so the Church, which is a community of faithful gathered in one place around its bishop of the Holy Eucharist, is one, indivisible and complete. Accordingly, the dioceses of the MOC OA as one, indivisible and complete Episcopal Church are in the unbreakable unity with the other remaining local Episcopal Churches in the whole Ecumena.
The unity of the local and universal (Catholic) Church is not a unity in 'collectivity' (where local Churches would constitute 'parts' of a larger 'whole'), but a graceful identity unity, where all local episcopal Churches, in Holy Eucharist, identify each other with the Body of Christ, that is, with that original Apostolic Church in Jerusalem and with the Eschatological Church on the Inauguration Day of the Kingdom of the Father, the Son, and the Holy Spirit.

## *The beginning of the Church in Macedonia*

The church in Macedonia or the Macedonian Orthodox Church, is not a "new" Church. It has roots to the times of the Holy Apostles. The Christianity in Macedonia was brought by St. Apostle Paul and this is witnessed by the Acts of Apostles. During those journeys the Holy Apostle Paul was accompanied by other Apostles, who later will also spread the knowledge and the church of Our God on our land. Through Macedonia also preaches the Saint apostle Andrew the First-Called, who also placed the saint Apostle Urban to be the first bishop of Macedonia. Also, there were other Apostles preaching in Macedonia.
In the lives of the Saints, we can see that the Christianity in Macedonia in the first three centuries was expanded throughout its territory. As a result, at the beginning of the 4th century, Christians in the area of Macedonia had an organized church with

its own church hierarchy, whose bishops continued to regularly participate in the local and ecumenical councils.
In the 5th century, across the whole territory of Macedonia, there were several metropolises and episcopes, of which the more famous were Thessaloniki, Skopje, Heraclea, Bargala, Stobi and others. During that period, many early Christian basilicas have emerged throughout the whole territory of Macedonia.
In the 6th century, during the reign of Emperor Justinian I (527-565), who came from the village Taurision, close to today's Skopje, R. According to the Eleventh Novel of his legal collections of regulations for the Church, the clergy and the monasteries (Novellae), he wanted to elevate his homeland and his birthplace, therefore he firstly erected the city of Justiniana Prima in the place of his small village, and appointed it to an episcopal seat of the newly founded Archiepiscopy Justiniana Prima (First). In that way, in 535, on the territory of Macedonia was established the independent Archiepiscopy Justiniana Prima. The first Archbishop was named Castellanus, who was ranked third after his reputation, just behind Constantinople and Rome, and before Alexandria, Antioch, and Jerusalem.
The work of the Holy Apostle Paul and the holy Emperor Justinian I was continued by the Holy brothers Methodius and Cyril and their disciples St. Clement and Nahum of Ohrid. In the second half of the X century, the Ohrid Autocephalous Archiepiscopy was organized within Tzar Samuil's state, on the foundations of Justiniana Prima, and the Archbishops were also signed as Ohrid Archbishops and Justiniana Prima.
Later, after the battle of Belasitsa, when Samuil's kingdom was tragically overthrown, the Byzantine Emperor Basil II, who himself was a Macedonian, understood and knew the great significance of the Ohrid Patriarchate for the Balkan and Eastern peoples, did not abolish its autocephaly, but only took it to the rank of the Archiepiscopy.
In the second half of the X century, the Ohrid Autocephalous Archiepiscopy existed within Samuil's state, on the foundations of Justiniana Prima, and the Archbishops were also signed as Ohrid Archbishops and Justiniana Prima. Later, after the Battle of Belasica, when the Samoil's kingdom was tragically over, the Byzantine Emperor Basil II, who himself was a Macedonian himself, realized and knew the great significance of the Ohrid Patriarchate for the Balkan and Eastern peoples, did not abolish its autocephaly, but only dropped it in rank of the Archbishopric.
The borders remained the same, as well as its rights and privileges. As such, it has existed for eight centuries, until May 17, 1767, when non-canonically was abolished by the Turkish sultan Mustafa III, and its dioceses were joined to the Constantinople Patriarchate.
The Macedonian people did not come to terms with that. From that moment on, the Macedonian people made constant efforts for renewing the Church. These efforts were particularly intensified in the 1860s when a strong popular movement in all Macedonian cities came to the rejection of the jurisdiction of the Constantinople Patriarchate.
The great majority of the Macedonian people rejected the jurisdiction of the Constantinople Patriarchate, but due to the opposition of the Turkish government, which was alarmed by the Patriarchate, the Ohrid Archbishopric failed to be restored. The strong Bulgarian group of citizens in Constantinople succeeded in winning the High Court and in 1870 to establish a Bulgarian church, known as Bulgarian Exarchy.
A part of the Macedonian population remained under the spiritual guidance of the Constantinople Patriarchate, and some church-schools in the southern part of Macedonia resorted to Rome and through an alliance with it sought to organize their own Macedonian Church. In that way came to a church division of the Macedonian people, which later will have great influence through our national affirmation.
To be even more tragic, at the beginning of the 20th century, an even more complicated sitauation came when the Serbian Orthodox Church bought the dioceses from the Vardar part of the Constantinople Patriarchate and they entered their jurisdiction. The decision of the Synod of the Constantinople Patriarchate, adopted on March 19, 1920, reads: "The canonical order and custom is to regulate and bring the affairs of the church administration in line with the political changes that take place and according to those changes, the church affairs c and deploy not only because of their proper and complete performance, but also because of the greater benefits of the Church and the Christian people." Something that today they challenge us with".

## *Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archiepiscopy*

When the end of the Second World War was in sight, there were new political changes in the Balkans and Macedonian clergy and the people took up a new strong swing in the revival of the Ohrid Archiepiscopy.
Just before the very end of the 2nd World war, in 1944 in the village of Vranovci an Initiative Board for organizing the Macedonian Orthodox Church was created. On March 4 and 5, 1945, the first Macedonian Church and People's Council was held in Skopje, and was attended by more than 300 delegates - priests and laymen, and adopted a Resolution for the renewal of the Ohrid Archiepiscopy as the Macedonian Orthodox Church.

This decision was also delivered to the Hierarchical Council of the Serbian Orthodox Church. The Serbian Orthodox Church's Council of Bishops did not accept this decision, because in its further requests the Initiative Board asked the following: instead of being autocephalous, it required recognition as an independent Church.

But again, the request was not approved. From October 4th to October 6th, 1958 in Ohrid, the Second Macedonian Ecclesiastical Assembly was held, where the proposal for the restoration of the St. Clement of Ohrid Archiepiscopy, embodied in the independent Macedonian Orthodox Church, was accepted, and for its first bishop was elected Mr. Dositey.

This in fact means sanctioning the decision of the Second Macedonian Church and People's Council. This is confirmed by the provision of the said decision, which reads: "With this decision the regulations of the Constitution of the Serbian Orthodox Church for the dioceses and bishops in Macedonia cease to be valid"

It is also said: "In the interest of preserving the canonical unity of the Serbian Orthodox Church, any changes in the Constitution and decrees adopted by the Metropolitan Council of the Church must be based on the canonical principles of the Orthodox Church." And the Archbishops Council of the Macedonian Orthodox Church, is consistent with the traditions of the past, always and impeccably strives to base its activity exclusively on the dogmas and canons of the Holy Orthodox Church. What is actually a kind of canonical relise.

The Archbishops Council of Serbian Orthodox Church have agreed with the decisions of the Macedonian Ecclesiastical Council in the decision of the AC. no. 47/1959 and 6/1959 Zap. 57 of June 17/4, 1959. The decision on the autonomy of the Macedonian Orthodox Church was confirmed by the Serbian Orthodox Church through the completion of a joint Archbishopric Liturgy with the Serbian Patriarch Herman on July 19, 1959 in the church of St. Mina in Skopje, during that liturgy, the ordination of the Prespa-Bitola bishop Clement was performed. By doing so, the Holy Synod of Bishops of the Serbian Orthodox Church granted independence to the Macedonian Orthodox Church, with the fact that it remained in canonical unity with the Serbian Orthodox Church through its Patriarch. After several days, in the church of St. Nicholas in Stip, a bishop was ordained, the bishop of the Zletovo-Strumica Diocese. Naum. The Macedonian Orthodox Church Synod was constituted according to the Constitution of the Macedonian Orthodox Church, as well as other administrative organs and bodies in the Archiepiscopy and in the dioceses.

In May 1962, accompanied by Patriarch Herman and few bishops of the Serbian Orthodox Church, the Patriarch Alexy has visited Macedonian Orthodox Church. The Patriarch of Moscow was accompanied by Metropolitan Nicodemus, Bishop Pimen and several high-ranking officials of the Russian Orthodox Church. On the feast of St. Cyril and Methodius in the church of the Most Holy Theotokos - Kamensko in Ohrid, a Hierarchical Liturgy was held, on which the patriarch Alexy served with the patriarch of the Serbian German and with the Archbishop of Ohrid and Metropolitan Dositej. This was the first meeting of the head of the Macedonian Orthodox Church with the heads of other autocephalous Churches.

In 1966, the relations with the Serbian Orthodox Church again deteriorated. After the new misunderstandings and clashes, the Holy Synod of the Macedonian Orthodox Church on July 17, 1967 in Ohrid convened the Third Ecclesiastical Council and proclaimed the Macedonian Orthodox Church for AUTOCEPHALUS at a solemn meeting in the Ohrid church of St. Clement of Ohrid. An amendment was also made to the Constitution of the Macedonian Orthodox Church by opening two new dioceses: Debar-Kicevo and American-Canadian-Australian. The act of proclaiming the autocephality of the Macedonian Orthodox Church was done during the Holy Hierarchical Liturgy, served in the church of St. Clement of Ohrid on July 19, 1967, by the Holy Synod of Bishops of the MOC.

## *Creation of national Churches*

Autocephality is a very important part of the practice and the success of the functioning of the Church. The most common reason for declaring autocephalous status of new autocephalous local churches through church history were and still are the territorial and administrative changes. These changes, especially during the nineteenth and twentieth centuries, are related to the emergence of the so-called nation states, which is clearly evident from the names of the new local Orthodox churches created in that period. In the general mentality of time, the Roman (Byzantine) idea of the need for its own church is rebuilt, as a condition of creation and general recognition of the state.

As an example, I will give you a brief overview of the acquisition of the Autocephalus status of these Churches:

The Russian Orthodox Church: The beginnings of this church are from 988.

If we compare, in the period from 990 to 1037, the Ohrid Archiepiscopy ordained it's bishops, and then up to 1448 (1453), the Patriarchate of Constantinople ordained the bishops. In 1448 (1453) declared itself autocephalous, and it was recognized by the Constantinople Patriarchate only in 1589; The Georgian Orthodox Church: The beginnings of this church come from the ancient Kingdom of Iberia where Christianity became a state religion as early

as 337. In 1811, the Russian government abolished it and subordinated it to the Russian Orthodox Church. In this condition remained until March 12, 1917, when the Georgian clergy unilaterally proclaimed the autocephalous status of their church, which was accepted by the Russian Orthodox Church in 1943, and the Constantinople Patriarchate did this only on March 3, 1990;
Romanian Orthodox Church: In 1859 a modern Romanian state was created. With the state decision of 1865/66 and the law of 1872, the Romanian state proclaimed the newly formed Roman Orthodox Church as autocephalous. The Patriarchate of Constantinople accepted this decision in 1885.
Bulgarian Orthodox Church: Its creation is connected with the publication of the Sultan's Firman from 1870 and the church-people's council held in Istanbul in 1872, after which the local Council of Constantinople in 1872 accused it of ethno-phyletism and proclaimed it as a schismatic church. The autocephaly was recognized by the Venetian Patriarch of Constantinople on March 13, 1945. In 1953 the Bulgarian Orthodox Church received patriarchal dignity, and the Patriarchate of Constantinople accepted this in 1961.
Greek Orthodox Church: The Greek Orthodox Church was established and proclaimed autocephalous on July 23, 1833 by the Greek government. Its autocephaly was accepted by the Constantinople Patriarch Antim in 1850.
Albanian Orthodox Church: This church was created at the Church and People's Council held in Berat in 1922, which also declared its autocephaly, and it was recognized by the Patriarchate of Constantinople on April 12, 1937;
And lastly: Serbian Orthodox Church: Historically looking, the Serbian Orthodox Church (Patriarchate of Pec) was confirmed as independent in 1219 by the Patriarch of Nicea, when St. Sava skipped the usual canonical order, taking an advantage of the then political (un) opportunities in the Balkans and instead of the Ohrid Archiepiscopy, he went through the Epirus king to seek the secession of the Serbian dioceses from the Ohrid Archiepiscopy and autocephaly. Soon a proclamation of schism and anathema was proclaimed by the Ohrid Archbishop of St. Demetrius Homatian and later the withdrawal of anathema and reconciliation.
As such existed until the death of Patriarch Arsenius II in 1463, and her dioceses stumped under the Constantinople jurisdiction. It was rebuilt in 1557 with the help of the Turkish authorities, but in 1766 it was abolished by the Turkish authorities. Its renewal occurs when in 1879 Serbia was recognized as an independent state (the Belgrade Metropolis becomes autocephalous) and ends in 1920 after the creation of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes (1918);
Following the usual example of the other Orthodox churches, also the Macedonian Orthodox Church, after seeing that the opportunities are sufficiently matured, in 1967, exactly 200 years after its abolition by the Turkish Sultan, proclaimed its autocephality. This was nothing new and nothing unusual, but unfortunately, it still denies and slows down its autocephality, even we fulfil all the necessary things, it is not yet officially recognized by the other local Orthodox churches, but we hope that in the near future, it will prevail the Christian mind and will defeat some people's petty nationalistic and narrow-minded assimilatory interests. And with hope to positively decide to re-establish the disrupted Eucharistic community and its formal administrative recognition.

## *Macedonian Orthodox Church – Ohrid Archiepiscopy – today:*

The diocese of the Macedonian Orthodox Church extends not only to the territory of the Macedonian state, but also to the church municipalities outside the borders of the Republic of Macedonia, organized in 12 Dioceses.

*Today, with the Holy Synod of Hierarchs of the Macedonian Orthodox Church presides over His Beatitude, the Archbishop of Ohrid and Macedonia. Mr.Mr. Stefan. The remaining members of the Synod are:*

- *Metropolitan of Prespa and Pelagonia and Administrator of Australia and New Zealand. Peter*
- *Metropolitan of Debar - Kichevo and Plaoski and Administrator of Australia - Sydney. Timothy*
- *Metropolitan of Strumica; Naum*
- *Metropolitan of Povardarie Agatangel*
- *Metropolitan American - Canadian. Methodius*
- *Metropolitan of Europe Pimen*
- *Metropolitan Bregalnica Hilarion*
- *Metropolitan of Tetovo - Gostivar city Joseph*
- *Metropolitan Kumanovo - Osogovo city Joseph*
- *Vicar Bishop Heracleus Clement*
- *Bishop d. Gorazd, a former Metropolitan of the European Diocese*

According to item 17 of the Explanation of the Decision on Autocephality, the Macedonian Orthodox Church, as an administrative part of one, Holy, Catholic and Apostolic Church, will keep the Holy Scriptures, the Holy Tradition, the Apostolic Rules and the regulations of the ecumenical and local councils and will be administered according to them also with the Constitution of the Macedonian Orthodox Church



1. Diocese of Skopje, headed by His Beatitude, the Archbishop of Skopje. d. Stephen;
2. Prespa-Pelagonia diocese, headed by the Reverend Metropolitan Peter;
3. Debar - Kichevo Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Timothy;
4. Strumica Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Naum;
5. Vardar Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Agatangel;
6. Bregalnica Eparchy, headed by the Reverend Metropolitan Hilarion;
7. Tetovo - Gostivar Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Joseph;
8. Kumanovo - Osogovo diocese, headed by the Reverend Metropolitan Joseph;
9. American-Canadian Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Methodius;
10. European Diocese, headed by the Reverend Metropolitan Pimen;
11. Australian - New Zealand Diocese, whose administrator is Metropolitan of Prespa - Pelagonia. Peter;
12. Australian-Sydney Diocese, the administrator of which is the Metropolitan of Debar-Kichevo. Timothy.

The 12 eparchies of the MOC - OA are managed by ten active Bishops, which are currently assisted by about 600 active priests in about 500 parishes with more than 2000 churches and monasteries. Beyond the borders of R. Macedonia MOC pastoral acts in 4 dioceses in the Diaspora.

Continuing the Educational mission of the Saint Clement of Ohrid School, and in accordance with the contemporary trends of theological sciences, in the apostolic spirit, the secondary theological school “St. Clement of Ohrid” and the Faculty of Theology “St. Clement of Ohrid” within the Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archiepiscopy train each year young theologians, religious teachers and priests.

In about twenty living monasteries under the jurisdiction of the MOC, over 200 monks and nuns are in prayer and monastic struggle to keep the living patristic Tradition OF THE TEACHINGS OF THE HOLY FATHERS GIVEN TO US THROUGHOUT THE GENERATIONS AND ASCETIC-ISICASTIC FEAT IN CHRIST, OUR LORD.

In this short period of time many new churches and monasteries were built across the diocese of MPCOA. In addition to this, the PRACTICE of the Byzantium iconography was also revived which is what Macedonia is especially known for – the beautiful fresco on the walls and icons.

The humanitarian acts are not forgotten, including the opening of the kitchens for the poor as well as the mission for enlightenment opening more publishing houses that printed hundreds of titles in modern Macedonian language including all liturgy books and hagiography of the saints.

What is most significant is the spiritual rebirth that occurred after the liberation of the atheistic chains of the communist regime, which filled all of our churches and monasteries with young people especially. All of this is witnessing a living church, presence of grace and a true life in Christ.

Last year and this year, the Macedonian Orthodox Church canonised some unusual Saints, who have dedicated their saintly-hood all their life.

It is sad that due to the worldly politics and nationalism that have infiltrated the church, MPCOA is still an outsider to the EUCHARISTIC unity of the other equivalent orthodox churches. We honestly hope that God will answer our sincere prayers and that the true love towards God and man will triumph.

We are especially grateful that on this occasion when we are celebrating the 50th anniversary of the reinstatement of the independence of the Ohrid Archbishopric, we have guests and representatives from the Antiochian, Russian Orthodox Church Abroad (ROCA) and the Romanian Church. This is a step forward to accomplish our mutual goal and we would like to express our gratitude to our guests and their Archbishops that blessed their attendance tonight.

From the bottom of Our hearts, THANK YOU!

I would also like to say Thank you to All Our guests, brothers and sisters for your wholehearted support of this significant event for MPC OA and for attending tonight. We thank our Lord, the Holy Trinity, The Father, the Son and the Holy Spirit, as this celebration is dedicated to His Glory and Honour. Amen.

*Thank you and For Many Years!*



# СЕЌАВАЊЕТО НА РАДОСТИТЕ ПАТ КОН ВЕЧНОСТА[1]

*Др. Ананија Ананиевски,*

„Ова е најголемиот ден за Македонија! Она што ние го доживуваме сега сакале да го доживеат многу генерации. Ние сме најсреќната! Но имаме и најголема одговорност, ние треба јасно да покажеме дека сме зрел народ, кој ќе даде плодови не само за Македонија, туку и за Европа и целиот свет“ Архиепископ Охридски и Македонски г. г. МИХАИЛ (Методи Гогов)

Почитувани екселенции, Ваше преподобие, ценети пречесни отци, драги браќа и сестри,

Со овие прекрасни и силни зборови на блажено упокоениот архиепископ Охридски и Македонски г. г. Михаил (Гогов) го започнувам мојот говор. Ми претставува голема чест и задоволство што сум дел од оваа свечена академија. Убаво е денес да се биде покрај народот свој, на ова место и во ова време и од сегашноста да се говори за минатото, но и за иднината.

Се собравме на ова Австралиско тло од сите краишта на нашата мила Македонија, но еве денес повторно сме заедно на едно место собрани како заедница, како Црква од сите градови на Австралија, каде што постоиме и опстојуваме како народ, како заедница, како Македонци, во чии срца и мисли никогаш не згаснала и нема да згасне големата љубов кон Македонија и Македонската православна црква – Охридска архиепископија, а тоа на дело го потврдивме и денес по незнам кој пат.

Денес се собравме, почитувани, да се потсетиме на историското минато на нашиот народ и земја, на борбата за самостојна Црква и Држава. Да се сеќаваш на своите прадедовски корени и огништа – значи да не се обезличиш пред останатите, да бидеш личност со свој интегритет, да постоиш, да живееш. А да живееш значи да твориш, а твориш тогаш кога допринесуваш за својот народ, за Црквата и твојот спомен останува вечен. Вечен е споменот на многумина, кои во нашето блиското минато, пред половина век се вградија како живи камења во зданието на Црквата. И тоа во оној топол ден, 17 јули во македонскиот Ерусалим – Охрид, далечната 1967 година, голем ден кој ете и по цели 50 години остана запаметен, бидејќи делото кое се случило, големиот настан „Прогласувањето на автокефалноста на Охридската Архиепископија – во лицето на Македонската Православна Црква“ и тоа точно по цели 200 години од нејзиното неканонско укинување во 1767 година – е дело кое нè ослободува и нè обелоденува пред останатите народи, како народ со своја независна Црква, во која сите сплотени сме успеале по 34 години, на 08 септември 1991 година да го доживееме вториот радосен настан во чиј спомен се собравме и ние - „Денот на Независноста на Република Македонија“, ден кога се оствари нашиот сон и сонот на нашите предци, пред точно 26 години, на денешниов ден, кога првиот демократски избран претседател на Република Македонија г. Киро Глигоров ја објавил Независноста, со следните зборови: „Граѓани и граѓанки на Македонија дозволете вечервава на вас и на сите граѓани и граѓанки на Македонија, да ви честитам: слободна, суеверна и самостојна Македонија“.

Ова 2017 Лето Господово е годината кога ги прославуваме овие два значајни јубилеи – по чиј повод се собравме масовно на овој собир, кој

---

1 *Говор изречен во Сиднеј (Нов Јужен Велс) – Австралија, на 08. 09. 2017 година – по повод прославата на двата големи јубилеи: 50 – години од возобновувањето на Охридската Архиепископија, т.е. од нејзиното прогласувањето за автокефална во лицето на Македонската Православна Црква; како и по повод 26 – годишнината од прогласувањето на независноста на нашата Татковина, Република Македонија.*

верувам дека ќе им овоможи на припадниците на македонската дијаспора во Австралија и Нов Зеланд, да бидат директно вклучени во важното сумирање на македонските постигнувања и успеси, но и предизвици и можности, за да можеме со заеднички сили да ја градиме иднината на нашата заедничка татковина и мајка земја Република Македонија.

Во изминатите 26 години, македонското искуство покажа дека, независно од тоа колку една земја е територијално мала – таа е онолку силна колку што е силен стремежот кон заедничката иднина на сите нејзини чеда како во земјата така и надвор од неа. Верувам дека успехот на Република Македонија, во голема мера, се должи и на посветеноста на генерациите македонски иселеници, кои иако далеку од родните огништа, секогаш Татковината ја носат во своите срца и мисли. Припадниците на македонската дијаспора ја претставуваат живата, културна врска на Република Македонија со земјите во кои живеат. Ние сме неоткинлив дел од Македонија во светот и ние сме најдобри амбасадори во рамките на економскиот развој, уметноста, културата, спортот и религијата. Ние сме штитот на македонското име и идентитет, како и промотори на македонските вредности, придобивки и интереси.

Македонските православни цркви расослани ширум светот ја обединуваат дијаспората во своите заедници и ја одржуваат чистота на Православието, кое е духовна храна на македонските верници. Ние треба да бидеме благодарни на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, бидејќи нашата Црква има голема улога во зачувувањето на македонската религија, традиција, јазик и историја надвор од Македонија.

Врската меѓу татковината и дијаспората, почитувани, е вредност, која треба да се негува. Убеден сум дека таа врска и натаму ќе се зајакнува. Младите луѓе се носители на борбата за слобода. Црпејќи ја енергијата од нашите историски херои, кои го дале својот живот за идејата, мислата и визијата која ги водела напред – слободата и независноста на Македонија. Нивното дело го продолжуваме вечерва сите ние заедно во нашата битка за европска и евроатланска Македонија. Во тоа, јас сум уверен дека македонската дијаспора во Австралија ќе продолжи со напорите да го помага развојот на Македонија и во иднина.

Во оваа свечена вечер со нас се и некои активни активисти, кои работеле, а некои и сè уште работат за доброто на нашата заедница и Црква. Затоа, Ве повикувам да ми се придружите со аплауз да ги поздравиме и да им се заблагодариме за сè што направија, и за сè што прават за нашата заедница и Црква.



## Возљубени мои сонародници,

Годинава изминуваат точно 250 години од незаконското укинување на Охридската Архиепископија и уште позначајните 50 години од нејзиното славно и радосно возобнување како Македонска православна црква – Охридска архиепископија, па по тој повод се навраќаме назад во минатото кога Господ нè вдахнови и умудри на 17 јули 1967 година, кога Светиот Архиерејски Синод на Македонската православна црква го свикала Третиот македонски црковно – народен собор во Охрид, на кој беше донесена историската одлука за целосна обнова на автокефалноста на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква. „Со таа одлука беше исправена големата и тешка неправда“ во една прилика ќе каже нашиот миленик, потписникот на одлуката и првиот духовен татко на дијаспората, блаженоукоениот митрополит Полошко – кумановски г. Кирил, кој до последниот ден од својот живот беше најголем бранител на нашата Свети Климентова црква и нејзиниот устав. Не дозволи ниту едно туѓо влакно или прашинка да падне врз животот и дејноста на МПЦ – ОА, ниту пак врз нашата татковина – Македонија. Дедо Кирил не беше само великодостојник и архиереј, туку пред сè беше добар човек со големо и широко срце, владика со царско достоинство, кој секој пат беше во тек со својот народ овде на Австралискиот континент и насекаде во прекуокеанските земји, од мигот кога ја започнал својата мисија заедно со неговиот протоѓакон, а сега протојереј, почитуваниот отец Александар Цандовски, па како што напоменав сè до последниот миг од својот живот. За сето тоа што го направи за нас дедо Кириле, за твојот народ, твојот род македонски и за сите православни верници – вечна благодарност. Твојот спомен дедо Кириле и четири години по твојата разделба со нас е присутен, а и вечно ќе биде, бидејќи Вие во текот на Вашиот живот оставивте плодови и дела за паметење.

## Почитуван македонски народе,

И денес во 21от век борбата за потполна слобода на Македонија и Македонците продолжува. Македонците распостранети како синапови зрна ширум целиот свет и денес се борат за оние битки, кои ни останa за идентификација помеѓу народите, кои се слепи за нашата вистина и правда. Но ние имаме голема привилегија и голем факт, кој никој неможе и не смее да го оспори. Севишниот Бог, почитувани, знаејќи дека овој народ во времето ќе биде негиран – го запишал вечно и неизбришливо во најсветата и бесмртната книга, во книгата на животот, во Библијата (Светото писмо) и со тоа го оковечи пред сите народи и луѓе нашето постоење, кое денес и покрај тоа е негирано. Но боли фактот дека повторно грешките од минатото ги повторуваме. Повторно овој народ пати од своите предавници, страда од оние, кои го уништуваат она парче од нашата земја здобиено со молитва, но и со крв и како Јуда го предаваат својот народ за сребреници... Но во Светото писмо е вистината, која ќе не одржи како народ. И запомнете дека благодарение на верата – ние постоиме, Црквата нè одржала како народ, но и се уште нè одржува. Зарем не е така? Зарем ние во дијаспората секојдневно не сме сведоци на тоа? – Сме, ете и денес тоа го сведочиме. Убаво е да се биде свој покрај своите, покрај овие радосни лица, кои знаат да се радуваат на своите радости. Бог е нашата најголема радост, кога сме до Него на Литургијата ние сме на вистинскиот пат, на патот кој води во вечноста. Секогаш кога сме блиски до Бога како народ сме благословени и опстојуваме, но кога се одалечуваме од Него, се оддалечуваме и отуѓуваме и еден со друг, и како народ почнуваме да се уништуваме. Токму затоа Црквата е оној наш столб. Додека сме во неа – постоиме. Бог е Оној, Кој нè благословил и нè благословува. Први во Европа сме го примиле христијанството. Треба да бидеме горди и да ја оправдаме Божјата доверба. Во оваа насока апелирам, да се вратиме на Божјите патеки – за да опстоиме како народ.

Во овие пет децении на нашето постоење како жива епархија во Австралија се случиле најнапред многу радости и историски одлуки и настани, како и бројни грешки и неискористени можности, кои со голема жал мора да ги споменам. Сите вие знаете дека имало и има уште големи искушенија и предизвици, кои ни претстојат. Ете затоа нова деценија е пред нас. Ние немаме време да бараме виновници и носители на погрешни одлуки во минатото. Севишниот Бог и историјата ќе им суди ним. Не можеме да го промениме она што завршило, она што се случило, или она што поминало. Но, затоа можеме да влијаеме на она што доаѓа во сегашноста и она што нè очекува. Потполно јасно е запишано во Евангелието дека оној кој не собира – дека тој растура, но ние да не дозволиме некој повторно и повторно да не разнебитува. Да ги оставиме измислените проблеми, надметнатите поделби и кавги, бидејќи дошол часот да ја доизградиме плодната иднина на нашата МПЦ – ОА во овој далечен петти континент. Обидинета и заедничка МПЦ – ОА во Австралија ни е потребна! Само заедно можеме нешто искрено да направиме. Време е да се обединеме, драги браќа и сестри, и да кажеме веќе еднаш за секогаш не на предавниците на овој народ и на оваа света Црква. Тоа заедно го можеме. Да го започнеме тој нов почеток од денес сите заеднички и верувајте дека ќе успееме...

Црковните реформи на овој континент се неопходност, тие наскоро мора да се случат сè со цел да имаме подобра и посветла иднина. Сите вие ги знаете проблемите, кои не мачат како заедница, а за нивно решавање е потребна нова млада крв, труд и пот. Денес ние овде, во Австралија, се соочуваме со многу проблеми како заедница. Нажалост веќе третата генерација, младите луѓе како да забораваат на својата вера и на своите корени, јазик и традиции. А да се заборави тоа – значи да не се постои. Токму затоа и ни претстои на сите голема работа со младиот човек, кој треба да го вратиме во црквата, која е матица и наша мајка – патеводителка кон спасението и вечниот живот.

Јас денес Ве повикувам драги браќа и сестри, и искрено Ве замолувам сите онака како што нашиот предок Македонецот пред скоро 2000 години го молел светиот апостол Павле да дојде во Македонија и да ни помогне. Денес мојата молба до Вас е сите заедно да се соединеме едни со други и сиот наш живот на Бога да му го предадеме. Редно е веќе еднаш да им кажеме збогум на непријателствата, омразата, зависта, љубомората, озборувањата и лицемерието и конечно да постанеме народ свет, царско свештенство и сите заедно со молба да Го молиме Бога да нè вразуми и просветли и нас верниот народ, но и свештенството. Ете од ова место, во овој значаен ден повторно повикувам да ставиме крај на проблемите од едно минато, кое треба да ни биде поука – за новите времиња, времиња во кои уште повеќе сплотени ќе работиме на воздигнување на нашата татковина и Црква.

И на крај, со надеж за подобро утре и за наш напредок, Ве охрабрувам да чекориме заеднички кон поголеми успеси. Ве подравувам браќа и сестри и завршувам со овие прекрасни зборови:

*„Македонското име никогаш нема да загине – тоа ќе живее до крајот на светот и на векот!“. Амин.*

*Нека ни е честит и вековит јубилејот и од Бога благословен!*



# ЗНАЧЕЊЕТО И ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ЛЕОНТИЈ“ ВОДОЧА

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

## *Манастир Свети Леонтиј – Водоча*

Објектот се нарекува манастирски комплекс „Свети Леонтиј“ или „комплекс Водочки цркви“, затоа што станува збор за повеќе цркви на едно исто место. Се наоѓа на 9 километри пат, западно од Струмица.

Првите темели на манастирот датираат од IV-V век. Тоа е период во кој нашиот македонски народ во кој масивно и интензивно го прифаќа христијанството како своја религија, за што сведочат многубројните христијански базилики насекаде по територијата на Македонија. Во тој период била подигната и првата водочка црква. Со археолошките ископувања биле откриени темелите и дел од уништената камена пластика на црквата којашто се наоѓала на југоисточниот дел од денешниот храм. По своите димензии била мала, но според внатрешниот ентериер богата и раскошна. Кому му била посветена, не се знае.

Во периодот од VI-VII век, на нашите простори продираат Аварите и готите. Нивните напади биле вандалски, навиките варварски и религијата паганска, што придонело првата водочка црква да биде урната, делејќи ја истата судбина со сите други ранохристијански градби.

Во тој период нашите територии биле во склоп на Византиското Царство. А на исток се подигало едно ново царство, кое се заканувало со својата сила и жестина. Тоа е првото Бугарско царство. Воочувајќи ја опасноста од нив по своето царство и за да оддржува добри пријателски односи, византискиот цар Михаил II тогаш го испраќа младиот и мудар солунјанец Методиј, подоцна архиепископ Моравски, за воен началник, архонт, на т.н. Словенско кнежевство. Тоа Словенско кнежевство се простирало северно од Солун и во себе, како погранична област, го опфаќало и стумичко-брегалничкиот регион.

Во едно запишано народно предание од струмичкиот крај, се вели: „Свети Методиј цели 10 години им го проповедал на Словените Словото Божјо по Бела Река што тече источно од Велјуса, на три четвртини час, минува низ селото Водоча и по горниот тек се вика Бела Река, а по долниот

Водочница“.[1]

Во тој период повторно се обновува Водочката црква. Оваа црква од нашите автори е именувана како „источна“. Точното време кога е подигната неможе да се утврди, но главно има три мислења: дека црквата е изградена за време на бугарскиот цар Борис, во втората половина од IX век, за време на неговиот син Симеон, на крајот од IX и во почетокот од X век или во времето на цар Самуил, на почетокот од XI век.

Според архитектурата, таа била трикорабна куполна епископска базилика, за што сведочат зачуваните ѕидини (темелни) партии и горното место и синтронот, т.е. во централната олтарна апсида.[11]

Свети Климент, највредниот ученик на Светите браќа, кога се враќал од Моравија, најпрво бил прифатен од бугарскиот кнез (хан) Борис и сместен во бугарската престолнина Преслав. Во тоа време кнезот Борис, во крштение Михаил, ја освоил целата територија на Македонија и како вешт дипломат и воен стратег ги испратил најсветите и најучени ученици на Светите словенски просветители, Климент и Наум, на крајната западна граница од својата нова држава. Оттаму, од Охрид, тој го воспоставува темелот и процветот на сесловенската книжевност. На брегот од прекрасното езеро, Свети Наум го осонова првиот општежителен манастир меѓу Словените и поставува темел на аскетско-исихастичкиот живот кај нив, а Свети Климент на другиот крај од езерото основа книжевна школа, што е првиот словенски универзитет, и поставува литургиско-просветна основа кај Словените. Подоцна Свети Климент бил избран за прв епископ Словенски, а во школата го наследува Свети Наум.

Епархијата на Свети Климент се именувала Дрембицка или Беличка т.е. Дремвицка или Величка (во зависност од тоа како ќе се прочита буквата β). Од неговото житие неможе точно да се прецизира каде се наоѓала таа епархија. Постојат неколку теории за тоа. Според нас, најоснована е теоријата дека Св. Климентовата епархија е Струмичката т.е. Водочката. Оваа теорија е поткрепена со црковни, археолошки, книжевни, историски, воено-стратешки и преданиски докази. Ние како носечки ќе го наведеме податокот што го среќаваме во т.н. Диканжов список на Бугарските (словенски) архиепископи, составен во втората половина на XII век:

„Климент, кога стана епископ на Тивериопол или Белика (Велика), беше натоварен од Борис, царот на Бугарите, да го надгледува и третиот дел на Бугарското царство т.е. од Солун до Ерихо и Канина или Тасипијат“.[12]

Според тоа, најверојатно седиште на неговата епархија е Водоча, како веќе постоечка епископска црква. Во Водоча во тоа време дејствувала словенска книжевна школа што ги преведувала и препишувала книгите од грчки на словенски јазик. Водочкиот манастир бил духовен расадник на просветление и светиња за поклонение.[13]

Во 1014 година на планината Беласица, во месноста Клуч, се случила познатата голема битка меѓу војските на тогашните големи вождови, Василиј II Македонец и Самуил. Вториот ја губи битката и бега, а неговата војска била ослепена и испратена да се јави пред него во Прилеп. Царот кога ги видел неговите војници во таква состојба, добил инфаркт и за три дена се упокоил. Според месното предание, ослепувањето на војската се случило во клисурата на Бела Река, поради што и местото подоцна е наречено „Водоча“,според „вади очи“.

Тогаш била урната источната епископска црква која била оставена во урнатини, а веднаш до неа била изградена помала западна крстовидна куполна црква. Фрескописот од источната црква не е зачуван, освен еден мал фрагмент од лик на некој светител, но од западната црква можеме да ги согледаме почетоците на нашето средновековно ѕидно сликарство во Водоча. Без оглед на сите досегашни сознанија за живописот во Водоча, проблемите на иконографскиот репертоар, на одделните сликарски фази и на самите можни граници и нивното датирање, несомнено останале недоволно проучени. Меѓутоа, од сите досегашни анализи можеме да извлечеме еден општ заклучок, во што речиси сите наоди се сложуваат – тоа е дека западната водочка црква настанала по падот на Самуиловата држава, во првата половина на XI век (некаде меѓу годините 1018 и 1037), кога таа била и фрескописана. Причините зошто била урната источната и изградена западната црква лежат во ривалството меѓу Василиј и Самуил. Па затоа и новата црква во Водоча не е повеќе епископска, туку парохиска, а епископијата Василиј ја пренесува во новоизградена раскошна црква посветена на светите 40 севастијски маченици во селото Банско.

Од распоредот на фрескописот, со сигурност можеме да тврдиме дека новата црква му била посветена на Воведението на Пресвета Богородица Елеуса. Тоа го поткрепува и месното население, кое, без оглед што денес црквата му е посветена на Свети Леонтиј, свечено го слави празникот на Воведение на Пречистата Дева во храмот.

Дел од фреските во западната водочка црква се зачувани, и тоа: фрагменти од циклусот на Богородичните празници, Благовештение и Воведение, милување на Богородица од Јоаким и Ана, а се претпоставува дека бил претставен еден целосен циклус сцени посветени на Пресвета Богородица, што е најстар промер не само на Балканот, туку и воопшто во историјата на средновековното сликарство на Источна Европа. Се смета дека црквата е фрескописана во времето кога е изградена, во првата половина од XI век.

Ликовно-морфолошките и стилските анализи на фреските упатуваат на една многу блиска поврзаност со фреските на Света Софија во Охрид, Света Софија во Солун, Светите Врачи во Костур, Свети Георгиј во Софија и Света Софија во Киев, што дава заклучок за времето на фрескописот и за школата. И покрај сите сличности со Цариградската чисто византиска ликовна школа, кај оваа сепак се среќава едно скршнување. Фреските се карактеризираат со самосвоен експресивен израз на лицето со единствена одредена стилска структура, што вообличува јасна специфичност и зборува за присуството на словенскиот дух. Заради ова, можеме да извлечеме заклучок дека оваа сликарска уметничка школа води потекло уште од онаа на Светите Климент и Наум.[14]

Начинот пак на градење, кој за разлика од претходната источна црква што е во стилот „клаузоне" (т.е. кршен камен и тула, и по распоред: два реда кратки тули, четири клаузоне камен-тула, два-три реда тули и повторно четири реда клаузоне) сега е во истиот стил, но во послободен избор и без прецизно зачуван редослед и со употреба на бигор при изборот на камен, како карактеристика на македонското поднебје.

Историјата на западната водочка црква кратко траела, зашто повторно доаѓа до реконстуркција на манастирот. Најверојатно затоа што црквата на Воведение на Пресвета Богородица Елеуса била премногу мала и тесна за да го прими верниот народ кој навикнал да доаѓа на Литургија во големата епископска источна црква. Затоа, олтарниот ѕид на западната црква бил урнат, а била доградена источната и од двете цркви настанала една нова, што ја именуваме како средна водочка црква. Тоа било во периодот од крајот на XI и почетокот на XII век.

Тогаш настанува вториот, односно третиот слој фрески, кој е продолжение на претходниот. Зачувани се дел од олтарните, внатрешните и фреските од јужниот дел на црквата. Од олтарните се зашувани четири фрески на архиереи во фронтален став: Свети Василиј Велики и Свети Григориј Богослов како први и на јужниот ѕид – Свети Спиридон Тримитунтски и најверојатно Свети Григориј Чудотворец. Потоа двајца ѓакони, Причестувањето на апостолите и во апсидата – Пресвета Богородица Оранта. Под сводот на полукалотата се наоѓа композиција Поклонување на ангелите, а во останатиот дел од црквата се распоредени фреските на Христовото влегување во Ерусалим, еден архангел, Свети Пантелејмон, медаљон со ликот на Свети Стефан Нови, неколку нецелосни и нејасни фигури на маченици и други три претстави на Пресвета Богородица. Оваа застапеност на фрески со Пресвета Богородица нé упатува на залчучок дека и средната водочка црква била посветена на Преветата. Ваквиот заклучок можеме да го поткрепеме и со податокот дека таа е изградена во период кога култот на Мајка Божја бил во најголем пораст, а згора на тоа Балканот е место каде што таа најмногу се почитува. Постојат дури и два турски документи од XVI век што ја потврдуваат нашата констатација, во кои манастирот се нарекува Лахрина (1519 година) и Ивлахерна (1573 година)[15], по углед на називот на царската црква на Пресвета Богородица во Цариград (Влахерна), посветена на Покровот на Пресветата. Кога Водочкиот манастир почнал да се именува како Свети Леонтиј, можеме да претпоставиме според периодот кога епископ на Струмичката (Водочката) Епархија бил Леонтиј. Досега се претпостававуваше дека црквата е посветемна на св. Маченук Леонтиј (I век ), меѓутоа, сегшниот Стримички Владика Наум открива дека всушност светителот на кој е посветена манастирска црква е св. Леонтиј Патријарх Ерусалимски, затоа што овој светител по потекло бил Струмичанец.

При настанувањето на средната водочка црква, архитектонскиот стил е запазен според претходните, но изменет е начинот на градба. За разлика од претходните, овој неимар има строго доследен систем на ѕидање со по три хоризонтални реда дебели и големи тули, во интервал сé до сводовите, два до три реда кршен камен клаузоне и речиси без користење камен бигор. Во XIII век кон западната црква е приграден јужен параклис, во XIII век и јужен вестибул, а во периодот од XII до XIV век, западен анекс.[16]

Во XIV век манастирот претрпува катастрофален пожар. Во истото време на овие простори навлегува и иноверната отоманска сила, што станало причина епископот и братството да го напуштат манастирот. Оттогаш па сé до XIX век, кога манастирот пострадал од силен земјотрес, тој бил одржуван од еден до двајца монаси, што се грижеле за манастирскиот имот.

Во истиот век (1896 година) манастирот го посетил архимандритот Герасим (подоцна Струмички Митрополит), кој ќе забележи дека со мали интервенции на куполите би се добил прекрасен манастир.

Во 1914 година непознат фотограф остава архивски снимки од руинираниот манастир. Во 1931 година струмичкиот регион претрпува уште еден силен земјотрес, а Водочката црква нови разурнувања.

Бидејќи црквата била разурната, за да се заштитат и така веќе значително оштетените фрески, во 1958 година тие биле симнати од ѕидовите на црквата и пренесени во Штипскиот музеј, а оттаму во Државниот музеј во Скопје. Нивното симнување било непрофесионално и невешто и предизвикало нивно дооштетување. Во 1961 година се извршени првите посериозни археолошки ископувања во црквата и непосредно околу неа од В. Лахтов, а во 1967 година е извршена привремена конзервација

со поставување покривна конструкција над објектот.[17]

Веќе од 1975 до 1982 година, под раководство на денес покојниот д-р Петар Миљковиќ-Пепек, доста успешно се извршени конзерваторско-реставраторските работи на црквата. Тогаш е направен и проект-елаборат за намената на реставриранта црква, според кој таа би се користела...исклучиво за културните потреби на Општинското собрание и во Републиката воопшто[18]... Меѓутоа, едни се човечките планови, а наполно друг Божјиот, така што „сосем случајно"беа откриени „нови" градби во земјата. Проектот е стопиран и под раководство на денес покојниот археолог Јован Ананиев од Струмичкиот музеј и повеќе од 20 години непрекинато се одвиваат археолошки ископувања на теренот. Откриени се многу значајни работи.

Во Водоча се откриени дури две епископски бањи, а тоа се многу ретки објекти. Се граделе само при големите духовни центри, каков што бил и овој манастир низ историјата. Досега се пронајдени само неколку такви бањи во Православието, т.е. во светската цивилизација. Првата од нашите две бањи датира од IX-X век. Таа е паралелна со источната водочка црква и имало повеќе простории. Се затоплувала со систем на подно греење, исто како и другата, која потекнува од XI-XII век, а која е паралелна со средната водочка црква. Поновата бања е порасккошна и поубава од претходната која, одкако била изградена новата бања, била преиначена во работилница за производство на стакло.

Водоча се смета за најголемо археолошко наоѓалиште на керамичка пластика во светот. Пронајдени се над илјада керамички садови, богата и раскошна камена декорација на манастирот, неколку царски и епископски печати, згури на сурово железо и други предмети и реликвии што биле користени од епископот и од монасите. Епископите биле закопувани во самиот манастир, игумените покрај олтарот, а монасите до манастирот. Од XIV век, кога манастирот бил напуштен, во неговиот двор првин биле погребувани побогатите мирјани, а подоцна другите ги закопувале и своите најблиски. Од XIV до XX век, овде биле закопани над илјада покојници. Целиот комплекс располагал со монашки конаци, владичка резиденција, голема трпезарија, долга 19 и широка 5 метри, којашто била преуредувана и пренаменувана неколку пати. Конаците исто така доживеале неколкукратни промени. Манастирот располагал со неголем имот: ниви, лозја и неколку воденици.

По реставрирањето во 1982 година, била изградена и придружна зграда – конак, со замисла да служи како мотел. Но Божјиот план бил наполно поинаков. Во 1995 година на испразнетата Струмичка катедра како нов владика доаѓа Светогорецот Наум од светогорскиот манастир Григоријат. Одкако Отец Наум стана Струмички Митрополит, во целост се зафати со возобновувањето на Црквата Божја во Струмица, со што едновремено започна обновата на манастирите и на монаштвото. Најпрво го возобнови велјушкиот манастир на Воведение на Пресвета Богородица Елеуса (Милостива), а наскоро потоа одкако се создадоа услови, новото монашко братство се пресели во Водоча. Така повторно, по неколкувековен прекин, овој манастир стана епископско седиште и машки манастир, и од него како од расадник се рашири машкото монаштво – во возобновената Македонска Православна Црква, Охридска Архиепископија. Како светогорски монах и подржател на аскетско-исихастичката и еклисиолошко-евхаристиската пракса, владиката Наум го пренесе и го вгради тој дух и во целата негова епархија, а особено во манастирите. Денес манастирот е женски, а монахињите се занимаваат со иконопис

**Користена и консултирана литература:**


1 Д. Белчовски, протоѓакон, годишен зборник, Богословски факултет „Свети Климент Охридски", Скопје 1998, стр. 53

2 И. К. Заров, Византиската естетика на средновековниот живопис во Македонија од XI и XII век, Табернакул, 2003, стр. 61

3 И. К. Заров, op. cit., стр. 62

4 И. К. Заров, op. cit., стр. 20

5 Х. Јаибру, Православната Литургија, ---------- 2002, стр. 143 – 144

6 Х. Јаибру, op. cit., стр. 123, 124

7 Х. Јаибру, op. cit., стр. 123, 124

8 Х. Јаибру, op. cit., стр. 167-169

9 Й. Иванов, (на бугарски) 1970

10 Б. Панов, Македонија низ историјата, ---------- -- Скопје 1999, стр. 50

11 П. Миљковиќ-Пепек, Водоча, Скопје, 1975, стр. 20

12 Група автори, Свети Климент Охридски (916 – 1966), МПЦ, Скопје, стр. 121

13 Г. Трпчев, op. cit., (на бугарски), 1933, стр. 173

14 П. Миљковиќ-Пепеќ, op. cit., стр. 31 – 33

15 Турски документи од историјата на македонскиот народ XVI век, Скопје, 1982, стр. 82

16 П. Миљковиќ-Пепек, op. cit., стр. 36

17 Н. Мавродиев, (на бугарски) 1959, стр. 290

18 П. Миљковиќ-Пепек, op. cit., стр.



10. 09. 2017

# АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКАТА ЕПАРХИЈА СО ГОЛЕМА И СВЕЧЕНА ПРОСЛАВА ГИ ПРОСЛАВИ ГОЛЕМИТЕ ЈУБИЛЕИ

Во Рокдејл – Сиднеј (Нов Јужен Велс) во присуство на многуброен македонски народ, гости и претставници од општествената јавност, викендов беше одржана долго најавуваната прослава, по повод големите јубилеи:

**„50 ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА АВТОКЕФАЛНОСТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА (17 ЈУЛИ 1967 – 2017)“ И „26 ГОДИНИ ОД ДЕНОТ НА ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (08 СЕПТЕМВРИ 1991 – 2017)“.**

Прославата беше централна манифестација за македонската дијаспора и траеше три дена. Таа беше организирана од страна на Австралиско – сиднејската епархија со благослов на надлежниот архиереј, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј.
Прославата започна на ден 08 септември (петок) со почеток во 19:30 часот со свечена академија и банкет во Македонскиот културен центар „Илинден“, каде што многубројните гости беа почестени со многу богата научна, културно – уметничка и фолклорна програма.

На свечената академија покрај огромниот број на македонскиот народ, кој се собра од сите краишта на Австралија, присуствуваа и: преставници и свештенство од Австралиско – сиднејската епархија, преставници од Помесните православни цркви, претставници на Македонската заедница, потоа Неговата екселенција, Амбасадорот на Р. Македонија во Австралија г. Веле Трпевски, како и преставници од културниот и општествено – политичкиот врв на Австралија. Присуство на прославата зедоа и пратениците од Собранието на Австралија: г. Lou Amato (Либерална партија) и г. Stephen Jones (Социјалистичка партија).
Со пеење на молитвата „Оче наш“ и благослов од свештенството започна свечената академија, на која најпрво беше прочитано посланието на нашиот почитуван и многуценет архиереј, Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј, кој иако оправдано не можеше телесно да присуствува, сепак тој наш пастир и таа вечер беше присутен меѓу нам, со своето послание, кое го испрати до нас, како некогаш апостолот Павле кој им пишувал на Маке-



донците. (целосното обраќање на Митрополитот г. Тимотеј е објавено во овој број на списанието).
Она што е особено важно да се нагласи – е тоа што за оваа наша прослава слушнаа и останатите народи во Австралија, како и Помесните православни цркви, кои испратија свои преставници на свечената прослава да ја споделат нашата радост. Посебно Руската задгранична православна црква, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Австралиско – новозеландски г. Иларион испрати своја телеграма, која беше прочитана на прославата од нивниот преставник. Ја користиме оваа прилика јавно да им се заблагодариме за тоа дело и за искрената подршка.
Отакако беше прочитана телеграмата, свое излагање за големината на јубилеите одржа почитуваниот отец, Неговото преподобие игуменот Гаврил (Галев), кој во својот говор направи една историска рекапитулација со која на сите гости им стана јасна значајноста на настаните кои ги прославивме. (целосното обраќање на игуменот Гаврил исто така можете да го прочитате во овој број на списанието). Исто така свој говор одржа и заменик претседателот на Епархијата г. Љупчо Стефановски, кој говореше за голема улога, која ја одиграла дијаспората во овие значајни настани, како и за современите проблеми и предизвици на заедницата. Потоа на присутните им се обрати и Неговата екселенција, Амбасадорот на Република Македонија во Австралија, г. Веле Трпевски кој истакна дека македонскиот народ е не покорен народ и затоа како таков повторно се изборил за самостојна црква и држава. Веднаш потоа започна богатата културно-уметничка и фолклорна програма со Културно уметничките друштва „Илинден“ од Сиднеј и „Млада Македонка“ од Волонгонг. Свој настап пред присутните имаше и Диана Трајковски – професионален музичар, изведувач и професор по удирачки инструменти, која настапи како соло артист, преставувајќи се со едно македонско традиционално дело, кое се вика Касапско оро од виртуозот Тале Огненовски.
Утредента, на ден 09 септември (сабота) кога Светата Црква го прославува споменот на свети преп. Пимен Велики и на свети вмч. Фануриј - продолжи прославата со Света божествена литургија во храмот „Света Петка“ во Рокдејл. На Литургијата учество зедоа и му сослужуваа на игуменот Гаврил (Галев) и свештениците: протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, протојереј – ставрофор, Ѓоргија Лапоски и јереј Радојчо Митрев. На Литургијата присуствуваше многуброен верен народ. Кон присутните со слово се обрати игуменот Гаврил (Галев). Празничната радост се гледаше на лицата на присутните.
На ден 10 септември (недела) започна веќе третиот и последен ден од централната прослава. По Божествената литургија во храмот „Света Петка“, прославата продолжи на плоштадот во општината Рокдејл, каде на многубројниот народ го прославуваше Денот на Независноста на Р. Македонија. На собраниот народ им се обрати Неговата екселенција, Амбасадорот г. Веле Трпевски. Освен Амбасадорот, на присутните се обрати и заменик претседателот на Македонската православна младина на Австралија (MOYA), г. Ананија Ананиевски, кој е и член на Епархискиот црковно – просветен совет (целосното негово обраќање е сместено во овој број на списанието). Потоа започна богатата културно-уметничка и фолклорна програма со Културно уметничкото друштво „Илинден“. По што беше затворена овогодинешната успешна прослава.
Ја користам оваа прилика од наше име како Одбор за организација на прославата – да се заблагодариме на македонскиот народ, кој зеде огромно учество на сите настани и со тоа даде голема подршка на целата манифестација, како и на сите оние кои на некој начин допринесоа оваа централна прослава успешно да помине во најдобро празнично расположение и да биде запаметена како настан за паметење.
Дај Боже да си дочекаме уште многу други јубилеи и прослави. Вечна да ни е Татковината и Светата Црква.

*За многу години!*

Со почит,
Одборот за организација на јубилејната прослава



50

**50 ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА АВТОКЕФАЛНОСТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА И 26 ГОДИНИ ОД ДЕНОТ НА ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА НА Р. МАКЕДОНИЈА**





















23


21

24. 09. 2017

# КАНОНИЗИРАН ЗА СВЕТИТЕЛ – ПРЕПОДОБНИОТ АРХИМАНДРИТ ЈОАНИКИЈ ОД РАКОТИНЦИ

*др. Ананија Ананиевски*

На 24 септември 2017, кога Црквата ги прославува преподобната Теодора Александриска и преподобниот Силуан Атонски, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во сослужение со Митрополитот Преспанско-пелагониски и Администратор Австралиско-новозеландски г. Петар, Митрополитот Дебарско-кичевски и Администратор Австралиско-сиднејски г. Тимотеј, Митрополитот Повардарски г. Агатангел, Митрополитот Американско-канадски г. Методиј, Митрополитот Европски г. Пимен, Митрополитот Брегалнички г. Иларион, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, Митрополитот Кумановско-осоговски г. Јосиф и Епископот Хераклејски г. Климент на МПЦ-ОА, чиноначалствуваше на Божествена литурургија во Соборната црква во Скопје, на која во списокот на светиите беше впишан преподобниот Јоаникиј Ракотински.

На архиереите им сослужуваа голем број на свештенослужители, а присуствуваше многуилјаден народ Божји, кој пристигна од сите краишта на нашата држава, но и од соседните земји, со цел да учествува во радоста на објавувањето на светоста на преподобниот наш отец Јоаникиј, да се поклони пред неговиот кивот, и да ги целива неговите свети мошти.

Светиот Јоаникиј ќе биде литургиски прославуван на 24 јануари, денот на неговото упокојување, а во наредниов период неговите свети мошти ќе бидат изложени во Соборната црква „Свети Климент Охридски", во Скопје, така што верните ќе можат да му оддадат почит, и да просат молитвено застапништво од него.

*Свети Јоаникие, моли Го Бога за нас!*







“

НЕ ВРЕМЕТО И ОКОЛНОСТИТЕ ГИ ПРОВОЗГЛАСУВААТ СВЕТИИТЕ, ТУКУ БЛАГОРОДСТВОТО НА СОВРШЕНАТА И НЕЛИЦЕМЕРНА ЉУБОВ КОН БОГА

”

Така запиша во синаксарот од богослужбата за Преподобниот Јоаникиј, химнографот на Великата Христова Црква, сепреподобниот јеромонах Атанасиј Симонопетрски.





*Централна прослава во Охрид по повод големиот и значаен јубилеј:*

# „50 ГОДИНИ ВОЗОБНОВЕНА АВТОКЕФАЛНОСТ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА КАКО МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА“

*„...Но печалната и мрачна пустиња ми изгледаше светол, радостен, земен рај, кога низ умо ми минуваше во каква состојба се наоѓа мојата татковина, а посебно мојата Струмица, како ги гледаш нашите попови до еден како служат на грчки, а не знаат ниту една грчка буква: ги гледаш во црквата како зборуваат „кириелејсон“ а пак не знаат што зборуваат, а за другите заблуди од таквите простотии да не зборувам, бидејќи не сум во состојба да ги набројам. За сето ова е криво укинувањето на Охридската архиепископија. Кога се сетам, проливам горки солзи и самиот си зборувам: Господи не сакаш ли некогаш да се смилостивиш и над нашиот народ и да го избавиш од таа окајана служба, откако му ја вратиш неговата црква...“*
*(извадок од писмото на Антим Ризов - Зографски, голем македонски интелектуалец на XIX век).*

Овој извадок на струмичанецот Антим Ризов, заедно со Прличевата „1762 лето“, од Охрид па до Струмица, и горе на север и долу на југ,го отсликуваат гласот на измачениот македонски народ, кој жеднеел за своја црква и држава. Свеста за возобновувањето на Охридската Светиклиментова архиепископија во овие години на XIX век, силно се развивала кај македонската интелегенција, но и кај сиот македонски народ. Свесни дека само возобновувањето на славната Охридска столица ќе биде единствениот гарант за идентитетот на македонскиот народ, нашите преродбеници се бореле на секој можен начин да ја промовираат идејата за возобновување на Светиклиментовата црква, за што, неминовно, поднесувале и големи жртви. Но, овие жртви биле семето за раѓање на нови маченици и херои, кои беспоштедно и со сета сила ќе се борат за своја црква. Такви херои биле и учесниците на Третиот црковно – народен собор од 1967 година, кои конечно успеале да ја реализираат оваа долга и мачна борба на македонскиот верен народ. Слушајќи го гласот на паствата, на својата заедница (Црква), учесниците на овој собор носат историска одлука за возобновување на славната Охридска архиепископија, во лицето на Македонската православна црква. Со тоа, не само што се исправува долгогодишната неправда кон македонскиот народ, туку конечно верниот народ добива свештенство кое ќе го поучува на вистините на православната вера на свој мајчин јазик, а нема да се занимава со каква и да е туѓа пропаганда.
По Педесет години од донесувањето на оваа одлука, седиштето на Охридската архиепископија беше местото каде што се собравме да го прославиме овој голем Јубилеј за нашата света Македонска православна црква. Прославата на Јубилејот започна на 30 септември, со Воскресна вечерна богослужба, во манастирот „Св. Климент и Пантелејмон“ на Плаошник во Охрид, на која што чиноначалствуваше Неговото Преосвештенство Епископот Хераклејски г. Климент, во сослужение на архимандритите Нектариј и Јаков, свештеникот Ѓорѓи Блажевски, протоѓаконот Саше Ристов и ѓаконот Христијан Костоски. По завршувањето на Вечерната богослужба, се одржа свечена духовна академија во катедралниот храм „Св. Софија“ во Охрид, на која покрај прекрасните изведби на хорот „Св. Климент Охридски“ од Скопје, збор зеде и Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан.
Торжествата продолжија утредента, на 01 октомври, кога беше отслужена света архиерејска Литургија, на која чиноначалствуваше Архиепископот Стефан, во солужение на Митрополитите Тимотеј, Петар, Агатангел, Методиј, Пимен, Иларион, Јосиф и Јосиф, Епископот Климент, архимандритите Нектариј, Никола, Григориј и Јаков, протоереј-ставрофорите Спасе Стефановски, Ѓорѓи Кацарски, Стојче Ристевски, Јован Таковски, Ацо Гиревски, Никола Грамбозов, Никола Христоски и Игор Никовски, игуменот Агатон, протоереите Кирко Велински, Васко Голабоски и Маријанчо Мадески, свештеникот Ѓорѓи Блажевски, протоѓаконите Ратомир Грозданоски, Саше Ристов, Николче Ѓурѓиноски, Влатко Стојменов и Драган Ѓорѓиевски и ѓаконите Александар Димитријов и Христијан Костоски. По завршувањето на Литургијата, Митрополитот Повардарски Агатангел се обрати кон многубројниот верен народ со пригодна беседа.

Охрид
01. 10. 2017
Собор на сите македонски светители





# ИГУМЕНОТ ГАВРИЛ (ГАЛЕВ) БЕШЕ ПРОИЗВЕДЕН ВО АРХИМАНДРИТСКИ ЧИН

На 10. 11. 2017 година, кога Светата Црква го слави споменот на светата Параскева Икониска, Неговото Високопреосвештенство митрополитот Струмички г. Наум во сослужение на Неговото Високопреосвештенство митрополитот Тетовско – гостиварски г. Јосиф и на надлежниот епархиски архиереј на Кумановско – осоговската епархија, Неговото Високопреосвештенство митрополитот г. д-р Јосиф служеше Бдение со Света Златоустова Литургија во манастирот „Свети Ѓорѓи“ во Куманово.

На Божествената Литургија, во Архимандритски чин беше произведен Игуменот на манастирот „Свети Климент Охридски“ во Кинг Лејк (Мелбурн), отецот Гаврил (Галев), а верниот народ кој со своето Достоин го потврди ова ракопроизведување се причести со Светите Христови тајни.

Информативната служба и Епархискиот црковно-просветен совет (ЕЦПС) при Австралиско – сиднејската православна епархија, од свое име, од името на целата Епархија, од чесното свештенство и верниот народ на Високопреподобниот Архимандрит Гаврил (Галев) му го честита новиот чин и му посакува уште многу успеси во мисијата на Македонската православна црква на Австралискиот континент.





# MACEDONIAN ORTHODOX YOUTH OF AUSTRALIA MOYA SEMINARS, THROUGHOUT THE YEARS

*Daniela Zatarkoska*

The many purposes of MOYA are to organize and attend spiritual journeys, socialize in activities and meet new people. However, the main purpose of MOYA is to enlighten the soul through religious education. MOYA has been most recognised for the annual MOYA seminar organised every year, where a large number of Orthodox faithful who would come from across Australia to learn about their faith. These seminars were organised by the youth who would organise lectures, presented on a particular theme by Orthodox clergy in Australia. Each year, this two day event would see youth participating from across Victoria and interstate for an opportunity to gather and grow spiritually. On the last day of the seminar the youth had the opportunity to also meet socially and get to know one another through outings organised around Victoria.

In the first year, the seminar was organised on the 22nd-23rd September 2007, on the topic of the ***'Orthodox Life'***. Bishop Petar was present as guest speaker and introduced the topic to the participants on the day. Abbott Gavril Galev spoke on 'Spiritual life in Christ' and special guest speaker Sister Virginia spoke on the 'Kingdom in the Liturgy'. This initial seminar was the beginning of what would be an annual event organised by the youth to promote spiritual growth and enlightening of the soul of those present. On their first journey, down from Sydney the youth who participated in this event stated, ***'at arrival) our first impressions were that it was very peaceful and beautiful…. the nature breathtaking'*** *(St Prohor Pchinski Monastery)*. This year the experience included a day trip by the youth to a number of the Macedonian Orthodox Churches in Victoria. Every year many of the faithful donated



the meals provided which consisted of some traditional meals to be shared following the church services and at the end of the seminar.

The faithful also provided accommodation for those who would travel from interstate and every year it became a bonding experience for the youth to form deeper connections through their faith. The youth would also arrange for unique handmade gifts to be made prior to the seminar and would hand these gifts out to the those present. In the first year the seminar was organised, it also gained support from prominent special guest Mr Harry Jenkins MP, who attended the session and provided a brief speech to the attendees.

The second annual seminar was organised by MOYA on the weekend of the 12th – 14th of September 2008. Over the 3 days, the youth were involved in several activities that reflected togetherness and spirituality. A teaching was held on the topic of ***'The Cross of Jesus - the spring of our salvation'.*** Bishop Petar spoke as fist speaker directly to the youth and the rest of the guests. Also, Abbott Father Gavril gave spoke in reference to The Cross of Jesus through the 3 stages of spiritual life. There were also special guest's presentations from Father Gligor from the Macedonian Church and Sister Virginia from the Antioch Orthodox Church, who gave their own teaching in accordance to the topic. Father Gavril spoke on the three levels of spiritual life; cleaning the heart of the passions, illumination of the mind and sanctifying of all personality of the human.

ABBOTT GAVRIL STATED

*"God is kind and He always gives us appropriate remedy to heal our ill soul, mainly through the following two ways. Firstly, through the effort to clean the heart, voluntarily to carry the Cross in every deed of obedience by fasting, bowing, regular attendance and standing when the Holy Liturgy ….the deed in prayer etc…unwanted suffering and pain when carrying the Cross not for our desire but God's desire, in peaceful suffering of all temptations given by God." "Our only goal on this earth is to get to the Heavenly Kingdom and to live for the life to come." We shouldn't take care too much of this temporary, materialistic, corruptible world that lays in evil because its master is the antichrist with his fallen angels (demons) under the heaven. We should despise it, lift our hearts toward God in Who is all our hope and become humble and deny ourselves, to get our Cross and follow Christ – our only Lord and God and Savoir. We waste our time in self-justification, fantasy, delusion and darkness. We have nothing to wait and lose. We should give up from our sinfully "me", take our Cross and follow Christ. "*

The following year on the 24th-25th October 2009 the seminar was organised on the topic of 'Holy Liturgy'. On this topic, His Eminence Bishop Petar introduced the topic of the Holy Liturgy and it was continued by further discussions by Father Gavril Galev, Father Mile and Father Gligor. On this particular evening after dinner, Abbot father Gavril and the youth gathered to view a documentary about Macedonian monasteries. The evening ended with an interesting and spiritual synaxis where Father Gavril expressed the importance of forgiveness. He mentioned that in order for our sins to be forgiven, we must first forgive the sins of others, as said in the prayer 'Our Father,' "...and forgive us our trespassers, as we forgive those who trespass against us." In its entirety, the seminar brought forth the true meaning of spiritual unity through love and prayer to our Lord Jesus Christ. A Holy Divine Liturgy was also served on Sunday, following the liturgy the group alongside Abbot father Gavril went on a day trip to the beautiful Botanical gardens.

In 2010, the fourth seminar was organised as part of the Whittlesea Councils 'National Heritage Week'. The topic 'Byzantine Iconography'Painting demonstration was held on Saturday 14th August 2010. This year the event was held locally at the Thomastown Library and was presented by Abbot Gavril and his iconography students from the St Prohor Pchinski monastery. Under the instructions of abbot Gavril an Icon painting School, titled St. Theophilus of Strumica was established at the Monastery of St Prohor Pchinski. This year the event gathered a number of people from the wider Australian community who attended the session to learn about the Orthodox faith and the meaning of icons. It was an opportunity for the youth to share their paintings as well as promote their experiences in learning the true meaning of the art of icon writing. "Icon writing does not simply rely on technical skills but also spiritual growth and prayer."

The following year, in celebration of five years of MOYA, a seminar was organised at the St Prohor Pchinski Monastery on the topic of 'The Temptations in the modern world and the Orthodox psychotherapy' on the 10th September 2011. Bishop Petar opened the topic with the topic on 'The priest as a spiritual healer (doctor) of our souls', Very Rev Gligor Kiselinov spoke on the 'The Orthodox Psychotherapy', Abbot Gavril spoke on 'The temptations of the modern world' and Dr Genadij Baksheev who is also a Sub Deacon of the Russian Orthodox Church spoke on the topic of 'Healing the soul: Is secular & Orthodox Psychotherapy complimentary?'

Dr Baksheev stated Saints. These things are the building blocks that we need to establish a spiritual life, these things will draw us closer to God, they will strengthen us to fight the many temptations that come along our way in the modern world, and they will also help us overcome any mental illnesses we may also be experiencing.

On the 25th & 26th August 2012 the annual seminar was held on the topic of 'Marriage & the Upbringing of Children'. Special guests included His Eminence Metropolitan Peter who spoke on the topic of 'Marriage as a community and raising children in it', Father Mile who spoke on the topic of 'Marriage as serving God', Abbot Gavril Galev on the topic of 'The modern marriage, the admiration of children and the temptations of today, and Very Reverend Father Gligor on the topic of 'The Orthodox Worldview of Marriage". The program of this seminar began early in the morning on August 25, 2012, with Divine Liturgy in the church of the monastery St. Prohor Pchinski, on which the faithful partook of the Holy Gifts of Christ. After the Liturgy, all present walked through the monastery, where they got the opportunity to absorb the sounds of nature and admire the early signs of spring. Abbot Gavril from the monastery St. Prohor Pchinski gave the introductory part and presented the guests. After the evening meal, the



youth watched the documentary of 'Life of St. John Maximovich'. After that, a discussion about the life of St. John Maksimovich (Bitola) was developed, and Abbot Gavril answered all the questions by the youth with which the first day of the seminar was finished. After two successful days, filled with indescribable grace and love, the sixth seminar of MOYA ended. Special gratitude to the honourable guests who took the time to make this day so rich and fulfilled. This year the seminar had another special guest Cr. Stevan Kozmevski, the Mayor of Whittlesea who attended the event and spoke on the benefits of 'unity within the community'.

The seventh seminar of MOYA, was marked on 17 and 18 August 2013, this year again held at the monastery of St. Prohor Pchinski in Donnybrook. The theme for this year's Seminar was: "The Holy Mysteries - the basis of the Orthodox life. At the airport with smiling faces the youth greeted this year›s guests, and again the grace from the Lord is felt through the new friendships that are being formed, the old ones that are being held, and the wisdom gathered from these two days that will illuminate our way to the next meeting. After the Liturgy, friendly discussions were had with Bishop Petar, Abbot Gavril, the clergy and the young people greeting each other and meting those who did not know each other. Then the educational part of the seminar began with Abbot Gavril from the monastery St. Prohor Pchinski introducing the seminar on behalf of the MOYA. Abbot Gavril, on behalf of the youth, also donated to His Eminence, Peter, a robe, Omophorus and epitrashil.

The first speaker of this seminar was Bishop Peter on the theme of the Seminar: "The Sacraments - the basis of the Orthodox life". He also blessed the hand-made bookmarks created by members of the MOYA, which he gifted to all present. Second speaker was Fr. Mirko Pesovski, an elder of the cathedral of the Birth of the Most Holy Mother of God on the topic "On the sacrament of repentance, confession and Holy Communion". Third speaker was brother George Dimovski, who could not attend due to obligations but was kind enough to send his text "For the Holy Mother's Marriage" read by Elena Todorova. The lecturers ended with presentation from the Abbot of the Monastery, Fr. Gavril on the topic of "The essence of the Holy Mysteries, their practicality and action in life". Later the youth exchanged opinions and impressions about the lectures of this day. After a delicious dinner, they all thanked the Lord with the presence of the evening service after which the evening was filled with smiles, chatter and playful hearts among all members. On Sunday, the day began with Divine Liturgy, to which we all gathered together in the name of the Lord, and all who were ready partook of the Holy Gifts. After lunch, the youth along with members of Sydney, discovered the beauties of Melbourne, visiting the National Art Gallery of Victoria, where they could also see a collection of Orthodox icons from the 17th and 18th centuries. A walk through the streets of the city centre filled with new experiences, and discussions about their understandings of their faith, whilst tasting the best coffee Melbourne had to offer.

On Saturday, the 26th of July 2014, with the prayers of St. Archangel Gabriel, whose memory was commemorated that day, and the prayers of St. Prohor Pchinski, the eighth MOYA Seminar was held in the monastery of St. Prohor Pchinski. The day started with a prayer and Holy Communion during the Holy Liturgy and after that we continued with the planned presentations. The topic of discussion was current and very attractive for those who attended. It was discussed about the "Orthodox view of the Satanism and occultism", which are the source of fortune telling, sorcery, magic, astrology and other Eastern cults. It was also discussed about how those phenomena affects people, especially those who are not spiritually enlightened and under the guidance of their spiritual father. The Bishop Peter was the first to speak. He gave crucial explanation and historical interpretation of the fallen spiritual world, whose leader is the Satan, and he spoke about Satan's methods to influence the people who are not spiritually awakened and do not live an Orthodox Christian life in obedience, prayer and fast. Father Gligor Kiselinov put an accent to the God's warning in both the Old and the New Testament against practicing and seeking help trough occult activities, as sorcery, fortune telling and magic, and against abuse of the holy objects – icons and crosses, in order to gain personal benefit. The abbot of the monastery, Father Gavril, addressed a modern topic, of the subliminal messages and their impact on peoples' sub consciousness. Those

subliminal messages are rich with occult, masonic and sexual symbols, especially in the popular music videos and the animated movies for children. Their goal is to influence human's psyche and direct the human to accept different perversions and satanic messages. He also emphasized the need of special parental care for the proper raising of the children against the negative influence of modern cartoons and video games on children's development. The last presenter was Argireta Ateva from the Macedonian Orthodox Youth group. She had a video presentation about the occultism in the parapsychology. She accentuated that the possibility to communicate with the spiritual world is achievable, but is extremely dangerous for human's life and soul. It is dangerous because people who are not enlightened by God's grace can lose themselves in the satanic delusion and start living possessed by the demonic power. The skill to recognize if these spiritual phenomes come from God or from the Satan is given only to those who are enlightened – the saints. The interest for this seminar is increasing each year with not only the young people, but also the elderly population wanting to learn about the genuine Orthodox teachings and life. Distinguished guests of the seminar were the Consul General of the Republic of Macedonia Ms. Beti Korunovska and her spouse. At the end of the seminar a thanksgiving prayer was offered to God.

In 2016, MOYA celebrated its 10 Year Anniversary and was grateful to God to celebrate this event. It was an opportunity to take the time to reflect on 10 years together, to acknowledge those who had supported the youth and to motivate themselves to continue to grow in the faith together. In celebration of a decade of MOYA, as an organisation an event was held on the 19th November 2016 at Northcote Town Hall. This year the event also had attendees from the faithful youth from other jurisdictions of the Orthodox faith, which MOYA hopes to continue to develop these relationships. All the successes that have happened over the past 10 years is a tribute to the time and dedication Father Gavril had provided the group. Father Gavril always supported the youth to firstly grow on a spiritual level, but also in doing social activities and projects that reflected the Orthodox faith. This year the youth thanked all those who supported them along the years and acknowledged Abbott Gavril specially with a gift of a 'caricature' of him with many of the youth.

*Glory to God for everything.*

# КОЕ Е ЗНАЧЕЊЕТО НА МОЛИТВАТА, ЗОШТО И КАКО ТРЕБА ДА СЕ МОЛИМЕ?

*Архимандрит Гаврил (Галев)*

Молитвата е неопходна за секој човек. Таа за душата е исто како и воздухот за телото. Ние сме психофизичко битие што значи покрај тоа што треба да се грижиме за телото, треба да се грижиме и за душата. И тоа многу повеќе затоа што, телото, заради гревот, мора да претрпи распаѓање, а душата е таа што продолжува и понатака да егзистира (постои).

Молитвата е (пре)давање, непрестаен подвиг и помирување со Бог. Заедница и разговор со Него. Кога се молиме ние разговараме со нашиот Цар кој истовремено ни е и пријател. Со стравопочит и достоинство, слободно, тивко, без брзање, со внимание и одбрани зборови.

Најпрактично е молитвата да се изговара полугласно или како во шепот, осамени, може и во затемнета соба со бројаница. Тоа помага најмногу за концентација, за да не ти лута (шета) умот по предметите од просторијата.

На подвигот на духот (молитвата) потребно е да му соодејсвува и телото. Да се стои неподвижно, односно да не чуствува удобност, туку блага болка од стоењето. Исто треба да се прават и метании (длабоки поклони). Секако, ако сме многу изморени, може и во седечка состојба да ја кажуваме молитвата. Светите Отци практикувале и посебни техники за неа ама тоа е за посовршените.

Ќе се обидам да ти најдам некој добар текст или линк да си прочиташ за неа. Од тоа што сега ми доаѓа на памет, нашиот дедо Наум многу убаво пишува за молитвата. Исто, ако најдеш текст од современите старци Јосиф Спилеот Исихастот, Ефрем Филотејски и Аризонски, Порфириј, Пајсиј... Добар е и старец Софрониј Сахаров од Есекс, исто така и Митрополитот Антониј Блум.

Но, пред сè, неопходно е да си имаш духовен Отец, раководител, од кого ќе добиеш молитвено правило кое се состои од одредени секојдневни молитви, и читање на Светото Писмо, преку денот. Да го започнеме денот со молитва и навечер пред легнување да го завршиме денот со молитва. Исто така преку денот да си ја кажуваш претежно Исусовата молитва „Господи Исусе

Христе, помилуј ме грешниот (грешната)“ и да читаме од Светото Писмо, житијата на светиите и делата на светите отци. Молитвеното правило е индивидуално и за секој различно во взаемен договор со духовниот отец.
Тоа е за значението, потребата и практиката на молитвата.
Господ и Богородица со тебе!

# WHY WHAT IS THE MEANING OF THE PRAYER, AND HOW WE HAVE TO PRAY?

*Father Gabriel (Galev)*

Prayer is necessary for everyone. It is for the soul as air is for the body. We are physical and psychic beings, so besides caring for the body we need to care for the soul too. Caring for the soul is even much more important, because, the body, due to sin, has to undergo corruption and decay, and it is the soul that continues into existence (being).
Prayer is giving, a continuous struggle and reconciliation with God. It is a communion and a conversation with Him.
When praying we talk to our King who is at the same time our friend. With awe and dignity - freely, quietly, with no rush, attentively, with chosen words. It is the most convenient to say the prayer in half voice or in whisper, alone, preferably in a darkened room with the help of a prayer rope. It helps our concentration so that the thoughts won't wander about the objects in the room.
The struggle of the spirit (prayer) needs help from the body. To stand still, that is to feel not comfort but a slight pain standing. It is also advisable to make prostrations (deep bows). Certainly, if we are exhausted, we can say the prayer while in a sitting position. The holy Fathers also used special techniques in their prayer practice, but this is for the more advanced,
I will try to find you a good text or a link to read about prayer. I can now think of the writings of our elder Naum who writes very well about prayer. You can also find texts on prayer by the contemporary elders Joseph Spilaioti the Hesychast, Ephraim of Philotheou and Arizona, elder Porphyrios, elder Paisios... Also elder Sophrony of Essex and metropolitan Antony Bloom are good authors on prayer.
But, above all, it is necessary to have a spiritual father, a guide, from whom you get a prayer rule which consists of certain prayers and readings of the Holy Scriptures, on a daily basis. Let us start our day with prayer and in the evening before we go to bed, let us end our day with prayer. Also, during the day you say mostly the Jesus prayer "Lord Jesus Christ, have mercy on me sinner" and read form the Holy Scriptures, the lives of the saints and the works of the holy fathers. The prayer rule is specific and different for different people but it needs to be mutually agreed on with the spiritual father.
This is about the meaning, the need and the practice of prayer.
May the Lord and the Theotokos be with you!





# КОЈ НИ Е БЛИЖЕН?

*Свети Јован Кронштатски*

Ближен треба да го сметаме секој човек, кој и да е, макар и непријател, а особено кога му е потребна помош. Заради стекнување на вечен живот треба да се почитуваат двете најважни заповеди - љубов кон Бога со сето срце и кон ближните.

Да се љуби ближниот како себе, значи да се почитува како себе, ако тој, сепак е достоен за тоа. Да не се мисли за него недостојно и ниско, а тој не дал повод за такво нешто, да не се чувствува кон него никаква злоба, да не му се завидува, туку секогаш да се биде добронамерен, да се биде толерантен кон неговите недостатоци и слабости, да се покриваат неговите гревови со љубов, како што сакаме другите да ги толерираат нашите недостатоци.

*ОДНЕСУВАЈТЕ СЕ ЕДЕН КОН ДРУГ СО ЉУБОВ – вели апостолот*

*НЕ ВРАЌАЈТЕ ЗЛО ЗА ЗЛО, ИЛИ ХУЛА ЗА ХУЛА (1. Петр. 3,9).*

*ЉУБЕТЕ ГИ НЕПРИЈАТЕЛИТЕ СВОИ, БЛАГОСЛОВУВАЈТЕ ГИ ОНИЕ ШТО ВЕ КОЛНАТ, ПРАВЕТЕ ИМ ДОБРО НА ОНИЕ ШТО ВЕ МРАЗАТ (Матеј 5,44).*

*АКО НЕПРИЈАТЕЛОТ ТВОЈ Е ГЛАДЕН, НАХРАНИ ГО; АКО Е ЖЕДЕН, НАПОЈ ГО (Рим. 12,20).*

Да се љуби ближниот како себеси значи да се моли за живите и за мртвите, за роднините, за познатите и непознатите, за пријателите и за непријателите - сеедно, како за себе, и да им се посакува само добро и спасение на душата, колку и на себе.

# УТРИНСКА МОЛИТВА

Разбуди се без мрзливост,  расони се и,
станувајќи од постелата своја, речи:

Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух; сега, и секогаш и во сите векови. Амин.

Потоа постој малку молчејќи, додека не се смират сите твои сетила и тогаш направи три поклони, глаголајќи:
Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот!
Потоа: Господи Исусе Христе, Сине Божји, поради молитвите на Твојата Пречиста Мајка, и сите светии, помилуј нѐ. Амин!
Слава Ти, Боже наш, слава Ти.

Цару небесен, Утешителу, Духу на вистината, Кој си насекаде и сѐ исполнуваш, Ризницо на добрини и на живот Подателу, дојди, всели се во нас, очисти нѐ од секаква нечистотија и спаси ги, Благи, душите наши.

Свети Боже, Свети Крепки, Свети Бесмртни, помилуј нѐ.
(трипати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во сите векови. Амин.

Пресвета Троице, помилуј нѐ; Господи, очисти ги нашите гревови; Владико, прости ги нашите беззаконија; Свети, посети нѐ и исцели ги нашите немоќи, заради името Твое.

Господи, помилуј! (трипати)

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во сите векови. Амин.

Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое, да дојде царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата. Лебот наш насушен дај ни го денес и прости ни ги долговите наши, како што им ги проштеваме и ние на нашите должници и не воведувај нѐ во искушение,
туку избави нѐ од лукавиот.



ГОСПОДИ ИСУСЕ ХРИСТЕ ПОМИЛУЈ МЕ ГРЕШНИОТ


*Издава:*
Епархиски црковно – просветен совет на Австралиско – сиднејска епархија

*Главен и одговорен уредник:*
Митрополит Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј

*Технички уредник:*
Архимандрит Гаврил (Галев)

*Уредувачки одбор:*
протојереј – ставрофор Ефтим Бетински, протојереј Чедомир Илиевски, Кире Циревски, Јовица Ѓорѓовски, др. Ананија Ананиевски

*Соработници:*
Силвана Ѓоргиев, Даниела Затаркоска

*Лектор:*
Наташа Деспотовска - Димитриевска

*Графички дизајн:*
Ангел Мицевски
angelmicevski.com

**mpcaus.org**

**pravoslavie@mpcaus.org**